ЛГБТИ

ЛУЃЕ ШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ/ЧКИ

ЛУЃЕ ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**2017**

# СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Уредничка: Драгана Дрндаревска

Коалиција
МАРГИНИ

Скопје
2018

# Содржина


**I. Политики за ХИВ и прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ** **13**

1. Македонија го презема финансирањето на програмите за ХИВ за маргинализираните заедници 14

2. Загрозен континуитетот на услугите за ХИВ поради бавни административни процедури во министерството за здравство 21

3. Националната стратегија за ХИВ 2017–2021 чека усвојување повеќе од половина година 23

4. Истражување меѓу заедницата: стигмата и дискриминацијата кон луѓето што живеат со ХИВ сè уште се најголемата пречка при остварувањето на нивните права 25

5. Прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ 29

5.1. Навреди и вознемирување врз основа на сексуалната ориентација и ХИВ-статусот во здравствените установи 29

5.2. Спорно наплатување долгови за здравствени услуги на луѓе што живеат со ХИВ 31

6. Доминира сензационалистичкото известување и дезинформирање за ХИВ 35

6.1. Употреба на погрешна и несензитивна терминологија 37

6.2. Репродукција на стереотипи и предрасуди за ХИВ во медиумите 39

6.3. Отсуство на содржини со точни и современи информации за ХИВ 41

6.4. Институтот за јавно здравје користи погрешна терминологија при известувањето за епидемиолошките состојби со ХИВ 43

7. Истражување: Расположливоста на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ и пристапот до нив за младите од клучните популации засегнати од ХИВ 45

8. „Погледни од моја страна“ – кампања на заедницата на луѓе што живеат со ХИВ 47

**II. Преглед на состојбите со прекршување на правата на луѓето што употребуваат дроги** **49**

1. Прекршувања на човековите права на луѓето што употребуваат дроги 50

1.2. Дискриминација кон луѓето што употребуваат дроги 51

1.2.1. Продолжува дискриминаторската практика на ЈЗУ Стоматолошка клиника кон луѓето што употребуваат дроги и кон луѓето што живеат со ХИВ 51

1.2.2. Утврдена дискриминација од страна на ЈЗУ Здравствен дом – Куманово поради неиздавање лекарско уверение за возачки испит на лице на метадонска терапија 53

1.2.3. Судот не ја препознава дискриминацијата кон луѓето што употребуваат дроги во работните односи 55

1.2.4. Дискриминација на лице што употребува дроги во работните односи благодарение на незаконско и тенденциозно постапување на полицијата 56

1.3. Полициска бруталност кон лицата што употребуваат дроги 58

1.3.1. Полициска бруталност, нечовечко и деградирачко однесување на полицијата кон лице што употребува дроги 59

1.4. Повреда на правото на лекување и загрозување на правото на живот на луѓето што употребуваат дроги и излегуваат од затвор 62

1.5. Непостоење програма за лекување деца што употребуваат дроги – повреда на правото на лекување и правото на живот 64

1.6. Продолжува практиката на кривично гонење на луѓе што поседуваат канабис за лична употреба 65

2. Истражување меѓу заедницата: Социјалната заштита и стигмата од околината се приоритетни прашања за луѓето што употребуваат дроги 67

**III. Преглед на состојбите со правата на сексуалните работници 73**

1. Сексуалните работници се жртви на насилство од стана на клиентите, трети лица и од страна на полицијата 74

2. Барање за ревизија на пресудата на Апелациониот суд во случајот „Сузбивање на улична проституција“ 77

3. Истражување во заедницата: системот на социјална заштита е непристапен за сексуалните работници 80

4. Истражување: Потребите на младите сексуални работници од здравствени и социјални услуги 85

5. Истражување: Животни стилови на сексуалните работници 87

6. Денови против насилство врз сексуалните работници 90

7. Десетти Марш на Црвениот чадор 92

8. Зајакнување на заедницата на сексуалните работници 93

**IV. Преглед на состојбите со правата на ЛГБТИ-луѓето 95**

1. Неказнивост на насилството мотивирано од омраза врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет 96

2. Документирани случаи на насилство и повреда на правата на ЛГБТИ 98

3. Претставување теми поврзани со ЛГБТ-заедницата во медиумите 101

4. Случаи на дискриминаторски говор и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во медиумите 103

4.1. Случај: Креирање морална паника во однос на активности на ЛГБТИ-организација 104

4.2. Случај: Медиумска манипулација со наводни истражувања кои докажуваат дека е хомосексуалноста болест 105

4.3. Случај: Манипулативно поврзување на прашањата за правата на албанската заедница во Македонија со прашањето за правата на ЛГБТИ-заедницата 107

4.4. Случај: Новинарка во дебата фаворизира ставови што ја дефинираат хомосексуалноста како болест 109

4.5. Случај: Медиумско претставување на хомосексуалноста како одвратна и перверзна дегенерација 112

4.6. Случај: Медиумско поврзување на хомосексуалноста и педофилијата 114

5. Состојба со правата на трансродовите луѓе воnРепублика Македонија 117

5.1. Неизвесност и правни лавиринти во постапките за правно признавање на родот 117

5.2. Системски решенија за надминување на проблемите со правното признавање на родот: учиме од најдобрите практики 119

5.3. Унапредување на здравствените права на транслуѓето 122

5.4. Неказнивост на насилството и дискриминацијата кон транслуѓето 123

6. Премиерот Зоран Заев ја отвори прославата на петтиот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка 126

7. Новиот нацрт-закон за спречување и заштита од дискриминација ја содржи сексуалната ориентација и родовиот идентитет 127

8. Проценка на знаењето, ставовите, практиките и потребите на пратениците во Собранието на Република Македонија во врска со човековите права на ЛГБТИ-луѓето и заштитата од дискриминација 129

9. Ставот на пратеникот Бранко Маноиловски за истополовите бракови – повод за говор на омраза кон ЛГБТИ-луѓето 133

10. Хомофобија во кампањата за локалните избори од кандидатот за градоначалник Стевчо Јакимовски 137

11. Викенд на гордоста во Скопје и во Тетово 139

**V. Дискриминаторски содржини во учебниците 141**

1. Утврдена дискриминација во учебници за основното и за средното образование 142

2. Дискриминаторските содржини во високото образование сè уште се горлив проблем 145

2.1. Учебници по психологија и социјална патологија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј 148

2.2. Учебници по психологија и психијатрија на Државниот универзитет во Тетово 150

2.3. Учебникот „Криминалистичка психологија“ од Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола 151

2.4. Учебникот „Значењето на бракот: семејството, државата, пазарот и моралот“ на Универзитетот Св. Кирил и Методиј 152

2.5. Скриптата „Личност“ на Универзитетот Св. Кирил и Методиј 155

**VI. АНЕКСИ 159**

1. Правни потреби и пристап до правда за луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија 160

2. Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилство врз жени и семејно насилство (Истанбулска конвенција) 164

# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **АВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| **ДОМ** | Демократска обнова на Македонија |
| **ДУИ** | Демократска Унија за интеграција |
| **ДУТ** | Државен Универзитет Тетово |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **Заедно посилни** | Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија, Заедно посилни |
| **ЗСЗД** | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **КЗ** | Кривичен закон |
| **КЗД** | Комисија за заштита од дискриминација |
| **КПД** | Казнено-поправен дом |
| **ЛГБТИ** | Лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуалци |
| **ЛИД** | Луѓе што инјектираат дроги |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работни |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МТСП** | Министерство за труд и споцијална политика |
| **СВКПС** | Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди |
| **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| **СИДА** | Синдром на стекната имунодефициенција |
| **СР** | Сексуални работници/чки |
| **СРЗ** | Сексуално и репродуктивно здравје |

| | |
|---|---|
| **СТАР-СТАР** | Граѓанската иницијатива за промоција и унапредување на правата на сексуалните работници СТАР-СТАР |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Организацијата на обединетите нации |
| **УКИМ** | Универзитет Св. Кирил и Методиј |
| **УКЛО** | Универзитет Св. Климент Охридски |
| **ХЕРА** | Асоцијација за здравствена едукација и истражување- ХЕРА |
| **ХИВ** | Вирус на имунолошки недостаток кај човекот (Human Immunodeficiency Virus) |
| **ХОПС** | ХОПС Опции за здрав живот Скопје |
| **ХЦВ** | Хепатит Ц |

## Резиме

Политичката криза околу неизвесноста за формирање на ново парламентарно мнозинство и влада, насилствата во парламентот и меѓупартиските преговори ја одбележаа првата половина од 2017 година. Во ваква атмосфера немаше можност од застапување и преземање конкретни мерки за унапредување на сексуалните и на здравствените права на маргинализираните заедници. Граѓанските организации беа во исчекување на епилогот од политичката криза, со цел конечно започнување на промени, реформи, но и преземање итни мерки за гарантирање на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници.

Една од итните и неопходни потреби на маргинализираните заедници беше и разрешување на проблемот со скратувањето на буџетот за ХИВ и затворањето на програмите за превенција, од кои зависат активностите на повеќето здруженија што се застапуваат за унапредување на правата на луѓето што употребуваат дроги, луѓето што живеат со ХИВ, сексуалните работници и ЛГБТИ. Во летниот период некои од програмите за намалување на штетите од употребата на дроги и превенција од ХИВ веќе започнаа да се затвораат, со што голем број припадници на маргинализираните заедници беа лишени од услуги од кои директно зависи нивното здравје и живот. Сепак, конечно, на 5 септември Владата на Република Македонија ја донесе одлуката со која се обезбеди одржливост на програмата за ХИВ за 2018 г., па така, буџетот за 2018 г. изнесува 95 милиони денари, што е 3,5 пати повеќе од буџетот за 2017 г., кој изнесуваше само 27 милиони денари. Во однос на правата на луѓето што живеат со ХИВ, и во 2017 година се документираа прекршувања на здравствените права и дискриминација во пристапот до здравствените услуги. Медиумите покажаа голема заинтересираност за проблемот со одржливоста на Програмата за ХИВ, но сепак, продолжија со сензационалистичкото известување и стигматизирачките текстови.

Кај политиките и законската рамка за дроги и сексуална работа, за 2017 година не бележиме унапредување или какво било поместување. Напротив, во 2017 година има најголем број документирани случаи на прекршување на правата на овие групи, што говори за зголемена мотивираност на заедниците за пријавување случаи, но сепак, бројот на луѓе што сакаат да поведат постапки пред надлежни институции е сè уште многу мал. Насилството од околината и малтретирањето од страна на полицијата кон сексуалните работници продолжи и оваа година, а повторно најранливи се трансродовите жени – сексуални работнички, кои се жртви и на трансфобични вербални и физички напади на јавен простор. Во однос на правата на луѓето што употребуваат дроги, повторно се бележат случаи на дискриминација во пристапот до здравствени услуги и во пристапот до пазарот на трудот

и прекршување на правата од страна на полицијата. Војната против дрогите институциите продолжија да ја водат на грбот на корисниците, па се изрекуваа кривични санкции и во случаите каде што е очигледно дека се работи за лична употреба и без докази дека постоела продажба. Во текот на 2017 година се забележа и значително јакнење на заедницата на сексуалните работници, кои годинава за првпат го организираа перформансот Skopje Red Ligh Distict и по десетти пат го организираа Маршот на Црвените чадори, со што темата постигна голема видливост и успешно се артикулираа барањата за заштита од насилство и унапредување на правата на сексуалните работници.

Во текот на 2017 година се случија позитивни промени во однос на правата на ЛГБТИ-луѓето. Сексуалната ориентација и родовиот идентитет конечно се вметнати во новиот нацрт-закон за спречување и заштита од дискриминација. Управниот суд донесе две позитивни пресуди, со кои овозможи две трансродови жени да ја променат ознаката за пол и матичниот број во документите за лична идентификација. Исто така, ЛГБТИ-заедницата оваа година доби досега најголема политичка поддршка од врвот на власта, па така, премиерот Зоран Заев, министерот за култура, Роберт Алаѓозовски и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, присуствуваа на настани организирани од ЛГБТИ-организациите и пратија пораки за поддршка и волја за законски и стратегиски промени кон унапредување на состојбите. Исто така, во Собранието се формираше парламентарно мнозинство кое има попозитивни ставови кон ЛГБТИ-заедницата. Пратеникот Бранко Маноиловски го искажа и својот афирмативен став за истополовите бракови, што беше дочекано со говор на омраза кон ЛГБТИ-луѓето од страна на пратеници и од власта и од опозицијата. Прашањето за правата на ЛГБТИ-луѓето беше присутно во јавноста и преку медиумите, иако продолжи и говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Но, допрва треба да се случат законски промени и донесување конкретни политики со кои ќе се унапредат правата на ЛГБТИ-луѓето. Насилството и дискриминацијата кон оваа група продолжи и во 2017 година, а исто така и непрофесионалниот и осудувачки третман од страна на полицијата, кој завршува со неказнување на насилствата од омраза.

Застапувањето за отстранување на дискриминаторските содржини од учебниците се интензивираше во текот на годината, па така, прашањето доби соодветно внимание од медиумите, стручната јавност и надлежните институции. Во однос на учебниците од средното и од основното образование, два учебника со дискриминирачка содржина беа повлечени, а за другите е најавена целосна ревизија и прочистување од предрасуди и од дискриминација. За учебниците од високото образование, каде што има и највознемирувачки содржини за маргинализираните заедници, се бележи извесен напредок и во 2017 година беа повлечени три учебника

со хомофобична и трансфобична содржина. Но, најголемиот универзитет, Св. Кирил и Методиј и Универзитетот Св. Климент Охридски и авторите на учебниците одбиваат да ги повлечат содржини неосновано, бранејќи се со автономијата на универзитетот и слободата на изразувањето. Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, спротивно на позитивното право, го прифаќаат овој аргумент, па иако Народниот правобранител утврдува дискриминација во содржините, сепак не препорачува тие да се отстранат.

# I.

## Политики за ХИВ и прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ

# 1.

# МАКЕДОНИЈА ГО ПРЕЗЕМА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ХИВ ЗА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

2017 година ја одбележаа значителни напори на граѓанскиот сектор, но и значителен напредок во насока на одржување на програмите за превенција и поддршка во врска со ХИВ, наменети за т.н. клучни популации засегнати од ХИВ, односно заедниците поврзани со нив: геј, бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи, сексуални работници и лица што употребуваат дрога.

Главна платформа за застапување беше Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ, која ја сочинуваат 16 граѓански организации, меѓу кои и четири организации основани од самите засегнати заедници. Водечка улога во процесите на застапување имаа токму членките на Коалицијата Маргини.

Во делот на националната програма за ХИВ (Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција), 2017 беше година кога можеа да се искористат последните средства од поддршката од меѓународниот финансиски механизам – Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, и кога Република Македонија требаше да направи транзиција кон целосно финансирање на националниот одговор на ХИВ. Одржувањето на програмите за засегнатите заедници, кое зависеше од политичката волја да се исполнат преземените обврски, е значајно не само од гледна точка на јавното здравје – ставање на епидемијата под контрола – туку и поради фактот што за засегнатите заедници овие програми значат пристап до услуги за заштита од ХИВ и поврзување со здравствена грижа, услуги за поддршка, можности за мобилизација и (ре)социјализација, како и можности за активизам во рам-

ките на својата заедница. Посебно за заедницата на геј и бисексуални мажи, како и за другите мажи што имаат секс со мажи, одржувањето на програмите за ХИВ може во најбуквална смисла да се смета за прашање на живот или смрт, имајќи предвид дека предвидувањата за бројот на нови инфекции и бројот на смртни случаи кои може да се избегнат, се сконцентрирани токму во оваа популација, барем за следните неколку години.

Почетната состојба во 2017 година беше – донаторска поддршка за уште околу шест месеци и значително скратени, наместо зголемени(!), средства од Буџетот на Република Македонија во Програмата за ХИВ. Застапувањето и поддршката од поширокиот граѓански сектор, како и од страна на медиумите, кон крајот на 2016 година придонесоа ова прашање да добие соодветно внимание, особено во пресрет на предвремените парламентарни избори, со кои се смени владата и парламентарното мнозинство. Во 2017 година, дури и во рамките на скратениот буџет, за првпат значителен износ од 14 милиони денари беше алоциран токму за програмите наменети за клучните засегнати популации/заедници. Овие средства сè уште постоеја само на хартија, а следуваа многу предизвици во однос на нивното ставање во функција.

Одржливоста на програмите за ХИВ се потпираше на два главни темели:

1. предвидување соодветен буџет во националната програма за ХИВ за 2018 година;

2. воспоставување практика за финансирање активности што ги спроведуваат граѓански организации преку буџетот на Програмата, односно на Министерството за здравство, т.е. преку модел на т.н. социјални договори.

**Во услови на политичка криза...**

И покрај длабоката политичка криза во првите пет месеци од годината, која не остави многу простор за дејствување во насока на обезбедување на одржливоста, граѓанскиот сектор, особено преку Платформата за одржливост, сепак, преземаше мали чекори што требаше да го подготват теренот за периодот по избор на нова влада. Во тој период беше започнат процес за измена на Програмата за ХИВ за 2017 година, со цел да се даде соодветна основа за да може да се објави јавен повик за финансирање на активности на здруженија што би биле имплементатори на активности од Програмата и приматели на средства од буџетот за втората половина од годината. Покрај, тоа беше подготвена и потпишана одлука за критериумите што треба да ги исполнуваат граѓанските организации за да

можат да бидат избрани на јавниот повик. Овие процеси беа водени на иницијатива на граѓанската платформа и низ консултативен процес со Министерството за здравство.

### Забрзан напредок по промената на власта

Веднаш по именувањето на нов министер за здравство, Платформата оствари средба на која ги изложи своите очекувања во однос на одржливоста. Новиот министер покажа отворена поддршка и вети, вклучително и пред македонската јавност, дека програмите за ХИВ за клучните популации ќе бидат продолжени со соодветен буџет. Врз основа на изразената политичка волја, граѓанскиот сектор поттикна и учествуваше во подготовката на Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство, која беше разгледана и усвоена од Владата на Република Македонија на 5 септември 2017 г. Во меѓувреме, кон крајот на август, претставници на Платформата беа примени и од претседателот на Владата, г. Зоран Заев, кој изрази целосна поддршка за работата на граѓанските организации вклучени во оваа програма, како и уверување дека Министерството за здравство ќе ја преземе обврската за нивна поддршка[1]. Исто така, тој истакна дека ќе се заложи овие програми да бидат охрабрени и на локално ниво и да се создаде регистар на организации од граѓанскиот сектор што ги спроведуваат овие акции, до кои треба да стигнат финансиските средства со редовна динамика.

Врз основа на Информацијата од Министерството за здравство, Владата усвои исклучително важни заклучоци, со кои се задолжува Министерството да алоцира соодветен износ на средства, врз основа на експертски проценки, „за обезбедување континуирана антиретровирусна терапија за пациентите со ХИВ и одржување на програмите за превенција кај клучните популации засегнати од ХИВ“. Воедно, Министерството беше задолжено „до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија, наменети за клучните популации засегнати од ХИВ, кои ги спроведуваат граѓанските организации“. Ваквата формална одлука на Владата претставува прв конкретен и значаен чекор преземен на национално ниво во насока на обезбедување одржливост на програмите за ХИВ.

1 А1ОН „Заев: Владата ќе продолжи со поддршката на програмите за контрола и превенција од ХИВ“ 30.8.2017 г.

**Извадок од клучната одлука на Владата во однос на одржливоста на програмите за ХИВ (5.9.2017)**

„Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство на Република Македонија, во консултација со Министерството за финансии, во буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2018 година да предвиди 103 милиони денари за обезбедување континуирана антиретровирусна терапија за пациентите со ХИВ и одржување на програмите за превенција кај клучните популации засегнати од ХИВ врз основа на експертските проценки.

2. Се задолжува Министерството за здравство до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија, наменети за клучните популации засегнати од ХИВ, кои ги спроведуваат граѓанските организации.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје и во консултација со здруженијата на пациентите, во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на оваа Информација да свика консултативен состанок и да спроведе координација, со цел поттикнување на регистрација на неопходните антиретровирусни лекови во Република Македонија, можно проширување на позитивната листа со овие лекови и изнаоѓање стратегија за да се обезбеди најниска можна цена при нивната набавка.“

Одлуката на Владата беше земена предвид при подготовката на Предлогбуџетот на Република Македонија за 2018 г., кој беше донесен на 12 ноември, а усвоен од Собранието на 22 декември 2018 г. Конечниот буџет на Програмата за ХИВ за 2018 г. изнесува 95 милиони денари, што е 3,5 пати повисоко од буџетот за 2017, кој изнесуваше само 27 милиони денари. Треба да се одбележи дека вкупниот износ на програмата за ХИВ се разликува од износот наведен во усвоените заклучоци од 5 септември и е понизок за 8 милиони денари. Сепак, се работи за значителни средства со кои можеше да се направат напори да се одржат сите програми на приближно истото ниво како и досега.

**Пилотирање на механизмот за финансирање на активности што ги спроведуваат граѓанските организации**

Како еден од клучните чекори беше неопходно да се работи со новата администрација во институциите за пилотирање на механизмот за финансирање на граѓанските организации уште во втората половина од 2017 г., дотолку повеќе што континуитетот на програмите веќе беше ставен под прашање, со оглед на тоа дека донаторските средства веќе не беа доволни за да го покријат во целост ниту периодот јули–декември. Сепак, пилотирањето на овој механизам се покажа како мошне тежок чекор во услови на нова влада и (делумно) нова администрација, со многу други приоритети, вклучувајќи ги и претстојните локални избори од октомври. Овој процес навистина задоцни цели три месеци, но сепак, се случи со објавување јавен повик за здруженија кон крајот на септември и склучување договори меѓу министерството и 13 граѓански организации за периодот октомври–декември. Ова пилотирање на практиката на финансирање на активности на граѓански организации со средства од буџетот на Министерството за здравство претставува почетно исполнување на еден од двата главни елементи што треба да ја осигурат одржливоста на програмите за ХИВ – издвојување соодветни средства и воспоставувањето механизам за финансирање на граѓанските организации.

**Кампањи и документи за јавни политики за одржливост на програмите за ХИВ**

Во оваа насока, комплементарен елемент на застапувањето на граѓанскиот сектор беше и кампањата иницирана од Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, која поспецифично се фокусираше на потребата од одржување на програмите за намалување на штетите од употребата на droги, но всушност, беше релевантна за сите програми. Во рамките на кампањата беа продуцирани видеа, беше организирана заедничка прес-конференција со министерот за здравство, како и конференција со наслов: „Модели за финансирање на програмите за превенција на ХИВ и намалување на штети од употреба на дроги“, на која беа презентирани добри практики од Хрватска и од Чешка во однос на моделите за финансирање на програмите за превенција на ХИВ и намалување на штетите од употребата на дроги, кои ги спроведуваат граѓанските организации. Беше разговарано и за тоа кој модел е најсоодветен за Република Македонија, а настанот имаше високо политичко присуство преку министерката за труд и социјална политика, заменик-министерот за здравство и советникот за здравство и здравствен систем на претседателот на Владата на Република Македонија. Заклучоците од конференцијата јасно ја препознаа потребата од воспоставување стабилни механизми за партнерство меѓу државата и граѓанскиот сектор во

испорачувањето специфични услуги за маргинализираните групи граѓани. Како што изјави министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, „ако Македонија сака одржлив систем на која било програма за ранлива група граѓани, тоа може да го направи само преку социјално партнерство и никако поинаку, бидејќи државата е гломазен субјект, а граѓанскиот сектор, кој е веќе подготвен, треба само да биде ставен во соодветна функција".

Платформата за одржливост на програмите за превенција и поддршка во врска со ХИВ, преку здруженијата ХЕРА и ЗАЕДНО ПОСИЛНИ издаде три публикации[2], како придонес во креирањето на јавните политики поврзани со ХИВ и на одржливоста на програмите. Документите за јавни политики беа искористени во конкретни фази од процесот на застапување пред институциите и донесувачите на одлуки, а дел од нив ќе послужат и во наредниот период како конструктивен придонес од граѓанскиот сектор во процесот на воспоставување долгорочен и функционален махнизам за финансирање на активностите од националната програма за ХИВ, кои ги спроведуваат граѓанските организации.

## Подготовка на Програмата за ХИВ за 2018 година

Во ноември 2017 г. Министерството за здравство спроведе консултативен процес за детално планирање на Програмата за ХИВ за 2018 г., во кој беше вклучен и граѓанскиот сектор. И покрај разликите во ставовите за буџетот, особено меѓу граѓанските организации и дел од државните институции што учествуваат во спроведувањето на активности од Програмата, овој процес заврши со извесен компромис. Во него граѓанскиот сектор беше принуден максимално да ги оптимизира проектираните трошоци за одржување на активностите за 2018 година, па дури и да го намали персоналот што учествува во спроведувањето на активностите на некои места. Може да се констатира дека достапниот буџет за граѓанскиот сектор во рамките на Програмата за 2018 година ќе биде за околу 20% понизок од нивото на финансирање во изминатите неколку години со поддршката од Глобалниот фонд. Сепак, овој процес на оптимизирање беше спроведен во насока на одржување на опфатот на програмите и гарантирање минимум квалитет.

2 „Како до успешна контрола на ХИВ епидемијата во Македонија?" – бриф за донесувачи на одлуки, ХЕРА, 2017 г.; „Напредокот кон национално финансирање на програмите за заштита од ХИВ во Република Македонија – анализа на процесот на транзиција од донаторска поддршка кон национално финансирање на програмите за заштита од ХИВ", ХЕРА, 2017 г.; „ХИВ: Можности и предлози за обезбедување одржливост на „Краток осврт со можности и предлози за обезбедување одржливост на активностите поддржани од Глобалниот фонд во Република Македонија" (краток осврт за донесувачите на одлуки) ХЕРА, 2017 г. Публикациите се достапни на веб-страницата на ХЕРА.

Оптимизирање исто така беше направено со цел да се одржи нивото на финансирање (без намалување) на програмите за мажите што имаат секс со мажи, со оглед на тоа што токму оваа популација е непропорционално засегната од ХИВ-инфекцијата во однос на другите клучни популации.

Еден од недостатоците на Програмата за ХИВ е тоа што таа не предвидува финансирање на правните услуги, со ште се загрозува пристапот до правда за клучните заедници. Луѓето што употребуваат droги, сексуалните работници и луѓето што живеат со ХИВ, добиваат правна помош и обуки за правно зајакнување од здруженијата на граѓани што ја спроведуваат Програмата за ХИВ. Недостигот на финансиски средства за овие услуги ќе влијае и на степенот на остварување на правата, што ќе предизвика негативен ефект и на состојбата на јавното здравство.

Коалицијата ги поздравува заложбите на Владата на Република Македонија и на Министерството за здравство за преземање на обврските за целосно финансирање на националниот одговор на ХИВ и за одржување на програмите за превенција и поддршка наменети на клучните засегнати популации, односно заедници.

Коалицијата го повикува Министерството за здравство до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија наменети за клучните популации засегнати од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации, во согласност со заклучоците усвоени од Владата на Република Македонија во септември 2017 г.

# 2.

# ЗАГРОЗЕН КОНТИНУИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ ЗА ХИВ ПОРАДИ БАВНИ АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Националната програма за ХИВ во првата половина од годината продолжи да се спроведува според воспоставената динамика од претходните години, при што клучните активности за превенција и ХИВ-тестирање сè уште беа финансирани преку грантот од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија. Во спроведувањето на некои компоненти од Програмата учествуваа – покрај Министерството за здравство – и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје низ државата, како и граѓанскиот сектор. Сепак, најголем товар од спроведувањето на Програмата носи Клиниката за инфективни болести – пред сè во делот на лекувањето, грижата и поддршката, како и доброволното ХИВ-тестирање, како и 15-те граѓански организации што работат токму со клучните засегнати популации и заедници, каде што е фокусиран националниот одговор на ХИВ. Граѓанските организации функционираа во повеќе од 13 града со директно испорачување услуги за превенција (основни превентивни пакети во согласност со целната популација), услуги за доброволно, доверливо и бесплатно ХИВ-тестирање, едукација, психосоцијална и врсничка поддршка, правна поддршка, поврзување со системот на здравствена грижа за ХИВ, како и услуги за дијагностика и третман на сексуално преносливи инфекции.

Спроведувањето на Програмата се соочи со значителни предизвици во периодот од јули до септември, кога здруженијата имплементатори останаа без средства за работа, особено за трошоци за персонал и за режиски трошоци, поради неподготвеноста на Министерството за здравство да го стави во функција механизмот за доделување средства од Буџетот на Република Македонија, кои веќе беа алоцирани за таа намена. Овие тешкотии се случија

и покрај постоењето политичка волја на највисоко ниво, како што можеше да се забележи во тој период од изјавите на министерот за здравство и на премиерот. Во овој период организациите, сепак, продолжија да работат, дури и на волонтерска основа, иако со помал интензитет и со намален опфат, но со настојување да одржат барем минимум ниво на функционирање на услугите за маргинализираните заедници. Сепак, во текот на овој тримесечен период постоеше сериозна закана да се стави клуч на вратата на најголем дел од сервисите развиени во текот на повеќе од 13 години.

Ситуацијата најпосле се разреши со објавувањето повик за здруженија имплементатори на Програмата за ХИВ кон крајот на септември, по што Министерството за здравство склучи договори со 13 организации и им додели средства од буџетот на Програмата за последното тримесечје од годината. Ова беше клучен и многу значаен чекор кон воспоставувањето одржливост на програмите за ХИВ, наменети за засегнатите популации. Одржувањето на програмите во овој период беше помогнато и од дополнително продолжување на рокот за користење на малите преостанати средства од грантот од Глобалниот фонд, така што втората половина од годината, всушност ,беше покриена со комбинација од донациски и домашни ресурси. Дел од направените трошоци во периодот јули–септември, најпосле им беше покриен на организациите со одобрување на донаторот.

Покрај средствата од националната програма, дел од организациите обезбедија средства за надополнување на сервисите и од други извори на финансирање, што исто така, помогна во одржувањето на клучните сервиси, како на пример, оној за ХИВ-тестирање.

Коалицијата ги поздравува напорите на сите вклучени страни, а особено на Министерството за здравство, на Глобалниот фонд и на граѓанскиот сектор, за континуирано одржување на услугите за превенција и поддршка, фокусирани на засегнатите популации.

Коалицијата го повикува Министерството за здравство да ги преземе сите неопходни мерки за да се спречат ситуации што ќе го доведат во ризик континуитетот на програмите за ХИВ.

# 3.

# НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ХИВ 2017–2021 ЧЕКА УСВОЈУВАЊЕ ПОВЕЌЕ ОД ПОЛОВИНА ГОДИНА

Во првата половина на 2017 г. беше спроведено национално стратегиско планирање во однос на ХИВ за периодот 2017–2021, низ широк консултативен процес и со максимална и значајна вклученост на граѓанскиот сектор и на организациите на засегнатите заедници. До јуни беше изготвен релативно обемен нацрт-текст со дефинирани клучни индикатори, како и буџет за одредени делови од стратегијата. Овој нацрт-текст се фокусира на клучните засегнати популации, пред сѐ, мажите што имаат секс со мажи, сексуалните работници и лицата што инјектираат дрога, како и лицата што живеат со ХИВ. Нацрт-стратегијата за ХИВ 2017–2021 посебно ги препознава мажите што имаат секс со мажи како најзасегната група и предвидува давање приоритет на интервенциите што се однесуваат токму на нив.

Стратегијата има силна основа во принципот на почитување на човековите права, а цело поглавје, со низа интервенции и активности, се однесува токму на намалувањето на нееднаквостите поврзани со ХИВ и на заштитата на човековите права. Треба да се одбележи дека во рамките на оваа стратегиска област, јасно се препознава улогата на заедниците и се предвидуваат интервенции водени токму од самите засегнати заедници.

За жал, нацрт-текстот на Националната стратегија за ХИВ 2017–2021 не беше финализиран (пред сѐ, во делот на буџетот) и усвоен до крајот на годината. Одговорноста за тоа, во најголема мера, треба да се лоцира кај Министерството за здравство, како надлежна институција и како носител на процесот на стратегиското планирање. И покрај тоа што различни учесници во националниот одговор на ХИВ во неколку наврати во текот на годината се повикуваа на нацрт-текстот на стратегијата како на некаков веќе постигнат национален консензус во однос на прашањето за ХИВ, сепак, немањето официјално усвоена стратегија беше отежнувачки фактор при деталното планирање на годишната Програма за ХИВ за 2018 г. За жал, наспроти оче-

куваниот и логичен тек на нештата, Програмата за ХИВ за 2018 г. не можеше формално да се повика на Стратегијата. Покрај тоа, целата прва година од периодот на стратегијата измина пред таа да стане официјална. Од огромно значење е нацртот на Националната стратегија за ХИВ за 2017–2021 да се усвои од Владата на Република Македонија во најкраток можен рок.

Коалицијата ги повикува Министерството за здравство и Владата на Република Македонија во најкраток можен рок да ја усвојат Националната стратегија за ХИВ за периодот 2017–2021, која е основа на осмислениот стратегиски национален пристап во справувањето со ХИВ како проблем на јавното здравје, а особено на маргинализираните заедници.

# 4.

# ИСТРАЖУВАЊЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА: СТИГМАТА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА КОН ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ СÈ УШТЕ СЕ НАЈГОЛЕМАТА ПРЕЧКА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА НИВНИТЕ ПРАВА

Коалицијата Маргини изминатата година спроведе проценка на потребите на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија. Со истражувањето беше опфатен намерен примерок од вкупно 55 испитаници што се корисници на услугите за лекување, грижа и поддршка на Клиниката за инфективни болести (на која во периодот на истражувањето вкупно се наоѓаа околу 200 лица во редовна здравствена грижа поврзана со ХИВ). Во тие рамки, за целите на проценката беа спроведени две фокус-групи и вкупно 45 интервјуа, а се опфатија вкупно осум клучни области: образование, социјална заштита и работни односи, човекови права, полиција, култура, медиуми и граѓанско општество.

Истражувањето покажа дека лицата со ХИВ како приоритетни области за дејствување ги издвојуваат: **здравствената заштита, остварувањето и заштитата на човековите права, како и социјалната заштита и работните односи.**

Значителен број лица со ХИВ искусиле нееднаков третман и повреда на правата во здравствениот сектор, а дел од луѓето се соочиле со дискриминаторски однос и од страна на пријателите и партнерите. Сепак, значајно е да се забележи дека дискриминаторските реакции се обратнопропорционални со возраста, односно помладите лица со ХИВ наидуваат на поголема поддржувачка средина од страна на своите пријатели во споредба со повозрасните испитаници.

И ова истражување потврди дека луѓето со ХИВ во Македонија се соочуваат со одбивање на здравствените услуги, несоодветна здравствена заштита и дискриминаторски однос од страна на здравствените работници. Тие препорачуваат **активности за јакнење на капацитетите и сензитивизација на здравствените работници** поврзано со ХИВ и со човековите права, воопшто, за да се намалат дискриминаторските практики кон нив во здравствениот сектор во иднина.

И понатаму е мал бројот на луѓе што го споделуваат ХИВ-статусот во своето семејство, а беа пријавени случаи на психолошко насилство поради нивниот ХИВ-статус и поради сексуалната ориентација од страна на најблиските членови на семејството. За жал, луѓето со ХИВ не се охрабрени да пријават повреди на своите права, поради страв од натамошно обелоденување на здравствениот статус во постапката, но пред сè, поради тоа што не веруваат дека постојниот систем нуди ефективна заштита. Во областа на човековите права и заштитата од дискриминација, лицата со ХИВ сметаат дека е потребно да се зајакнат капацитетите на претставниците на телата и институциите за заштита на правата (Народниот правобранител, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Комисијата за заштита од дискриминација) за нудење соодветна заштита на лицата со ХИВ што ќе се охрабрат да пријават повреда на правата во иднина. Дел од препораките се однесуваат и на **постојана едукација и омоќување на луѓето со ХИВ** за да ги препознаат и да ги пријават, но и да се справат со случаите на насилство и прекршување на правата.

Како пречки во пристапот до здравствените услуги беа посочени случаите на прекин во континуитетот на здравственото осигурување, како и дополнителните финансиски трошоци поврзани со партиципацијата за дел од здравствените услуги во контекст на здравствената заштита поврзана со ХИВ-инфекцијата. Оттаму, тие препорачуваат измени во постојната регулатива **за да се осигури услугите за здравствена заштита на лицата со ХИВ да бидат достапни без разлика на статусот на здравственото осигурување, како и за целосно ослободување од партиципацијата за услуги поврзани со лекувањето на ХИВ**, кое инаку, во практиката, функционира само на Клиниката за инфективни болести.

Дел од луѓето со ХИВ, пред сè припадниците на геј-заедницата, сметаат дека во земјата недостасуваат **специјализирани сервиси за машко здравје, т.н. ЛГБТИ-центри или клиники за геј-мажи, кои би нуделе сеопфатни услуги за сексуално здравје**, по примерот на т.н. „one-stop shop", кој постои во многу земји. Покрај терапијата за ХИВ и советувањата за коинфекции, во овие центри препорачуваат да има прегледи, современа дијагностика и третман на сексуално преносливи инфекции, советувања за сексуалност и услуги за психосоцијална поддршка.

Стравот од можно етикетирање, отказ, уназадување на работното место или друг вид дискриминација поради ХИВ-статусот е причина лицата со ХИВ да не го споделуваат својот статус на работното место. Препораките поврзани со работните односи се однесуваат на **специфично препознавање на ХИВ во законската и подзаконската регулатива, во согласност со меѓународните препораки за ХИВ во работната сфера**, а со цел да се обезбеди превенција и заштита од етикетирање и дискриминација, регулирање на бенефициите, почитување и заштита на правата на лицата со ХИВ при вработувањето, односно на работното место.

Во областа на социјалната заштита практиката покажува дека луѓето со ХИВ дури и во социјален ризик и исполнување на услови за остварување социјални права, не ја добиле соодветната заштита, бидејќи ХИВ-статусот не е соодветно препознаен во домашната регулатива за обезбедување социјална заштита. Оттаму, се препорачува **експлицитно препознавање на ХИВ-статусот во подзаконската регулатива** за остварување услуги и права од оваа област, првенствено за обезбедување привремено или постојано домување на луѓето со ХИВ кои имаат потреба за сместување или за остварување на правата на паричен надомест од социјалната заштита.

Во однос на медиумите, најголем дел од испитаниците сметаат дека кај нив изостанува сеопфатно информирање на јавноста за суштински прашања поврзани со ХИВ, вклучително најнови научни информации за превентивни средства, ефектите на терапијата и живеењето со ХИВ во денешно време. Медиумското известување за ХИВ го оценуваат како сензационалистичко. Тие сметаат дека при известувањето за ХИВ често се пласираат површни информации, кои содржат статистички и демографски податоци за луѓето со ХИВ, со детали за локации и целни групи, кои дополнително поттикнуваат стигма и паника, наместо информирање на населението. Лицата со ХИВ препорачуваат **активностите за подобрување на медиумското известување поврзано со ХИВ, како што се: постојаната комуникација со новинари и медиумски работници и спроведување обуки или изготвување прирачници за медиумско известување поврзано со ХИВ.**

Повеќето од луѓето со ХИВ сметаат дека **темата треба да се вклучи и да се поврзе со иницијативи и активности на здруженијата што работат со ЛГБТИ-заедницата.** Исто така, тие сметаат дека преку културни настани на ненаметлив, суптилен и креативен начин може значајно да се доближи темата ХИВ до публиката.

Коалицијата Маргини препорачува Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика да ги земат предвид наодите од истражувањето при креирањето закони и политики, со цел

соодветно да одговорат на потребите на луѓето што живеат со ХИВ, преку препознавање на оваа група граѓани во системот на социјална заштита, сензибилизирање на здравствениот персонал и отворање здравствени сервиси кои соодветно ќе одговорат на потребите.

Коалицијата препорачува телата за еднаквост, како Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, да ги развијат своите капацитети за препознавање и соодветен одговор во случаите на прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ.

# 5.

# ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

Во текот на 2017 година формално беа документирани два случаи на прекршување на правата на лица што живеат со ХИВ. Во секој случај, Здружението на заедницата на луѓето со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, неофицијално знае за повеќе „ситни“ прекршувања на правата на лица со ХИВ врз основа на нивната здравствена состојба, но и понатаму се чини дека е ниска мотивацијата за пријавување на ваквите случаи, како и за отворање соодветни постапки. Имено, ризикот од раширување на информацијата за ХИВ-статусот и очекуваните компликации што може да ги донесе тоа, како и недовербата дека институциите и националните тела што се надлежни за санкционирање на дискриминацијата и заштита на правата на граѓаните соодветно ќе постапат и ќе го отстранат прекршувањето на правото, повторно се покажуваат како главни причини поради кои лицата со ХИВ се обесхрабрени да ги пријават ваквите случаи и да иницираат постапки за заштита на своите права.

Сепак, и двата случаи документирани од Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во текот на 2017 г. се илустративни и исклучително важни.

## 5.1. Навреди и вознемирување врз основа на сексуалната ориентација и ХИВ-статусот во здравствените установи

Во овој случај момче на возраст од 24 години, кое неодамна дознало за својата ХИВ-инфекција, се обратило на психолог при Поликлиниката „Букурешт“ во Скопје, со цел да направи психолошки тест, по упат од неговиот психијатар. Психолошкиот тест бил потребен за да може правилно да се одреди неговата терапија. Додека пациентот го решавал тестот, психологот почнал да му поставува прашања и на тој начин да го прекинува пациентот во решавањето. Најпрвин го прашал зошто му е потребен психолошкиот тест, а откако му била објаснета причината, го прашал и зошто му е

потребна здравствена услуга од психијатар. Пациентот објаснил која е дијагнозата поставена од психијатарот. Незадоволен од одговорот, психологот побарал објаснување што ги предизвикува тие состојби, на што пациентот објаснил дека неколку месеци претходно дознал дека е ХИВ-позитивен, што придонело кон поголемо вознемирување на неговата психолошка состојба. Видно зачуден од одговорот, психологот го прашал пациентот како се заразил со ХИВ, на што пациентот одговорил дека ХИВ-инфекцијата му била пренесена преку сексуален однос со друг маж. Барајќи изговор за понатамошно испрашување, психологот рекол дека овие информации му се потребни со цел да изработи поточни резултати од психолошкиот тест, па продолжил со прашањето што го натерало пациентот да мисли дека сака мажи. Младиот пациент одговорил дека отсекогаш бил свесен за својата сексуална ориентација и дека отсекогаш го привлекувале мажи, по што следувало прашање дали тој некогаш имал сексуален однос со женско. Кога добил негативен одговор, психологот почнал да изнесува свои лични вредносни судови во врска со сексуалната ориентација на пациентот, при што, меѓу другото, рекол дека таа (т.е. психологот) е „од постарите генерации и истополовите сексуални односи не ги смета за нормални", дека тоа било „само помодарство донесено од западот" и дека ние тука „се обидуваме да глумиме модерни"; понатаму, дека таа „може да разбере само луѓе кај кои тоа е резултат на хормонска нерамнотежа", но и дека со пациентот „тоа не е случај", туку е „резултат на тоа што неговата мајка не го гледала додека бил мал, поради своите психолошки проблеми" (заклучоци што психологот ги извел од информации што, исто така, биле споделени од пациентот во текот на разговорот). Најпосле, таа констатирала дека „тоа што момчето добило СИДА е казна за тие што глумат модерни" и уште и дека „завлегол во тие мрачни води по организации" – повикувајќи се на претходна изјава на момчето дека побарало помош во организација за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ. По ова, момчето се обидело да ја прекине дискусијата со зборовите: „Ќе ве молам ако може Вашите лични ставови да ги задржите за Вас, јас сум тоа што сум, нема потреба да се објаснувам. Ако може да ме оставите да го дорешам тестот."

Како резултат на ваквиот третман и очигледната некомпетентност на здравствениот соработник, пациентот претрпел психичко вознемирување во текот на самото тестирање, а згора на тоа, во своето медицинско досие добил и квазистручни наоди со сомнителен квалитет, на кои очигледно влијаеле личните предрасуди на психологот, нејзиното незадоволително стручно знаење и непрофесионалниот и несензитивен однос, како и фактот дека пациентот го решавал тестот во услови на прекинување и на психичко вознемирување.

Во овој случај на лицето му било ограничено уставното право на здравствена заштита, односно прекршено правото на пристап до квалитетна здравствена заштита со отсуство на каква било ментална злоупотреба и со целосно почи-

тување на достоинството на личноста на пациентот и во негов најдобар интерес (според членот 39 од Уставот на Република Македонија и членовите 2 и 3 од Законот за заштита на правата на пациентите). Покрај тоа, му било прекршено правото на пристап до психолошки тест од професионален објективен компетентен и ефикасен психолог, кој ќе ја почитува личноста и достоинството на пациентот (според членот 15 од Законот за вршење на психолошката дејност, а во врска со Етичкиот кодекс на психолозите). Во овој случај била извршена директна и повеќекратна (интерсекциска) дискриминација врз основа на здравствената состојба и сексуалната ориентација. Дискриминацијата произлегла поради заемната поврзаност на овие две основи во исто време.

Како предизвик, исто така, се поставува и прашањето на кој начин пациент во ваква ситуација може да го оствари правото на корекција на погрешните наоди што стојат во неговото медицинско досие и кои можат да предизвикаат сериозна штета врз неговото лекување и врз неговата здравствена состојба во иднина.

До крајот на годината во комуникација со пациентот беа договорени следни чекори, меѓу кои поднесување претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, како и претставка до Комората на психолози, како и директна реакција од Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ до институцијата во која се случило прекршувањето на правата.

## 5.2. Спорно наплатување долгови за здравствени услуги на луѓе што живеат со ХИВ

Во првата половина од годината до Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ стигнаа поплаки од неколкумина пациенти со ХИВ-инфекција, кои примиле Решение за извршување на нотарски платен налог за неплатен долг кон ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

Во сите овие случаи постоела реална основа за постапка за присилна наплата на долгови, бидејќи на сите пациенти им биле извршени здравствени услуги, при што во моментот на услугата пациентите немале активно здравствено осигурување, поради различни причини, за што и самите не биле свесни, па затоа и не ги платиле долговите.

По испитувањето на случајот од страна на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, беше констатирано дека електронскиот систем за евидентирање на стату-

сот на здравственото осигурување не се ажурира во реално време и дека постојат повеќе можни видови ситуации во кои осигуреникот може да остане без активно осигурување, а системот сè уште да го покажува спротивното. Оттаму, во моментот на добивање на здравствената услуга (најчесто се работело за редовна контрола на ХИВ-инфекцијата), пациентите воопшто не биле свесни дека не се покриени со здравствено осигурување и дека требале да ги платат овие услуги. Иако Клиниката немала обврска да ги извести или да ги предупреди пациентите за долгот, бидејќи обврската е на пациентот да биде информиран за статусот на своето осигурување, сепак, здравствениот систем, во овој случај преку работата на Фондот за здравствено осигурување, на пациентите им давал неточни информации и ги доведувал во заблуда, што резултирало потоа со постапка пред нотар и дополнителни трошоци за адвокатот на клиниката и за ангажираниот нотар, но и значително вознемирување.

Во севкупниот контекст особено е важно да се има предвид и дека релевантни меѓународни документи, како Глобалната стратегија на здравствениот сектор за ХИВ[3] и Акцискиот план за одговор на ХИВ во рамките на здравствениот сектор во европскиот регион на Светската здравствена организација[4], кои се прифатени и од Република Македонија, предвидуваат да се обезбеди целосно ослободување од плаќање на сите услуги поврзани со ХИВ, почнувајќи од скринингот на лицата припадници на клучните популации, поврзувањето со системот на здравствена заштита, до терапијата и лекувањето. Отстранувањето на пречките во пристапот до здравствена грижа за ХИВ, вклучувајќи ги и финансиските издатоци, е клучно за успешно справување со епидемијата на ХИВ на национално и на глобално ниво. Република Македонија се има обврзано на ова и со Политичката декларација за ХИВ и СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации од 2016 година[5] за ставање крај на епидемијата до 2030 година. Токму во оваа насока Република Македонија веќе одамна презела чекори, со тоа што преку Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија, на пациентите со ХИВ им се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита во врска со лекувањето на ХИВ-инфекцијата. Оттаму, доведувањето на пациентите со ХИВ во ситуација во која треба да плаќаат за здравствените услуги поврзани со ХИВ, а згора на тоа и дополнително да се оптоваруваат финансиски

3 World Health Organization. Global health sector strategy on HIV, 2016-2021 (2016)

4 World Health Organization. Action plan for the health sector response to HIV in the WHO European Region (2017)

5 United Nations General Assembly. Political Declaration on HIV and AIDS: On the Fast-Track to Accelerate the Fight against HIV and to End the AIDS Epidemic by 2030 (2016)

со трошоци од адвокат и нотар за постапки водени против нив, е сериозно отстапување од ваквите заложби, но и практика што е контрапродуктивна во однос на националниот одговор на ХИВ.

Дополнителен сериозен проблем во постапките отворени од клиниката преку адвокат претставуваа приложените пресметки, кои требало да служат како доказ во постапката, а во кои се наведени податоци за специфичните услуги што им биле дадени на пациентите, заедно со шифрата на дијагнозата, кои можат да доведат до посредно откривање на дијагнозата на пациентите со ХИВ од страна на трети лица, на пример, во адвокатската или нотарската канцеларија, или пак, во семејството на пациентот, каде што не смее да се претпоставува дека секој член е претходно запознаен со дијагнозата на ХИВ.

Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во врска со овој сложен проблем се обрати директно до раководството на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, при што беше постигнат договор со кој клиниката презеде чекори за решавање на сите проблематични аспекти што беа констатирани. Поконкретно, клиниката ги запре и ги повлече сите постапки против пациенти со ХИВ и презеде обврска – доколку во иднина се појават слични ситуации, да ги информира пациентите за неплатениот долг пред да отвори какви било постапки преку адвокат (особено што ваквите ситуации се директна последица на нефункционалноста во рамките на здравствениот систем, односно системот за евидентирање на здравственото осигурување). Во однос на проблемот со доверливоста, клиниката изрази уверување дека при евентуални постапки во иднина од каков и да е вид, ќе бидат преземени мерки за целосна заштита (анонимизирање) на сите податоци што може да доведат до откривање на ХИВ-статусот (или која било друга дијагноза на пациенти што се лекуваат на клиниката воопшто) пред трети лица.

Ваквите чекори на клиниката ќе имаат огромна важност за сегашните и за идните пациенти со ХИВ-инфекција кои се лекуваат таму, како и позитивен ефект за успешното справување со епидемијата на ХИВ на национално ниво, во согласност со националните определби и меѓународно преземените заложби на Република Македонија, бидејќи би требало да влијаат охрабрувачки за лицата со ХИВ и оние под особен ризик од инфекцијата, да побараат услуги за ХИВ и да пристапат кон здравствена грижа за ХИВ-инфекцијата, доколку имаат потреба.

Врз основа на овој документиран случај, потребно е да се преземат чекори за системско решавање на проблемот од страна на Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство, за што е потребна нова осмислена акција од страна на граѓанскиот сектор.

Коалицијата ги повикува институциите прекршители на правата на лицата што живеат со ХИВ, да утврдат одговорност во сопствените рамки, да преземат соодветни санкции, да спроведат обуки за ХИВ и за заштита на човековите права на маргинализираните заедници за сите нивоа на персоналот, а особено за здравствените работници, како и да преземат мерки со кои ќе се спречат ситуации на прекршување на правата.

Коалицијата ги повикува Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување во најкус можен рок да го унапредат електронскиот систем за евиденција на здравственото осигурување, со што пациентите во секој момент ќе имаат точен увид во состојбата.

Коалицијата ги повикува Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување да преземат чекори со кои севкупната здравствена грижа во врска со ХИВ-инфекцијата за лицата што живеат со ХИВ ќе биде ослободена од дополнителни давачки, без разлика која јавна здравствена установа ја дава услугата.

# 6.

# ДОМИНИРА СЕНЗАЦИОНАЛИСТИЧКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ДЕЗИНФОРМИРАЊЕ ЗА ХИВ

Темата ХИВ во 2017 година била значително, континуирано и повторливо присутна во медиумскиот простор, што е мошне впечатливо ако се земе предвид дека е Македонија земја со исклучително ниска стапка на ХИВ-инфекција, а темата не претставува особен дел од секојдневниот живот на мнозинството граѓани. Покрај големиот број објави, интересно е да се констатира дека се значително застапени неколку паралелни пристапи во обработувањето на аспекти поврзани со ХИВ-инфекцијата. Во таа смисла, може да се издвојат неколку доминантни групи медиумски објави:

- објави со чисто сензационалистичка цел и содржина, кои се најзастапени според нивниот број;
- објави во врска со националната програма за ХИВ во Република Македонија, односно прашањето за одржливоста на услугите за ХИВ – која била значително присутна во неколку наврати во текот на годината;
- периодични вести за моменталната епидемиолошка состојба со ХИВ во Македонија;
- преведени статии за научни студии од светот поврзани со лекувањето на ХИВ и, поретко, со епидемиолошките состојби во светот.

Како позитивен тренд, значајно е да се одбележи дека темата на одржливоста на програмите за ХИВ за клучните засегнати популации по завршувањето на финансиската поддршка од Глобалниот фонд, во повеќе наврати низ годината беше присутна во медиумите, за што имаше повеќе поводи. Сепак, интересно е да се забележи дека оваа тема предизвика медиумски интерес

и во ситуации кога нема конкретен повод, односно неповрзано со активностите преземени од институциите или од граѓанскиот сектор.

Најмногу објави поврзани со темата за одржливоста имаше во следниве ситуации: кон крајот на јуни и во почетокот на јули, кога граѓанскиот сектор оствари средба со новиот министер за здравство Арбен Таравари, кој изјави дека Министерството за здравство ќе го издвои неопходниот буџет и ќе ги одржи програмите за ХИВ и по 2017 г.[6]; кон крајот на август, кога граѓанските организации остварија средба и со претседателот на Владата на Република Македонија, кој ја искажа определбата и на Владата да продолжи со поддршката на програмите за контрола и превенција на ХИВ (поголем број објави[7]); и, кон крајот на септември, поврзано со конференцијата „Модели за финансирање на програмите за превенција на ХИВ и намалување на штети од употребата на дроги“[8], која ја организираше Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје и која се фокусираше токму на практичните прашања во однос на преземањето на обврските за финансирање на програмите за ХИВ. Најпосле, темата била опфатена и во рамките на известувањето поврзано со 1 декември – Светскиот ден на СИДА.

Токму во врска со медиумското известување за одржливоста на програмите за намалување на штети од употребата на дроги, Здружението ХОПС додели награди за најдобри новинарски статии на Елица Бочвароска[9] од порталот „Сакам да кажам“ (прва награда) и на Емилија Петреска од Радио МОФ (втора награда) за видеосторија[10].

Во позитивен контекст, интересно е да се забележи и дека беа објавени поголем број содржини што се однесуваат на научни истражувања и нови откритија во науката, поврзани со ХИВ. Разбирливо, најголем дел од овие објави се однесуваат на нови лекови и нови пристапи во лекувањето на ХИВ, како и истражувања за пронаоѓање вакцина против вирусот (повеќе од осум различни објави)[11], а во помала мера и текстови што се однесуваат на епидемиолошки, односно јавноздравствени аспекти на ХИВ на светско ниво[12].

6 Фокус. Таравари: Нема да има колапс на системот за превенција на ХИВ, ќе ги преземеме обврските, 22.6.2017.

7 А1ОН. Заев: Владата ќе продолжи со поддршката на програмите за контрола и превенција од ХИВ, 30.8.2017.

8 Нова Македонија. Неопходно социјално партнерство за програмите за превенција на ХИВ, 26.9.2017

9 Сакам да кажам. ДРЖАВАТА НЕ ДАВА ПАРИ ЗА ХИВ ТЕСТИРАЊЕ, ЌЕ РАСТЕ БРОЈОТ НА БОЛНИ ОД СИДА, 14.2.2017.

10 Радио МОФ. Со ХИВ се живее, но молчењето и стравот создаваат стигма, 30.1.2017.

11 Алсат-М. Научници за првпат излечиле глувци од ХИВ, 3.5.2017.

12 Идивиди. Елиминиран пренос на ХИВ на новороденчиња во Тајланд, 20.2.2017.

Исто така, во текот на есента во неколку наврати беа присутни помал број медиумски објави поврзани со граѓански акции за подигнување на свеста за ХИВ. Пред сè, се работи за добротворната трка организирана во октомври од Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во партнерство со Дурекс Македонија, Објавите поврзани со Светскиот ден на СИДА (1 декември), Европската недела на тестирање за ХИВ (17 до 24 ноември) во организација на Здружението ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и добротворниот настан „Погледни од мојата страна“, во организација на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, по повод Светскиот ден на СИДА. Генерално, овие акции добија соодветно претставување во медиумите, иако бројот на поединечни објави не беше голем.

И покрај значителната застапеност на секоја од погоренаведените четири главни категории на објави, сепак, **сензационалистичкото известување во врска со ХИВ е убедливо најприсутно и со најголем број поединечни објави**. Сензационализмот поврзан со ХИВ, генерално, одразен е како преку користење на стигматизирачки термини (дури и во објави што не се сензационалистички и инаку се коректни) така и преку објави што единствено имаат цел да постигнат сензација и да привлечат внимание, што е особено евидентно во самите наслови на текстовите.

## 6.1. Употреба на погрешна и несензитивна терминологија

Во делот на користената терминологија, особено се присутни не сосема точни, заведувачки и сензационалистички термини и формулации, како на пример, „болни од СИДА“, „третмани за СИДА“ или особено застапените стигматизирачки термини како „заразени“, „зараза“, „зарази“ или **„смртоносниот вирус“.** Употребата на овие термини присутна е, главно, во широк спектар медиумски објави, а не само во оние со предзнак „сензационалистички“.

Во однос на терминот „зарази“ и изведенките од него, треба да се објасни дека, иако се работи за сосема точни македонски зборови, кои теоретски може да се употребат поврзани со стекнувањето на која било инфекција, познато е дека лицата што живеат со ХИВ нив ги перципираат како стигматизирачки и со значително негативна конотација, поради начинот на кој се употребуваат во секојдневниот говор. Разликата меѓу сензитивен и несензитивен пристап за ова прашање може да се забележи во наслови што се однесуваат на иста вест објавена од различни медиуми, на пр.: „**Со ХИВ се заразени** стотици илјади деца во Африка“ (наслов објавен во пого-

лем број медиуми)[13], наспроти – „**Со ХИВ живеат** стотици илјади деца во Африка“ (овој наслов или сличен на него е објавен од само 2-3 медиуми)[14].

Формулацијата „болни од СИДА“, пак, претставува неточна и медицински и епидемиолошки неоправдана терминологија (која воопшто и не постои во други јазици; спореди во англискиот, на пример), имајќи предвид дека СИДА не е болест, туку синдром на стекната имунодефициенција. За жал, подлога за ваквата употреба во медиумите и понатаму даваат токму официјални државни институции, како што е, во прв ред, Институтот за јавно здравје, кој во своите месечни и годишни извештаи, како и во настапите пред медиумите, упорно користи погрешна и заведувачка терминологија, која не е во согласност со меѓународните стандарди (повеќе за овој проблем подолу).

И понатаму се среќава, иако поретко, употребата на терминот СИДА напишан со мали букви („сида“), односно скратеница претворена во именка. Оваа употреба е погрешна и се прави или поради незнаење или поради погрешната перцепција дека акронимот СИДА, кој е преземен од францускиот јазик со значење „синдром на стекната имунодефициенција“, во македонскиот станал име на болеста, па затоа треба да се пишува како именка со мали букви. Сепак, ваквото сфаќање воопшто не одговара на реалноста и на медицинските сфаќања за овие поими. Згора на тоа, овој термин е, и самиот по себе, премногу обременет со негативни значења, па затоа треба да се користи само во случаи кога се мисли точно и само на синдромот на стекната имунодефициенција, онака како што е тој медицински дефиниран, и многу ограничено во други ситуации кои имаат посебно значење, како на пример, „Светски ден на СИДА“.

13 Нова Македонија, 19.3.2017 и др.

14 Либертас, 19.3.2017.

## 6.2. Репродукција на стереотипи и предрасуди за ХИВ во медиумите

Медиумските објави со чисто сензационалистичка содржина најчесто се преводи на текстови од жолтиот печат од англиското говорно подрачје и се потпираат на закоравени стереотипи и заблуди. Така, еден од најприсутните стереотипи е оној за ХИВ-инфекцијата како нешто многу страшно, што се гледа, на пример, од следниве наслови:

> „**Сидата напаѓа** во Македонија: Еве колку заболени има во моментов од ХИВ“[15];
>
> „Ако имате некои од овие 10 симптоми на грип, веднаш одете на лекар: Може да сте **болни од нешто многу страшно**“[16];
>
> „**Страшна** јавна куќа: Тука жени заразени со ХИВ го продаваат своето тело“[17].

Друг стереотип, кој се надоврзува на претходниот, е дека ХИВ е нешто толку многу страшно што кога, човек дознава за дијагнозата, посакува да си го одземе животот:

> „Чарли Шин: Кога дознав дека сум ХИВ-позитивен, **сакав да се убијам**“[18] ;
>
> „Кога дознав дека **имам СИДА, сакав да се убијам**“[19];
>
> „Чарли Шин **планирал да се самоубие** кога дознал дека е ХИВ позитивен“[20].

Со еден од наведените или со сличен наслов биле објавени поголем број медиумски објави, кои претставуваат превод на делови од интервју што го дал американскиот актер Чарли Шин за странски медиум (изворот не е наведен во најголемиот дел од објавите!). Но, иако во изворното видеоинтервју дадено за „Добро утро Америка“ актерот навистина дава изјава од таков вид, тој сепак, во исто време прави и шега на своја сметка, со што ја

15 Бизнис вести, 16.11.2017.

16 Локално, 1.3.2017.

17 Точка, 3.2.2017.

18 А1Он, 13.1.2017 и др.

19 Вечер, 13.1.2017.

20 еМагазин, 13.1.2017.

ублажува сериозноста на една таква изјава и единственото што би можело да се заклучи е дека му поминала помисла на самоубиство, но не и дека „планирал да се самоубие", како што пренеле дел од македонските медиуми.

Понатаму, се чини дека сè уште е мошне присутен стереотипот за т.н. намерно пренесување на ХИВ, што е одразено во наслови како:

> „На синот намерно **му вбризгал крв заразена со ХИВ** – за да не плаќа алиментација"[21];
>
> „Италијански монструм заразил 30 жени со ХИВ"[22];
>
> „Жена гризна полицаец додека ја апсеше, а со анализата се откри ШОКАНТНА ВИСТИНА!"[23]

Во целосниот текст поврзан со последниот наслов се дообјаснува: „Во градот Мемфис во американската држава Тенеси се случи немил настан, откако една жена гризна полицаец, додека беше апсена од него. По лекарските прегледи потврдено е дека жената имала ХИВ, а вирусот му е пренел на полицискиот службеник." Иако е тешко да се навлегува во точноста на голем број од ваквите вести, треба да се каже дека пренесување на ХИВ преку гризнување е толку неверојатно, што е речиси невозможно. Сепак, дури и да се работи за точна вест, доволно јасно се забележува обидот да се постигне сензација со тоа што особено се нагласуваат одредени елементи во текстовите.

Актерот Чарли Шин повеќепати во годината бил тема во објави со чисто сензационалистичка содржина, исто така поврзани со клишеа што треба да предизвикаат некаква возбуда, на пример дека „некој ги знае ХИВ-позитивните" („Чарли Шин: Знам неколку холивудски ѕвезди што се ХИВ позитивни") или кои предизвикуваат погрешни перцепции во однос на реалноста околу ХИВ-инфекцијата. Така, на пример, значителен број објави се насловени со реченицата: „Чарли Шин: Лекарствата ме претворија во билка". Читајќи ги овие текстови, неупатениот читател може да заклучи единствено дека стандардната терапија за ХИВ води до деменција. Независно што од гледна точка на фактите е дискутабилна самата наводна изјава на актерот, проблемот со известувањето во македонските медиуми е повеќе во тоа што не се нуди никаква точна и проверена информација во врска со лекувањето на ХИВ наспроти цитираната изјава.

21 Точка, 18.7.2017.

22 Фактор, 28.10.2017.

23 Exclusive.mk, 5.2.2017.

Од другите стереотипи се среќава и оној за концептот за забава (во некои други земји) на кои присутните наводно намерно се изложуваат на ХИВ; или дека сексуалните работници/работнички ја шират инфекцијата, на пример: „Кога таксистот го одвел пред јавната куќа му рекол дека **смрдеата на сидата веќе може да се почувствува**.“[24]

Понатаму, дека споменувањето на ХИВ претставува сензација и самото по себе може да се увиди во следниов наслов: „Лани му го нудеа на Работнички, сега му е откриен ХИВ!?“[25]

Во текстот со овој наслов се објаснува дека светската фудбалска јавност останала „вчудовидена“ откако излегле информации за можно инфицирање со ХИВ на еден од најпознатите фудбалери од Брегот на Слоновата Коска, кој наводно претходно му бил понуден на македонскиот клуб „Работнички“. Иако на крајот од текстот се наведува дека сомнежите за ХИВ кај фудбалерот не биле потврдени, сепак, тоа не пречело да се стави наслов како оној погоре.

## 6.3. Отсуство на содржини со точни и современи информации за ХИВ

Карактеристично е што, наспроти доминантното присуство на сензационалистички содржини, во медиумскиот простор во огромна мера отсуствуваат основни и општи факти, вклучително и светски популарни новитети во лекувањето и превенцијата на ХИВ, како на пример, кои се ризиците за пренос на вирусот, фактот дека постои ефикасна терапија со која инфекцијата успешно се контролира, фактот дека луѓето со ХИВ и по откривањето на инфекцијата можат да продолжат да функционираат како и претходно, најчесто без позначајни ограничувања и сл. Забележана е само една ваква објава на телевизијата Алсат, со наслов: „Осум заблуди за ХИВ во кои мора да престанете да верувате.“[26] Инаку, во серијата текстови поврзани со американскиот актер Чарли Шин, објавувани во повеќе наврати и во од голем број медиуми, сè на сè, се наоѓа само една позитивна и кратка референца во однос на терапијата за ХИВ, каде што се цитира изјава на актерот: „Различно беше кога ми дадоа апчиња и ми рекоа дека ќе живеам.“ Со исклучок на 2-3 објави/прилози, каде што била дадена точна и сеопфатна информација

24 Точка. Страшна јавна куќа: Тука жени заразени со ХИВ го продаваат своето тело, 3.2.2017.

25 Спорт клуб, 2.10.2017.

26 Алсат-М, 30.11.2017.

во врска со лекувањето на ХИВ-инфекцијата, во текот на целата година во целиот медиумски простор, оваа цитирана реченица претставува сè што може да се прочита за овој аспект во македонските медиуми.

Уште повеќе отсуствуваат информации не само за најнови сознанија поврзани со ова прашање туку и за работи што се утврдени од поодамна во научната, па и во пошироката јавност во светот. Така, на пример, никаде во медиумскиот простор не е спомената биомедицинската превенција на сексуалниот пренос на ХИВ, односно употребата на антиретровирусната терапија за превентивни цели, а особено т.н. предекспозициска профилакса – прашања околу кои во повеќето европски земји веќе неколку години се води опсежна јавна расправа, а во некои земји пристапот до овој вид превенција е достапен во рамките на здравственото осигурување. Споменување на предекспозициската профилакса се среќава само на едно место, но дури и таму останува целосно нејасно за што станува збор:

> „Тој додава дека некои забави се познати како **'сини забави'**, бидејќи посетителите земаат лекови против вирусот за да го намалат ризикот од заразата."[27]

Во оваа реченица (во текст кој е превод од друг јазик), останува нејасно зошто забавите се „сини" и каква е врската со лековите за намалување на ризикот, како се постигнува и што значи навистина тоа намалување на ризикот.

Исто така, наспроти исклучително негативното претставување на ХИВ-инфекцијата во медиумскиот простор, многу ретко се среќаваат содржини поврзани со ХИВ во позитивен контекст. Меѓу таквите примери се вбројува едно интервју[28] со момче што живее со ХИВ, член на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, и уште две објави со следниве наслови:

> „Хуманост на дело: Овој татко посвоил 22 деца од кои 16 се ХИВ позитивни"[29];
>
> „Во Канада отворен ресторан во кој готвачот е ХИВ позитивен"[30].

27 Exclusive.mk. Секс рулет со ХИВ е опасен нов тренд помеѓу младите, 2017.

28 fakulteti.mk. Отворено со лице со ХИВ: Најтешкото е кога криеш и од семејството, 1.12.2017.

29 Алсат-М, 27.2.2017.

30 Плусинфо, 8.11.2017.

Во последниот текст се објаснува дека група гурмани од канадскиот град Торонто отвориле привремен ресторан во кој работат ХИВ-позитивни лица, при што целта била да се урне митот и верувањата дека вирусот се пренесува преку храната.

Очигледно е дека ваквите објави уште повеќе ги утврдуваат негативните стереотипи и предрасудите за ХИВ, а често наведуваат и на сосема погрешни перцепции, како на пример, дека ХИВ може да се пренесе преку гризење, дека вообичаена реакција при откривање на ХИВ-статусот е желбата за самоубиство, како и дека луѓето со ХИВ имаат некој посебен порив да им наштетат на другите преку намерно пренесување на вирусот. Несомнено, засилувањето на ваквите стереотипи и ширењето ирационален страв поврзан со ХИВ-инфекцијата изгледаат исклучително негативно, вознемирувачки, па и навредливо врз луѓето што живеат со ХИВ и само придонесуваат кон нивната изолираност од општеството. Уште повеќе, тие му штетат на националниот одговор на ХИВ, со тоа што ги одвраќаат лицата што биле во можен ризик од инфицирање навреме да направат ХИВ-тест.

## 6.4. Институтот за јавно здравје користи погрешна терминологија при известувањето за епидемиолошките состојби со ХИВ

Периодично во текот на годината медиумите се осврнуваа на епидемиолошката состојба со ХИВ-инфекцијата во Република Македонија. Овој вид објави главно се потпираат на податоци што ги објавува Институтот за јавно здравје, како надлежна установа за следење на состојбите со инфективните заболувања. Може да се забележи дека во нив преовладува неутралност, односно фактографски пристап. Главна забелешка во однос на текстовите со епидемиолошка содржина е поделбата во категории „болни од СИДА“ наспроти „ХИВ-позитивни“, која е, во основа, погрешна, а и мошне заведувачка. Сепак, одговорноста во овој случај не е кај новинарите и кај медиумите, туку кај Институтот за јавно здравје, кој, за жал, користи терминологија и категории што не постојат во светската епидемиологија во однос на ХИВ-инфекцијата, што честопати доведува до забуни. По правило, и во согласност со меѓународните стандарди за известување за епидемијата на ХИВ, треба да се зборува за „нови дијагнози на ХИВ“ или „нови случаи на ХИВ“, односно за вкупен број случаи на ХИВ. Евентуално, од вкупниот број случаи на ХИВ може да се извести за бројот на „случаи на СИДА“, при што се подразбира дека сите случаи на СИДА се истовремено случаи на ХИВ. Таквиот пристап е користен од сите релевантни светски инстанции, вклучително и од Европскиот центар за контрола и превенција на болести,

како и од повеќето земји во поширокиот европски регион. Наспроти тоа, официјалните извештаи објавувани од Институтот за јавно здравје, покрај користењето научно неоправдана терминологија, сосема погрешно како „ХИВ-позитивни“ ги бројат само оние случаи што не влегле во категоријата „болни од СИДА“. Проблемот е уште поголем, бидејќи според одговор на допис од Институтот за јавно здравје до Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, Институтот не ја користи официјалната дефиниција за случај на СИДА, па бројот на пријавени случаи е неоправдано висок. За овој проблем во почетокот на 2017 година Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ писмено реагираше до Институтот, но практиката не се промени.

Коалицијата апелира до медиумите од сите видови и сите области на новинарството и јавното информирање да бидат особено внимателни кога ја обработуваат темата ХИВ и маргинализираните заедници, при што ќе водат сметка да употребуваат точна терминологија и сензитивен пристап во известувањето, да избегнуваат секакви можности за поттикнување или потенцирање на стигмата и предрасудите поврзани со ХИВ, да го подигнат нивото на сопствената едукација во врска со ова прашање и да настојуваат да понудат сеопфатни и проверени информации.

Коалицијата го поздравува зголемениот интерес и сè покоректното и посеопфатно известување во врска со програмите за превенција и поддршка за ХИВ наменети за маргинализираните заедници, како прашање од јавен интерес.

Коалицијата најостро реагира на несоодветната, нестандардна и неточна терминологија што ја користи Институтот за јавно здравје во официјални документи и соопштенија при информирањето на јавноста во врска епидемиолошката состојба со ХИВ-инфекцијата и го повикува најитно да го усогласи начинот на известување со меѓународната практика.

# 7.

# ИСТРАЖУВАЊЕ: РАСПОЛОЖЛИВОСТА НА УСЛУГИТЕ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ХИВ И ПРИСТАПОТ ДО НИВ ЗА МЛАДИТЕ ОД КЛУЧНИТЕ ПОПУЛАЦИИ ЗАСЕГНАТИ ОД ХИВ

Како придонес во градењето на националните јавни политики во врска со одговорот на ХИВ, Здружението ХЕРА спроведе истражување[31] за расположливоста на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ и пристапот до нив за младите од клучните популации засегнати од ХИВ на возраст од 18 до 24 години. Целта на истражувањето беше да се документира пристапот до услугите, како и пречките во пристапот до услуги, со кои се соочуваат младите лица од секоја од различните клучни засегнати популации: мажи што имаат секс со мажи, сексуални работници/-чки, лица што инјектираат дрога и лица што живеат со ХИВ.

Истражувањето беше дел од регионалната иницијатива на Меѓународната федерација за планирано родителство и Фондот за население и развој на Обединетите нации, која се спроведе во осум земји од европскиот и од азискиот регион. Методологијата се состоеше во анализа на документи и на наоди од четири фокус-групи, во кои учествуваа 32 млади лица на возраст

31 „Расположливост на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и за ХИВ и пристапот до нив за младите од клучните популации засегнати од ХИВ – извештај од консултативниот процес спроведен преку мали групни дискусии со младите од клучните популации“ ХЕРА, 2017 г.

од 18 до 24 години, од наведените четири групи. За дополнување и верификација на наодите беше спроведена регионална, како и национална консултативна средба.

Истражувањето покажа дека младите од групите под особен ризик од ХИВ сметаат дека не се интегрирани во општеството, поради што **се соочуваат со нееднаков третман, стигматизација, прекршување на правата и радикални примери на дискриминација и насилство**, како во училишната така и во работната средина, во здравствените институции, како и од страна на претставници на институциите што треба да ги заштитат нивните права, каква што е полицијата. Иако постои широко распространета мрежа на сервиси за ХИВ за овие групи, кои се раководени од граѓанските организации, **капацитетите на примарната здравствена заштита не се приспособени кон потребите во однос на сексуалното и на репродуктивното здравје**, а сервисите за СРЗ во јавното здравство не се пристапни за маргинализираните групи. Од истражувањето се заклучи дека постои потреба од воведување на сеопфатно сексуално образование, како и од ревизија на наставната програма за здравствените работници за да се вклучат современи содржини засновани на докази, поврзани со ХИВ и СРЗ, употребата и зависноста од дроги, сексуалната ориентација, како и здравствените права на групите под особен ризик од ХИВ. Потребно е да се прошират и да се унапредат програмите за превенција на ХИВ, со посебен фокус на сервисите за СРЗ за групите под особен ризик од ХИВ, и да се обезбеди финансиска одржливост на веќе воспоставените услуги за ХИВ и СРЗ по завршувањето на финансиската поддршка од Глобалниот фонд во 2017 година. Од истражувањето произлезе и препораката да се иницираат законски измени и да се воспостават ефективни правни механизми за да се променат насилните практики од страна на претставниците на институциите и јавноста кон групите под особен ризик од ХИВ, со што ќе се гарантира заштитата на нивните права.

# 8.

# „ПОГЛЕДНИ ОД МОЈА СТРАНА“ – КАМПАЊА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЛУЃЕ ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ од Скопје организираше мала кампања и добротворен настан во рамките на одбележувањето на 1 декември, Светскиот ден на СИДА, за подигнување на јавната свесност за ХИВ и собирање средства за поддршка на лицата што живеат со ХИВ во Македонија и се во социјално неповолна положба. На настанот, насловен како „Погледни од моја страна“, кој се одржа во ресторанот МКЦ во Скопје, учествуваа голем број поддржувачи и соработници, како и членови на заедницата, а беа доделени благодарници за поддршката и соработката, при што посебен фокус овој пат беше ставен на здравствените работници кои континуирано даваат поддршка на заедницата на луѓето со ХИВ-инфекција.

Во рамките на кампањата за подигање на свеста, членови на заедницата изработија постери со пораки за емпатија, односно „влегување во чевлите на другиот“, со следниве пораки:

- Не сум болен, јас живеам со ХИВ.
- Продолжив да спортувам, бидејќи имам терапија.
- По 12 години на терапија, јас нормално стареам.
- Водиш љубов со мене, а не со мојот ХИВ.
- ХИВ позитивна сум и знам дека можам да родам негативно дете.

За време на самиот настан во кутијата за доброволен прилог беа собрани 30.770 денари, додека во рамките на целата кампања беа собрани вкупно 152.090 денари. Заедно со средствата собрани во октомври преку добротвор-

ната трка, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во 2017 година собра **вкупно 177.990 денари**. Овие средства ќе бидат користени во текот на 2018 година за помош на лица со ХИВ во социјално неповолна состојба, и тоа за покривање на патните трошоци до Скопје при подигнување на терапијата и редовна или вонредна контрола, како и за помош на месечно ниво во основни прехранбени или хигиенски производи, според потребите на корисниците.

# II.

## Преглед на состојбите со прекршување на правата на луѓето што употребуваат дроги

# 1.

# ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛУЃЕТО ШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

Во текот на 2017 година во Коалицијата се документирани 20 случаи на прекршување на правата на луѓето што употребуваат droги, од кои најголем дел се документирани од страна на самите жртви. Во девет од случаите се работи за прекршување на правата од страна на полицијата, како малтретирање, деградирачко и понижувачко однесување, постојано сопирање и незаконско претресување, како и еден случај на противзаконско и насилно земање брис во полициска станица на лице што се лекува со метадон. Четири од случаите се однесуваат на дискриминација и понижувачки третман во здравствена установа, меѓу кои и одбивање здравствена услуга и нееднаков третман при пристапот до здравствени услуги. Од документираните случаи, по два се однесуваат на дискриминација во работните односи и проблеми со трети лица, како навреди и понижување поради употребата на дроги. Три од документираните случаи се однесуваат на долгогодишниот проблем на лицата што се лекуваат со метадон, а излегуваат од затвор без документи за лична идентификација и без регулирано здравствено осигурување.

Иако е позитивен трендот на зголемување на бројот на документирани случаи, што значи дека луѓето кои употребуваат дроги се охрабрени нив да ги пријават во здруженијата, сепак, за најголем дел од случаите не постои согласност за поведување постапки пред надлежните институции. Недовербата во институциите и стравот од виктимизација сè уште се главната причина зошто луѓето кои употребуваат дроги не се одлучуваат да поведат постапки пред надлежните институции за заштита на своите права.

## 1.2. Дискриминација кон луѓето што употребуваат дроги

Во 2017 година се забележува поголема мотивираност кај лицата што употребуваат дроги да ги пријавуваат случаите на дискриминација и други повреди на правата кај здруженијата на граѓани кои нудат бесплатна правна помош. Само во рамките на ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје и во Коалицијата Маргини, пријавени се повеќе од десет нови случаи на дискриминација во различни области на лица што употребуваат дроги.

Сепак, сѐ уште постои слаба мотивираност за поведување постапки пред надлежните органи за овие случаи. Имено, во повеќе од 80 % од пријавените случаи лицата што употребуваат дроги одлучиле да не поведат постапка.

### 1.2.1. Продолжува дискриминаторската практика на ЈЗУ Стоматолошка клиника кон луѓето што употребуваат дроги и кон луѓето што живеат со ХИВ

Две лица што употребуваат дроги пријавија случаи на дискриминација од страна на медицинскиот персонал на ЈЗУ Стоматолошка клиника – Скопје, врз основа на здравствен статус. Во двата случаи дискриминацијата е извршена од страна на медицинскиот персонал на ЈЗУ Стоматолошка клиника – Скопје така што, откако утврдиле дека во здравствената книшка имаат шифра Ф-11 (зависност од опијати), упатени се на Клиниката за инфективни болести да направат испитувања за хепатит Ц и ХИВ. Здравствениот персонал им соопштил дека доколку имаат позитивен резултат, тогаш интервенцијата ќе мора да ја извршат во посебна просторија и дека е потребно да ја платат дополнителната опрема што ќе ја користи докторот при интервенцијата.

И во изминатите години имаше исти вакви случаи поврзани со истата клиника, документирани од страна на ХОПС, а за оваа практика на клиниката информираат и луѓето што живеат со ХИВ. Во 2013 година, по претставка на ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје против ЈЗУ Стоматолошка клиника – Скопје, Комисијата за заштита од дискриминација утврди директна дискриминација врз основа на здравствената состојба во однос на различни финансиски постапки и критериуми во користењето на исти стоматолошки услуги меѓу пациентите со дијагностициран хепатит Б, Ц и ХИВ и другите пациенти со инфективни заболувања или со негативен резултат од инфективни заболувања. Очигледно дека и покрај препораките на комисијата за обезбедување еднаков пристап на сите пациенти и сопирање на практиката на различни финансиски постапки според здравствениот статус на

пациентите, оваа клиника неа не ја почитува и продолжува со дискриминаторската практика.

Дискриминацијата при пристапот до здравствени услуги на луѓето што употребуваат дроги и луѓето што живеат со ХИВ или хепатит е сè уште видлива практика. Од страна на здравствениот персонал се слушаат изговори како потреба од „дополнителни" мерки за заштита, потреба од „двојна стерилизација" и проблемот со непостоење доволно опрема за заштита (маски, очила, ракавици и слично), па така, медицинскиот персонал неа треба да ја употребува само за пациенти со крвно преносливи инфекции. Она што дополнително загрижува е и дека Комисијата за заштита од дискриминација и Државниот санитарен и здравствен инспекторат не ја препознаваат дискриминацијата и различниот третман на пациентите со ХИВ и хепатит во ваквите случаи. Ваквата практика на институциите ги става под ризик од крвно преносливи инфекции сите пациенти, бидејќи медицинскиот персонал има обврска за секој пациент да употребува мерки за заштита и да користи стерилен прибор, пред сè, бидејќи ХИВ и хепатит не се единствените крвно преносливи инфекции и не е возможно статусот на ХИВ и хепатит да му биде познат на медицинскиот персонал за секој пациент, бидејќи постојат и пациенти што немаат дијагноза Ф11, а се позитивни на хепатит, а кај ХИВ-вирусот имаме период на инкубација од шест месеци, во кој вирусот може и да не се покаже на тестовите. Заклучокот е дека ваквата практика на медицинскиот персонал дефинитивно не е заснована на докази, туку напротив, опасна за здравјето на сите пациенти, а вознемирувачка, деградичачка и дискриминаторска кон луѓето што употребуваат дроги и живеат со ХИВ. На ваков начин, освен што се повредуваат одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација, директно се повредуваат и правата на пациентите од Законот за заштита на правата на пациентите, како правото на приватност и начелото на достапност на здравствените услуги за сите без дискриминација, а со зголемувањето на бројот на медицинскиот персонал, кој е беспотребно запознаен со статусот на ХИВ или на хепатит на пациентот, се зголемува можноста за повреда на правото на доверливост.

### 1.2.2. Утврдена дискриминација од страна на ЈЗУ Здравствен дом – Куманово поради неиздавање лекарско уверение за возачки испит на лице на метадонска терапија

Во 2017 година Комисијата за заштита од дискриминација на претставка од Коалицијата утврди дискриминација врз основа на здравствена состојба (зависност од droги) и припадност на маргинализирана група – лице што употребува дроги од страна на ЈЗУ Здравствен дом – Куманово.

Во јануари 2017 година лице што е на метадонска терапија се обратило до ЈЗУ Здравствен дом – Куманово за да му издадат потврда за лекарско уверение за полагање возачки испит. По извршениот преглед му бил отворен картон, но медицинската сестра, разгледувајќи ја здравствената картичка, го прашала пациентот за што му била препишана терапијата (таблети Рибавирин и инјекции Пегасус) и пациентот сам ѝ кажал дека е тоа терапија за хепатит Ц. Медицинската сестра, врз основа на претходно пропишана терапија за ХЦВ, утврдила дека пациентот е позитивен на хепатит Ц, а потоа психологот усно му го изнел ХЦВ-статусот како причина за недобивање на лекарското уверение. Бидејќи установата не му издаде никаков документ на пациентот за побараната здравствена услуга и причините за одбивање, пациентот двапати писмено се обрати до ЈЗУ Здравствен дом – Куманово со барање за добивање писмена потврда и копија од медицинската документација. Но, Здравствениот дом – Куманово достави два последователни одговори, кои не соодветствуваат на фактичката состојба, известувајќи го пациентот дека по извршена проверка во службената евиденција утврдиле дека се наоѓа во регистарот на лица што се на метадонска терапија и дека поради тоа бил упатен во ЈЗУ Општа болница – Куманово да извади лекарско уверение и да го оствари своето право.

Неиздавањето лекарско уверение е мотивирано од предрасуди и дискриминација кон луѓето со позитивен ХЦВ-статус и луѓето што употребуваат дроги, со оглед на тоа што не постои одредба од закон, правилник или упатство со кое се предвидува дека лицата позитивни на ХЦВ не треба да добијат уверение за возачки испит, што се потврдува и со фактот дека лицето подоцна добило потврда од страна на Општата болница – Куманово. Во однос на лицата што употребуваат дроги, медицината базирана на докази вели дека пациентите што се лекуваат со метадон повеќе од една година, континуирано земаат правилно администрирана доза пропишана од лекар, апстинираат од употреба на други психоактивни супстанции, не страдаат од други растројства, покажуваат одговорност за себе и се добро социјално интегрирани, можат без ризици за безбедноста да управуваат со моторно возило. Иако во случајот се работи за лице што ги исполнува овие услови, долго време и на дисциплиниран начин се лекува со метадон, вложува во своето образование и социјална интеграција, сепак, медицинскиот персо-

нал одлучил да генерализира и му го одзел правото на оваа здравствена услуга, а со тоа и правото да полага возачки испит, кој е предуслов за добивање на голем број работни места. Дополнително, Здравствениот дом – Куманово одбил да издаде потврда и копија од медицинска документација, спротивно на Законот за здравствена заштита и Законот за заштита на правата на пациентите.

Коалицијата поднесе претставки до Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и Државниот здравствен и санитарен инспекторат. Но, за жал, само Комисијата за заштита од дискриминација утврди директна дискриминација врз основа на здравствен статус и припадност на маргинализирана група, во областа „пристап до добра и услуги". Комисијата утврди дискриминација во постапувањето на болницата спротивно на Правилникот, според кој, доколку медицинскиот персонал се посомнева дека пациентот има болест или состојба што може да влијае на способноста да управува со моторно возило, тој треба писмено да се препрати на понатамошни прегледи. Дополнително, комисијата препорача индивидуализиран пристап, наместо генерализирано постапување според предрасудата дека луѓе што употребуваат дроги не можат да возат. За разлика од комисијата, Државниот здравствен и санитарен инспекторат и Народниот правобранител одлучија да веруваат во тврдењата на Здравствениот дом – Куманово, површно го анализираа случајот и не ги зедоа предвид писмените докази, од кои е видливо дека пациентот бил усно одбиен и не му била издадена никаква потврда или писмен упат кон друга здравствена установа.

Бидејќи одбивањето за издавање на лекарско уверение за полагање возачки испит или тешкотиите при остварување на ова право се проблеми за кои се пожалиле повеќе лица што се лекуваат со метадон, Коалицијата ги извести Министерството за здравство, Државниот здравствен и санитарен инспекторат и Народниот правобранител за утврдената дискриминација од страна на комисијата, со барање Министерството за здравство да го извести одговорниот медицински персонал дека ваквата практика претставува дискриминација и да преземе мерки за нејзино запирање. Сѐ уште нема никаков одговор од институциите.

Коалицијата им препорачува на Министерството за здравство и на Државниот здравствен и санитарен инспекторат да преземат итни мерки за запирање на дискриминаторските практики кон луѓето што употребуваат дроги и луѓето што живеат со ХИВ. Препорачуваме Министерството за здравство соодветно да ги информира и да ги едуцира здравствените работници за мапираните проблеми и да даде инструкции за фактичка промена на дискриминаторските практики. Државниот

здравствен и санитарен инспекторат и Народниот правобранител треба да ги зајакнат сопствените капацитети за заштита од дискриминација на луѓето што употребуваат дроги и на луѓето што живеат со ХИВ и доследно да извршуваат надзор над примената на законите, а особено да го имаат предвид Законот за заштита на правата на пациентите.

### 1.2.3. Судот не ја препознава дискриминацијата кон луѓето што употребуваат дроги во работните односи

Во 2017 година заврши првостепената и второстепената постапка за утврдување дискриминација која ја водеше лице што употребува дроги против работодавач, бидејќи во 2015 година тој е отпуштен од работа поради неговата здравствена состојба (зависност од дроги).

Имено, лицето ја прифатило понудената работна позиција од страна на работодавачот, започнало со редовно извршување на работните задачи, но по единаесеттиот ден, откако работодавачот дознал дека се работи за лице што употребувало дроги, одлучил да го отпушти, наместо да му го понуди договорот за вработување. Откако Државниот инспекторат за труд, по извршениот увид во документацијата и кај работодавачот, не утврди повреда, лицето започна судска постапка за повреда на правото на еднаквост во пристапот до работа. Но, првостепениот, а потоа и второстепениот суд, не успеаја да препознаат дискриминација, благодарение на погрешно утврдената фактичка состојба. При утврдувањето на фактичката состојба, судот, и покрај тоа што го префрлил товарот на докажување на страна на тужените, одлучува да посвети несразмерно повеќе верба во доказите на тужителите наспроти доказите на тужителот. И покрај тоа што од комуникацијата преку електронска пошта меѓу тужените и тужителот е јасна намерата на работодавачот да заснова работен однос со тужителот и со која се договара работното време, работната позиција и износот на платата, судот одлучи да верува на тврдењето дека работодавачот воопшто не планирал да заснова работен однос со тужителот, туку само привремено го ангажирал како помош на вработените лица, па поради тоа не склучил договор за вработување со него.

Ова беше првата судска постапка за заштита од дискриминација што е поведена од страна на лице кое употребува дрога и поради тоа е многу значајна за мотивирање на другите луѓе што употребуваат дроги кои се дискриминирани, како и за подигање на свеста и едукација на судиите за специфичните проблеми на луѓето што употребуваат дроги во остварувањето на нивните права во секојдневниот живот.

Зависноста од опијати е хронична болест, која најчесто се третира долгорочно, со супститут како метадонот, чија главна е цел е намалување, односно целосно прекинување на употребата на супстанции. Оваа терапија му овозможува на клиентот ефикасно да ги извршува работните обврски и затоа е неопходна поддршка од општество во целина, вклучително и од стопанството, семејството и институциите во процесот на ресоцијализација.

Поради незадоволството од првостепената пресуда и одбивањето на жалбата како неоснована, за истиот случај ќе се подготви апликација пред Европскиот суд за човекови права.

### 1.2.4. Дискриминација на лице што употребува дроги во работните односи благодарение на незаконско и тенденциозно постапување на полицијата

Лице што употребува дроги пријавило во ХОПС дека во текот на месец јули било дискриминирано врз основа на здравствената состојба во областа на работните односи. Истовремено, лицето пријави и деградирачко и понижувачко постапување од страна на полицијата. Дискриминацијата е направена на начин што лицето добило телефонски повик од страна на полицијата дека се повикува на разговор во полициска станица бидејќи е осомничен за кривично дело разбојништво, на што тој одговорил дека во моментот се наоѓа на работа и дека откако ќе му заврши работното време веднаш ќе се јави во полициската станица. Но, и покрај тоа, полицијата во рок од половина час дошла на работното место на клиентот, првично разговарале со неговиот работодавач и пред сите на груб начин го привеле и го однеле во полициска станица, каде што извршиле разговор, а потоа го пуштиле. Токму поради тоа, речиси сите вработени во фирмата дознале дека тој во минатото употребувал дроги и следниот ден добил отказно решение. Како резултат на сето тоа, тој почнал повторно да употребува дроги и за кратко време дошло до сериозно влошување на здравствената состојба на едната нога и во средината на месец август извршена му е ампутација. Советуван е за заштита на своите права и за можноста од бесплатно судско застапување од страна на адвокатките од ХОПС, но не сакаше да поведе постапка поради тоа што во фирмата од која е отпуштен работи негова блиска роднина, сопругата на неговиот брат.

Понижувачкото и деградирачко однесување на полицијата кон луѓето што употребуваат дроги, непочитувањето на правата во полициска постапка и третманот на „дежурен виновник“ сè уште се видлив проблем. Во случајов полициските службеници, спротивно на Законот за полиција и Правилникот за вршење на полициските работи, не почекале лицето да се јави во полициска станица, туку, не почитувајќи го работното време и доверливоста на

полициската постапка, се појавиле на работното место и дополнително не се воздржале да му соопштат на работодавачот дека лицето користело дроги и е осомничено за разбојништво. Секако, одлуката за отпуштање на работникот ја донел работодавачот, спротивно на забраната за дискриминација од Законот за работните односи и Законот за спречување и заштита од дискриминација, но сепак, клучна улога имаат полициските службеници. На ваков начин полицијата, наместо да помага во процесот на ресоцијализација и реинтеграција на луѓето што употребуваат дроги, се јавува во улога на главен попречувач. Ова не е прв случај во кој дејствата на полициските службеници преземени спротивно на нивните овластувања и со кои се злоупотребува позицијата на моќ во општеството влијаеле негативно на работните односи на луѓето што употребуваат дроги.

Коалицијата Маргини препорачува МТСП, во соработка со другите надлежни институции, да преземе мерки за унапредување на пристапот до пазарот на труд на луѓето што употребуваат дроги, како развој на програми за помош при остварување на работниот однос на луѓето што употребуваат дроги. Во случај на повреда на правото на работа, особено како последица од дискриминација, надлежните институции, односно Државниот инспекторат за труд и судовите, мора подеднакво да ги штитат правата на луѓето што употребуваат дроги.

Коалицијата бара од Министерството за внатрешни работи да преземе мерки со кои ќе се адресира проблемот со недостоинствено и насилничко постапување на полицијата кон луѓето што употребуваат дроги, особено во контекст на нивните незаконски дејства, кои имаат цел луѓето што употребуваат дроги да го изгубат работното место.

## 1.3. Полициска бруталност кон лицата што употребуваат дроги

Во својот годишен извештај за 2015 година Коалицијата констатираше дека најбројни жртви на војната против дрогите во Македонија не се оние што ја произведуваат и што ја продаваат дрогата, туку луѓето што ја употребуваат.

Според истражувањето на ХОПС[32], во периодот од 2013 до 2017 година може да се забележи дека за луѓето што инјектираат дроги, најсериозните проблеми што ги имаат и ги пријавуваат се поврзани со полициското постапување – во приближно 30% од проблемите. Дури 85% од луѓето што инјектираат дроги имале барем еден проблем со полицијата во периодот од 2013 до 2017 година. Речиси две третини од луѓето што инјектираат дроги сметаат дека биле неправедно третирани од страна на полицијата, од кои мнозина биле физички или психички малтретирани од страна на полициски службеници. Голем дел од испитаниците биле жртви поради злоупотреба на службената положба, а полицијата одбила да евидентира или да поведе постапка по пријавено дело од страна на една третина од луѓето што употребуваат дроги.

Според здруженијата кои работат со луѓето што употребуваат дроги и нудат правна помош и советување, во 2017 година се забележува зголемен број пријавени случаи од лица што употребуваат дроги, кои се малтретирани од страна на полициски службеници. Значаен дел од овие случаи се однесуваат за поседување и употреба на канабис. Имено, во изминатава година беа забележани повеќе полициски акции низ градовите во Македонија, каде што претежно се поведуваа постапки против луѓето што употребуваат канабис.

Исто така, Коалицијата има регистрирано повеќе случаи во Охрид, каде што е очигледно дека одредени припадници на полициските сили редовно ги малтретираат лицата што употребуваат дроги (претресување на улица, приведување во полициска станица), но и во други градови во Македонија.

32 Цековски И, Димитриевски В, Правни потреби и пристап до правда за луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија, ХОПС, 2017 (во ракопис).

### 1.3.1. Полициска бруталност, нечовечко и деградирачко однесување на полицијата кон лице што употребува дроги

Во јули 2017 година во Скопје лице на третман со метадонска терапија (во натамошниот текст Н) се симнал на клупите во населба каде што живее за да се најде со пријателите. Уште кога се приближувал до клупите, видел дека четворица полициски службеници се расправаат со граѓаните што седат на клупите и се обидуваат грубо и без објаснување да ги растераат од местото. Откако пробале да го избркаат и него, тој се противел и побарал објаснување. Полициските службеници почнале да го претресуваат во јавност, а во меѓувреме едниот од нив се оддалечил неколку метри и во непосредна близина нашол кутиче што Н претходно го фрлил. Откако го нашол кутичето, му се приближил, го прашал дали тој го фрлил и му се заканил дека ќе го „утепа“ ако лаже, при што грубо го повлекол за маицата. Н кажал дека тој го фрлил кутичето, по што полициските службеници го отвориле во присуство и на други граѓани, но во кутичето не пронашле психоактивни супстанции, како што се надевале, туку некое мало камче. Н ги прашал зошто го малтретираат, потенцирал дека не е првпат да го сопираат и да го претресуваат без причина и кажал дека ќе ги пријави во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР. На ова полициските службеници се налутиле, почнале да го навредуваат, а едниот од полициските службеници му се приближил и го сопнал, по што Н паднал, а полициските службеници почнале да го удираат со клоци по нозете, задникот и половината. Додека го удирале, го навредувале, нарекувајќи го „наркоман“ и се обиделе да ги растераат сите присутни граѓани. Му кажале дека, доколку ги пријави, тие ќе го употребат камчето како доказ против него и ќе кажат дека мавал по автобуси со него. Н им кажал „во ред“ и се оддалечил од местото .

Наредниот ден Н отишол во Градската општа болница „8 септември“, каде што по прегледот му дале специјалисички извештај кој ги потврдува физичките повреди со кои се здобил при нападот од страна на полициските службеници.

Неколку дена подоцна Н бил повторно застанат од еден од полициските службеници кои го тепале. Повторно го претресол на јавно место и го прашал од чија страна е, „наша или нивна“, Н не го разбрал за што зборува, само му кажал: „Не сум од ваша“, по што полицискиот службеник му се заканил дека доколку го најде со дрога, ќе му направи проблеми.

Случајот беше документиран во Коалицијата Маргини, по што беа испратени претставки до Народниот правобранител и до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР со барање да го испитаат случајот, да утврдат повреда на правата и да побараат кривично гонење на

полициските службеници и преиспитување на нивниот работен однос во Министерството за внатрешни работи. Народниот правобранител испрати барање за поведување постапка заради утврдување казнена одговорност до Основното јавно обвинителство на четирите полициски службеници, а Основното јавно обвинителство поведе постапка за кривично дело малтретирање во вршење на службата, според член 143 од Кривичниот законик, која до завршувањето на овој извештај сè уште е во тек.

Полициските службеници што го тепале Н сториле кривични дела, и тоа: малтретирање при вршење на службата од член 143 од КЗ на РМ, бидејќи полициските службеници во вршење на службата го малтретирале, го застрашувале, го понижувале и го навредувале лицето, со што го исполниле битието на делото, за кое КЗ предвидува казна затвор од една до пет години. Притоа, полициските службеници го сториле и делото телесна повреда, од член 130 од КЗ на РМ, што е видливо од специјалистичкиот извештај и за кое е предвидена парична казна или казна затвор до три години. Тие го извршиле и делото противзаконско вршење претрес од член 146 од КЗ, бидејќи двапати бесцелно извршиле претрес без, притоа, да имаат основано сомнение дека кај него би можеле да најдат траги на кривично дело или предмети што можат да послужат како доказ во соодветна постапка, во согласност со член 50 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи и член 61 од Законот за полиција. Исто така, полициските службеници не составиле записник за извршен претрес на лице, во согласност со член 54 став 2 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи ниту, пак, се легитимирале.

Фактот што Н е поранешен корисник на дроги, кој во моментот се лекува со метадонска терапија, самото по себе не може да биде основано сомнение дека е тој сторител на кривично дело или прекршок. Со ваквиот третман на лицата што употребуваат дроги од страна на полицијата, дополнително се маргинализираат и се стигматизираат овие лица, па наместо како пациенти и рамноправни граѓани, a priori се третираат како криминалци. Ваквото однесување на полицијата кон луѓето што употребуваат дроги директно им штети на напорите на здравствениот систем за лекување и ресоцијализација на луѓето што употребуваат дроги. Полицијата редовно ги малтретира, постојано и без никакво сомнение ги претресува, ги уценува и ги навредува луѓето што употребуваат дроги, со што ги прекршува основните човекови права, го загрозува животот и безбедноста, и го повредува човековото достоинство и интегритет. Со ваквото однесување полициските службеници се сторители и на делото расна и друга дискриминација од член 417 од КЗ, бидејќи врз основа на здравствената состојба, како дискриминациска основа, ги повредиле основните човекови права и слободи.

Кривичното гонење на полициските службеници е значаен чекор кон сопирање на полициската бруталност кон луѓето што употребуваат droги, бидејќи тоа ќе ги мотивира и другите да пријават случаи и да започнат постапки против полициски службеници. Евентуалните последиците со кои ќе се соочат полициските службеници како последица од кривичното гонење, ќе испратат јасна порака до полициските службеници дека ваквото однесување е недозволиво, што ќе ги демотивира во иднина да се однесуваат нечовечки и деградирачки кон луѓето што употребуваат дроги.

Коалицијата ја поздравува одлуката на Народниот правобранител и Основното јавно обвинителство за кривично гонење полициски службеници кои малтретирале лице што употребува дроги во вршење на службата. Коалицијата Маргини бара од Министерството за внатрешни работи да преземе соодветни мерки за конечно надминување на овој проблем, кој постои повеќе децении. Коалицијата нуди експертска помош за едукација на вработените во полицијата за зависности и работа со луѓе што употребуваат дроги.

Коалицијата бара Министерството за внатрешни работи доследно да ги применува одредбите од Законот за полиција и Правилникот за начинот на вршење на полициските работи за сите граѓани, вклучително и за луѓето што употребуваат дроги. Секторот за внатрешна контрола на МВР и Народниот правобранител мора да ги засилат мерките за надзор над полициското постапување кон луѓето што употребуваат дроги, со цел казнување на полициските службеници, во согласност со законот, и надминување на овој проблем.

## 1.4. Повреда на правото на лекување и загрозување на правото на живот на луѓето што употребуваат дроги и излегуваат од затвор

Како и претходната година така и оваа, здруженијата на граѓани кои работат со луѓето што употребуваат дроги имаат регистрирано повеќе случаи на повреда на нивните права откако ја издржале казната завор и излегуваат во заедницата. При отпуштањето од повеќегодишно издржување на казна затвор, луѓето излегуваат во заедницата без документи за лична идентификација (лична карта) и без регулирано здравствено осигурување. Од 2012 година до денес ХОПС има регистрирано над 40 случаи на луѓе што завршуваат со издржувањето на казната во КПД Идризово и не се во можност веднаш да продолжат со лекување поради тоа што немаат документи за лична идентификација. Документот за лична идентификација, односно личната карта, е услов за стекнување со право на здравствено осигурување, што, пак, е услов за лекување на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Луѓето што употребуваат дроги, а кои имаат потреба од долгорочен третман, во текот на издржување на казната затвор во КПД Идризово се лекуваат со супституциска терапија со метадон.

Зависноста од дроги е здравствена состојба што бара долгорочно и континуирано лекување, па по отпуштањето од затворот потребно е веднаш да продолжат со лекување со метадонска терапија во еден од дневните Центри за превенција и третман на злоупотреба и зависност од дроги во заедницата. Немањето здравствено осигурување го ограничува пристапот до лекување, што може да биде фатално за луѓето што се на третман од зависност. Поради недостиг на супститут за зависноста, тие често се присилени повторно да започнат со употреба на опијати за чија доза и квалитет немаат толеранција, што може да предизвика предозирање и смрт.

Еден од покарактеристичните случаи е кога во месец мај клиент на ХОПС пријавил дека добил прекин на казна затвор поради влошена здравствена состојба, но од затворот е пуштен да се лекува без здравствено осигурување.

Управата за извршување санкции и установата во која се издржува казната имаат обврска, во согласност со Законот за извршување санкции, во текот на целото издржување на казната, а со зголемен интензитет во последните три месеци пред отпуштањето, да преземат активности за подготовка за отпуштање на осудените лица и нивно приспособување за животот на слобода. Меѓу другото, ова подразбира и вадење документи со кои ќе им се олесни интеграцијата на луѓето во заедницата. И покрај тоа што Законот за извршување санкции јасно предвидува како треба да се постапува со

лица што при отпуштањето од издржување казна затвор имаат здравствени проблеми што треба да продолжат да се третираат и во заедницата, сепак, спроведувањето на овие одредби не се применува во практиката.

Во текот на 2016 година ХОПС за два вакви случаи се обрати со претставка до Народниот правобранител. Народниот правобранител ги прифати и двете претставки и поведе постапка за утврдување на наведените повреди на Законот за извршување санкции. Во текот на 2017 година Народниот правобранител го извести ХОПС дека за едниот случај, според информациите што ги добиле од управата на КПД Идризово, не се утврдени повреди на законот. За вториот случај, пак, Народниот правобранител утврди повреда и до КПД Идризово достави укажување за начинот на отстранување на повредите. Укажувањата се однесуваат на задолжително постапување во согласност со Законот за извршување санкции, со цел преземање соодветни активности за подготовка за отпуштање на осудени лица и нивно приспособување на животот на слобода. Во истиот допис Народниот правобранител известува дека КПД Идризово, постапувајќи по даденото укажување, доставило известување во кое се наведува дека во иднина доследно ќе се придржуваат кон одредбите од Законот за извршување санкции кои го уредуваат прашањето на отпуштање од установата и вклучување во животот на слобода.

И покрај ваквото известување од страна на КПД Идризово, во практиката тоа не се спроведува, имајќи предвид дека во 2017 се регистрирани нови случаи на отпуштање лица од затвор без документи за лична идентификација (лична карта) и без регулирано здравствено осигурување.

Коалицијата Маргини бара од Министерството за правда и од Управата за извршување санкции да преземат соодветни мерки за надминување на овој проблем, со кој се загрозуваат правата на луѓето што употребуваат дроги, но и на сите болни лица што се на издржување на казна затвор.

Коалицијата бара од директорот на КПД Идризово конечно да преземе соодветни мерки за почитување на Законот за извршување санкции од страна на сите вработени во институцијата, со што ќе се обезбеди навремено лекување и реинтеграција во заедницата на луѓето што ја издржале казната затвор.

Бараме од Народниот правобранител, како надлежен орган за следење на работата на затворите, проактивно да ја следи состојбата и да ги преземе сите мерки предвидени со закон во случаите каде што не се почитуваат одредбите од Законот за извршување санкции. Доколку КПД

Идризово не ги почитува препораките на Народниот правобранител, тој треба јавно да апелира за надминување на овој проблем и да побара од Министерството за правда и од Владата на Република Македонија спроведување итни мерки за негово надминување.

## 1.5. Непостоење програма за лекување деца што употребуваат дроги – повреда на правото на лекување и правото на живот

Како и минатата година, проблемот со непостоењето програма за лекување на малолетници, односно деца што употребуваат дроги во Македонија останува нерешен. Иако ова прашање е детектирано пред многу години, и покрај сите активности иницирани, пред сѐ од страна на ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје во насока за решавање на овој проблем, надлежните немаат преземено речиси ништо. Единствено Министерството за здравство започна со изработка на протокол за лекување на деца што употребуваат дроги, кој веќе три години е во подготвителна верзија и сѐ уште не е усвоен. Индиферентноста на надлежните институции доведува до постојано зголемување на бројот на деца што употребуваат дроги и до значително нарушување на нивното здравје. Само во текот на 2017 година Здружението ХОПС има контактирано со вкупно 27 деца што употребуваат дроги, од кои четири се нови, односно контактирано е со нив за првпат во таа година. И покрај заложбата на тимот на ХОПС, во 2017 година само три деца започнаа со лекување со симптоматска терапија во Заводот за деца и млади за ментално здравје „Младост“. Другите малолетници не започнаа со лекување на зависноста поради непостоењето соодветна програма и административни бариери.

Во 2017 година ХОПС формираше Национално координативно тело за деца што употребуваат дроги, чија главна цел е да се застапува за решавање на проблемот со употребата на дроги кај малолетниците во Република Македонија. Во телото членуваат претставници на: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Управата за извршување санкции, Народниот правобранител, Град Скопје, УНИЦЕФ, Црвениот крст на Македонија и ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје. Донесувањето на протоколот за лекување и отворањето програма за лекување малолетници што употребуваат дроги се приоритетните цели на ова тело за 2018 година.

Коалицијата Маргини инсистира во најкраток можен рок Министерството за здравство да го финализира и да го усвои протоколот за лекување деца што употребуваат дроги.

Коалицијата бара Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика да формираат мултисекторска работна група, која ќе изработи програма за лекување, ресоцијализација и грижа за децата што употребуваат дроги.

## 1.6. Продолжува практиката на кривично гонење на луѓе што поседуваат канабис за лична употреба

Во текот на 2017 година Коалицијата и ХОПС документираа неколку случаи на кривично гонење на лица што поседуваат канабис за лична употреба, за што обезбедија и бесплатна правна помош.

Во еден од случаите се работи за лице кај кое е пронајдено 4,51 грам канабис, по што полицијата добила признание од него и од уште двајца сведоци дека е канабисот на обвинетиот и е наменет за лична употреба. И во овој случај полицијата и обвинителството не обезбедиле соодветни докази дека е канабисот наменет за продажба, односно не нашле сведоци – купувачи од обвинетиот или други докази. Напротив, обвинетиот соработувал со полицијата и кажал од кого го набавил канабисот, а сведоците изјавиле дека претходно и тие употребувале канабис заедно со обвинетиот. За конкретниот случај сведоците изјавиле дека не знаеле дека обвинетиот поседува канабис и немале претходен договор со него дека ќе употребуваат заедно, додека, пак, обвинетиот изјавил дека сметал на тоа дека заедно ќе го употребуваат канабисот. Судот смета дека е нелогично обвинетиот да го набави канабисот за заедно да го употребуваат, а притоа, да не ги информира и другите, па според тоа донесува паушален заклучок дека обвинетиот имал намера да го продава канабисот, со оглед на тоа што делото за кое се гони е „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од членот 215 од Кривичниот закон.

Спорно е расудувањето на судот во овој случај, бидејќи се работи за мала количина канабис, од која можат да се направат четири цигари. Ако сведоците во случајот немале намера да употребуваат канабис заедно со обвинетиот, тоа не значи дека тој ја набавил за да ја продава, напротив, пологично е да ја задржи за себе и сам да ја употребува. Обвинетиот и сведоците изјавиле дека и порано употребувале канабис, не продавале, така

што логично е и овој пат да се случило истото. Недозволиво е судот, врз основа на нелогични претпоставки за дејства, кои не биле практика ниту во минатото, да донесува обвинителна пресуда.

Според Кривичниот закон на Република Македонија поседувањето канабис не е кривично дело, туку неговото производство и продажба. За да се обвини, а потоа и да се осуди лице за продажба на дроги, треба да се обезбедат докази дека тоа навистина се случува. Поседувањето кесичка со 4,51 грам канабис никако не може да се смета за доказ дека лицето и ја продава.

На ваков начин судот и обвинителството не го спроведуваат доследно Кривичниот закон и донесуваат паушални пресуди на штета на правната сигурност на граѓаните, бидејќи кривично се гонат и се казнуваат за дела што не се предвидени во законот. Со ваквото постапување се повредуваат човековите права на луѓето што употребуваат дроги, непотребно се трошат државни ресурси, а војната против дрогите се води на грбот на корисниците, со што дополнително се маргинализираат и се оддалечуваат од институциите.

# 2.

# ИСТРАЖУВАЊЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА: СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И СТИГМАТА ОД ОКОЛИНАТА СЕ ПРИОРИТЕТНИ ПРАШАЊА ЗА ЛУЃЕТО ШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

Во 2017 година Коалицијата спроведе истражување[33] меѓу луѓето што употребуваат droги за да ги процени потребите за зголемување на општествената вклученост на овие лица. Истражувањето се спроведе преку дискусии со фокусни групи и преку анкети, меѓу луѓето што употребуваат дроги од Скопје, Охрид, Струга, Струмица и од Тетово. Со дискусиите со фокусните групи се опфатија 40, а со анкетите 65 луѓе што употребуваат дроги. Во истражувањето беа испитувани состојбите во четири области: полиција, систем на здравствена заштита, социјална заштита и општа јавност.

Од наодите во областа **полиција и полициско постапување** се потврди заклучокот дека луѓето што употребуваат дроги се жртви на голем број прекршувања на нивните човекови права при контакт со полицијата. Инспекторите за дрога се оние полициски службеници што беа оценети како најпроблематични од страна на испитаниците. Инспекторите за дрога, особено во помалите градови, добро ги познаваат речиси сите зависници од дроги. Тоа им овозможува лесно да ги забележуваат и да ги препознаваат. Во Скопје главните критики беа упатени кон припадниците на специјалната единица Алфи. Лицата што употребуваат дроги во Скопје се први на удар

33 Извештајот од истражувањето сè уште е во ракопис. Авторка на истражувањето е Ирена Цветковиќ, уредничка Драгана Дрндаревска, а асистент истражувач Влатко Деков.

токму на оваа единица. Алфите беа оценети од испитаниците како насилни и дискриминаторски расположени кон нив.

Претресот на јавно место без основано сомнение е друг чест проблем што беше детектиран од страна на испитаниците. Бесправното лишување од слобода е уште еден проблем со кој се соочуваат лицата што употребуваат дроги. Имено, повеќе испитаници споделија искуства за приведување во станица по претрес во кој не им било пронајдено ништо што е законски недозволено. Оттука, според нив, приведувањето е апсолутно бесполезно и има единствена цел да ги понижи и да ги повреди лицата што употребуваат дроги. Неколку испитаници раскажаа случаи на лишување од слобода, кои завршиле со приведување во станица во период од 12 до 24 часа, за подоцна тие да бидат пуштени на слобода без никакво објаснување.

Беа забележани изолирани случаи во кои инспекторите здравствениот статус на луѓето што се лекуваат со метадон го издале на претпоставените во работната средина. Неколку испитаници раскажаа дека ја изгубиле својата работа затоа што инспекторите им раскажале на нивните газди дека е подобро да отпуштат од работа таков човек, кој може да им донесе само проблеми.

Системот на **здравствена заштита** доби збирна оценка од страна на лицата што употребуваат дроги од 3,04, на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став. Спроведената анкета даде резултати што укажуваат на подобар однос на здравствените работници во центрите за лекување на зависности наспроти здравствените работници од други болници и установи. Можна причина за повисоката оценка на здравствените работници од центрите за лекување на зависности се серијата активности што ги спроведоа ХОПС и Коалицијата за подобрување на квалитетот на програмите за лекување зависности од дроги во Скопје, како и континуираните активности на здруженијата на граѓани за права на лицата што употребуваат дроги од другите градови.

Испитаниците посочуваат на неколку клучни проблеми во однос на третманот на лицата што употребуваат дроги од страна на здравствените работници. Дијагнозата Ф-11, која стои во здравствената легитимација, веднаш го менува односот на здравствените работници кон овие пациенти. Дури и во најдобрите случаи, тие препознаваат дискриминација, стигма и страв. Некои велат дека стравот на здравствените работници од пренос на ХИВ или хепатитис Ц прави тие да се однесуваат негативно, односно да бараат изговори за да не дадат медицинска услуга. „За нас се чека до последна фаза за да нѐ примат. Цела нога до сечење да дојде, па ќе ти прими“ – раскажува еден испитаник од Скопје.

Стоматолозите, особено во Скопје, но делумно и во Струмица и Охрид, од своите пациенти што имаат впишана дијагноза Ф-11 бараат самите да обезбедат стерилни ракавици и маски, а неретко и тестови за ХИВ и хепатитис Ц. Сето ова ја зголемува цената на здравствената услуга за група што и онака во најголем процент се бори со сиромаштија.

Метадонските центри, иако релативно високо оценети за својот персонал, сепак, имаат големи недостатоци, пред сè просторни и инфраструктурни. Во Струмица, по палењето на центарот, метадонот се издава во друга просторија, која не е соодветна за таков тип услуги. Во Охрид, по губењето на просторот, метадонскиот центар се сели во Болницата. Пациентите таму ја изгубиле дискрецијата, бидејќи можаат да бидат видени од целокупната јавност што ја посетува болницата. Сепак, и во Скопје и во другите градови најголем број испитаници укажуваат на фактот дека програмата за лекување се исцрпува единствено со земање метадон од шалтер, односно дека изостанува компонентата на ресоцијализација и психосоцијална поддршка.

Збирната оценка на лицата што употребуваат droги за **системот на социјална заштита** изнесува 2,02, на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став. Наодите покажуваат дека, веројатно, социјалната заштита претставува најслабата алка во системот на заштита на лицата што употребуваат дроги. Ова го докажува фактот што најголем дел од испитаниците ги темелеа своите одговори на претпоставки, односно изјавуваа дека никогаш не биле во центрите за социјална работа, а од друга страна, најголем дел одговорија дека имаат потреба од социјална помош. Токму посочената слабост на овој систем, односно занемарувањето на социјалните услуги на сметка на паричната помош, се повторува и како резултат од оваа проценка.

Според испитаниците, клучен проблем на лицата што употребуваат дроги е вработувањето. Од вкупниот број анкетирани лица што употребуваат дроги, дури 74% се невработени и без редовни примања. Стигмата, дискриминацијата, но и потребата да се оди најмалку еднаш неделно по терапија се главните причини за овој проблем.

Испитаниците сметаат дека ставот на вработените во системот на социјална заштита е дека зависниците немаат потреба од нивна помош, па според тоа, претпоставуваат дека ќе бидат осудувани и стигматизирани од страна на вработените. „Тие сигурно си мислат: ‘Штом овој има пари за дрога, нема потреба да му даваме парична помош’“ – сподели еден испитаник.

Психосоцијалната компонента, односно програмите за ресоцијализација на лицата што употребуваат дроги речиси и не постојат, а испитаниците посочија на потребата од нив. Испитаниците од Охрид споделија дека днев-

ниот центар за зависности (дел од системот за социјална заштита) порано функционирал одлично. Сепак, сега не функционира, бидејќи го изгубил просторот.

Односот на другите луѓе, односно на **општата јавност** кон лицата што употребуваат дроги има најниска оценка (1,82) споредено со другите области. Тоа укажува на фактот дека лицата што употребуваат дроги чувствуваат најмногу дискриминација од страна на своите соседи, роднини и на општата јавност. Во најголем број случаи поддршката во семејството изостанува надвор од најтесниот круг (родители, браќа и сестри). Според испитаниците, оваа состојба влијае не само врз нив туку и врз членовите на нивните најтесни семејства. Тие ја губат релацијата со поширокото семејство, а со тоа и кругот на поддршка што најчесто го имаат другите луѓе. „Ние сме тие роднини што не ги канат на свадба“ – сподели еден испитаник од Скопје.

Средината во која живеат често ги отфрла лицата што употребуваат дроги. Особено во помалите градови, но и во Скопје, овие лица се препознаени како зависници и перципирани како лица што се занимаваат со криминал, кои се опасни и непосакувани. Најголем дел од испитаниците што имаат деца споделија дека ваквиот однос на средината најмногу влијае врз нивните деца. Некои од нив раскажуваа за случаи на родители чии деца се дискриминирани и несоцијализирани со други деца поради ставот на другите родители кон нив. Значителен дел од нив својата зависност ја кријат од средината во која растат нивните деца, но свесни се дека тоа не е крајното решение. Дел од нив сметаат дека училиштата и градинките треба да бидат сензибилизирани за работа со деца на родители што употребуваат дроги.

Со истражувањето се мапираа и клучни препораки за подобрување на состојбите, односно приоритетите на луѓето што употребуваат дроги. Препораките се упатени до надлежните институции и до граѓанските организации што работат за унапредување на правата на луѓето што употребуваат дроги.

- Континуирана обука на полициските службеници за професионален третман и однос кон лицата што употребуваат дроги.
- Застапување за надворешна, наместо внатрешна контрола во МВР.
- Континуирани обуки за сензибилизација на здравствените работници во однос на работата со лица што употребуваат дроги.

- Започнување соработка со Стоматолошката комора на Македонија заради надминување на негативните практики на нееднаков третман на луѓето што употребуваат droги.

- Застапување за зајакнување на психосоцијалната компонента во програмите за лекување на зависности и зголемување на бројот и опфатот на програмите за ресоцијализација на лицата што употребуваат дроги.

- Сеопфатни и континуирани обуки на стручните служби од системот на социјална заштита за работа со лицата што употребуваат дроги.

- Воведување програми за вработување на лица што употребуваат дроги, односно лица што се на третман и се стабилни на метадон.

- Спроведување јавни и медиумски кампањи против социјално исклучување, стигма и дискриминација на лицата што употребуваат дроги.

- Поддршка и работа со членови на семејствата на лицата што употребуваат дроги.

- Едукација на наставниот и на стручниот кадар од училиштата и градинките за работа со деца што употребуваат дроги и деца на луѓе што употребуваат дроги.

# III.

## Преглед на состојбите со правата на сексуалните работници

# 1.

# СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО ОД СТАНА НА КЛИЕНТИТЕ, ТРЕТИ ЛИЦА И ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

Во текот на 2017 година во Коалицијата е **документиран 21 случај во кој како жртви се јавуваат сексуални работници**, речиси двојно повеќе од бројот на документираните случаи во 2016 година. Дури во 18 од документираните случаи жртви се трансродови жени – сексуални работници, додека во три случаи жртви се жени – сексуални работнички. Од една страна, ова ја потврдува тезата дека трансродовите жени – сексуални работници се многу повеќе ранливи на насилство, дискриминација и повреда на правата и поради родовиот идентитет и поради професијата. Од друга страна, оваа статистика може да се протолкува и како посилна мотивација кај трансродовите жени да пријават случаи, што се должи, воедно, и на тоа што, за разлика од цисродовите жени – сексуални работници, трансжените и онака се видливи во јавниот простор и не се плашат толку многу од откривањето на нивниот идентитет. Кај некои од случаите што ги пријавуваат трансродовите жени, основата за делото од омраза повеќе потекнува од нивниот родов идентитет, отколку од статусот „сексуална работничка“. Во случаите каде што се работи за насилство (вербално или физичко), закани, навреди или ограбувања од страна на трети лица, основа е претпоставената сексуална ориентација, па така, напаѓачите ги навредуваат со зборовите: „педер“, „смрт за педерите“ и слично.

Во **пет од документираните случаи се работи за насилство, закани, ограбување и силување на сексуални работници од страна на клиенти.** Случаите вклучуваат закани од страна на клиентот дека ќе ѝ го открие идентитетот или ќе ја пријави сексуалната работничка во полиција, неплаќање за услугата, континуирано вознемирување по телефон, принудување на сексуална

услуга за која не се договориле, принудување на секс без кондом и еден случај на силување на сексуална работничка од страна на клиент. Пријаен е и еден случај на ограбување и закани кон сексуални работнички што работат на отворено од страна на насилник – макро на други сексуални работници.

Документирани се и **девет случаи на насилство, физички напад, навреди, закани и ограбување сексуални работници од страна на трети лица.** За разлика од насилството што го доживуваат од страна на клиентите, сексуалните работници се многу повеќе мотивирани да го пријават во полиција насилството од страна на трети лица. Од овие девет случаи, само еден е кон цисродова жена – сексуална работничка, а сите други кон трансжени. Оваа статистика, иако не е репрезентативна, повторно зборува за ранливоста на насилство на трансжените – сексуални работнички, како и за сè повидливата трансфобија и хомофобија.

**Четири од документираните случаи се однесуваат на повреда на правата директно од страна на полициските службеници.** Полициските службеници продолжуваат да ги малтретираат трансродовите сексуалните работници преку противзаконски претреси на јавен простор, навреди и дофрлувања, како и преку континуирано застанување и легитимирање. Еден од документираните случаи се однесува на полициски службеници во Скопје кои застанале транссексуална работничка и ја натерале да се соблече до гола кожа на јавен простор, под изговор дека ја претресуваат да не има нешто нелегално. Во друг случај полициските службеници ги фотографирале транссексуалните работници во болница додека чекале за преглед на своја пријателка по преживеано насилство, а потоа фотографијата била предмет на потсмев, ја споделувале меѓусебно и таа стигнала до роднините и соседите на трансжената. На ваков начин полициските службеници постапиле непрофесионално, не ја почитувале приватноста и ја загрозиле безбедноста на трансжената, која потоа трпела последици во својата околина. Дополнително, кога отишла во полициска станица да се пожали на ваквиот третман, полицискиот службеник ѝ ја покажал фотографијата и ѝ кажал дека никогаш нема да го дознае имате на полицаецот што ја фотографирал.

Од документираните случаи **девет се пријавени во полиција, три пред Народниот правобранител и еден случај во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.** Од случаите што се пријавени во полиција, повеќето вклучуваат насилство од страна на трети лица. Во најголем дел од случаите сексуалните работници се жалат на непрофесионален третман, како дофрлување и коментирање, како и на непреземање соодветни дејства за казнување на насилниците. Во некои од случаите полицијата има постапено, но постапките завршиле со усна опомена на насилниците, бидејќи полицијата не ги третира овие случаи како дела од омраза, со што не успева да даде соодветна заштита. Од случаите пријавени пред Народниот пра-

вобранител и СВКПС, во ниту еден не е утврдена повреда, што повторно говори за волјата на институциите да постапуваат против полициските службеници што работат спротивно на законот и ги прекршуваат правата на сексуалните работници.

Коалицијата повторно апелира до Министерството за внатрешни работи да обезбеди соодветна заштита од насилство кон сексуалните работници. Од една страна, треба да се зајакнат капацитетите на полицијата за препознавање дела од омраза, сензибилизација за постапување во случаи каде што жртви се сексуалните работници и потсетување за правата на сите граѓани во полициска постапка. Од друга страна, неопходно е Министерството за внатрешни работи, но и Народниот правобранител и СВКПС на МВР да иницираат постапки против полициски службеници што непрофесионално и несовесно постапуваат, одбиваат да ги заштитат или ги малтретираат сексуалните работници. Во спротивно, МВР и другите надлежни органи се соучесници во насилствата над сексуалните работници.

# 2.

# БАРАЊЕ ЗА РЕВИЗИЈА НА ПРЕСУДАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СЛУЧАЈОТ „СУЗБИВАЊЕ НА УЛИЧНА ПРОСТИТУЦИЈА“

Потрагата по правда за сексуалните работнички кои беа жртви на полициската акција „Сузбивање на улична проституција“ продолжи и во 2017 година, една деценија од почетокот на постапката.[34] Бидејќи во 2016 година второстепениот суд ја преиначи првостепената пресуда, со која го одби како неосновано тужбеното барање на сексуалните работници, правните советнички на ХОПС побараа ревизија на пресудата како вонреден правен лек. Ревизијата се побара, бидејќи второстепениот суд направи суштествена повреда на членот 343, став 1 и 2 од Законот за парнична постапка и погрешно го примени материјалното право[35].

Во однос на **процесните недостатоци,** второстепениот суд во пресудата наведува дека ги извел сите докази предложени и од тужителите, врз основа на кои ја утврдил фактичката состојба. Но, од текстот на самата пресуда, споредена со првостепената пресуда, произлегува дека второстепениот суд ја ископирал фактичката состојба од првостепената пресуда, но ги изоставил деловите што не одат во прилог на тужените (МВР и Основен суд Скопје I – Скопје), а навел и докази што воопшто не биле ни споменати од

34 Случајот „Сузбивање на улична проституција“ се однесува на серија повреди на правата на сексуалните работници, како присилно тестирање за ХИВ и ХЦВ, снимање на сексуалните работници во полициска станица, приведување со цел да се соберат докази за евентуално постоење кривично дело и понижувачки третман од страна на полицијата. Повеќе информации се достапни во Годишниот извештај за 2016 година: „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“, Скопје, 2017 г, стр. 71–74.

35 Член 375, став 1 од Законот за парнична постапка, консолидиран текст, Службен весник на РМ бр. 79/2005.

ниту една од страните. Од една страна, второстепениот суд ја опишува фактичката состојба врз основа на изјавите на тужителките и психијатриското вештачење, а од друга страна, одлучува да не им верува, бидејќи според второстепениот суд тие биле контрадикторни или еднострани. Исто така, второстепениот суд ги анализира само оние изјави на сведоците што одат во прилог на тужените, а и тие ги става надвор од контекст. Спротивно на фактичката состојба, во која само една од тужителките – сексуални работници беше изведена пред истражен судија, во согласност со тогашниот Закон за кривичната постапка, второстепениот суд тврди дека сите тужителки биле изведени пред истражен судија. Наместо да обезбеди соодветна правна аргументација за своите наоди, второстепениот суд во пресудата ги препишува жалбените наоди на МВР и на Основниот Суд Скопје I – Скопје, кои меѓу другото, содржат и дискриминаторни тврдења. Со наведувањето докази што не се изведени пред двете страни, **второстепениот суд го повредил начелото на непосредност,** според кое судот одлучува врз основа на непосредна расправа и тој не смее да ја заснова својата одлука на докази за кои двете страни немале можност да се изјаснат[36]. **Правото на фер судење,** гарантирано и со Европската конвенција за човекови права, **исто така е повредено од страна на второстепениот суд,** бидејќи тој одлучил да ги игнорира и да не им верува на доказите на тужителките – сексуални работнички, наспроти жалбените наоди на МВР и Основниот суд Скопје I – Скопје, кои досега немаат понудено ниту еден релевантен доказ во полза на нивните жалбени барања.

Во однос на **материјалните недостатоци,** очекувано е дека судот нема можност правилно да го примени материјалното право при толкав број процесни недостатоци. Второстепениот суд тврди дека му е нејасно со кои дејства тужените ги повредиле правата на сексуалните работнички, па според тоа, одлучува да не досуди справедлив паричен надомест, во согласност со членот 189 од Законот за облигационите односи, иако дури и од недоследно утврдената фактичка состојба е јасно дека се повредени низа човекови права. Сепак, најсомнителни се тврдењата на второстепениот суд дека **самото тоа што тужителките се занимавале со сексуална работа е доволна причина и ги оправдува дејствата на тужените.** Ова значи дека, според Апелациониот суд, доволно е да се занимаваш со сексуална работа за МВР да спроведе спектакуларно апсење пред целата македонска јавност, присилно да те тестира за ХИВ и ХЦВ и да ти ги негира другите права од полициската постапка содржани во Законот за полиција и останатите акти. Можеби **најопасно е тврдењето на второстепениот суд дека е дозволено приведување со цел собирање докази за евентуално извршување на некое кривично дело.** Ова тврдење е крајно непрофесионално и

36 Членови 4 и 7, Закон за парничната постапка.

пристрасно, со оглед на тоа што судот мора да ги знае основите на полициската постапка, помеѓу кои и условот да постои основано сомнение пред приведувањето, бидејќи, во спротивно, се остава простор за злоупотреби, произволно полициско постапување и правна несигурност кај граѓаните.

Врховниот суд на Република Македонија сѐ уште се нема произнесено по барањето за ревизија на пресудата, иако законскиот рок од осум месеци е истечен во септември 2017 година.

Коалицијата бара Врховниот суд на Република Македонија да се изјасни и да ја усвои изјавената ревизија во најкраток можен рок, соодветно да го примени Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори и да утврди повреда од страна на полицијата и на Кривичниот суд.

# 3.

# ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА: СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА Е НЕПРИСТАПЕН ЗА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Во текот на 2017 година Коалицијата спроведе истражување меѓу заедницата на сексуалните работници, со цел собирање подетални информации за проблемите и приоритетите на сексуалните работници во Република Македонија. **Истражувањето се спроведе преку** дискусии со фокусни групи, со кои се опфатија 40 сексуални работници, и преку анкети, со кои се опфатија 65 сексуални работници од Скопје, Охрид, Струга, Струмица и од Тетово. Уште со дискусиите во фокусните групи се мапираа неколку приоритети области: полицијата, системот на здравствената заштита, социјалната заштита и општата јавност.

На прашањата во анкетата за **полицијата,** на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став, збирната оценка дадена од сексуалните работници изнесува 2,41. Сексуалните работници често се изложени на навреди и на насилство од околината и од некои полицајци, но не се решаваат да пријават во полиција, поради тоа што се изложени на навреди или поради страв од одмазда од страна на полицајците. Дел од сексуалните работници кои се решиле да пријават насилство во полиција, наместо да добијат задоволување на правдата, самите биле казнети. Повеќето сексуални работници кои работат во Струмица, Охрид, Струга и во Тетово[37] се жалат на малтрети-

37 На прашањето дали полицијата ги малтретира и ги казнува сексуалните работници наместо насилниците, се забележува статистички значајна разлика, со што се покажува дека полицијата во Струмица, Тетово и во Охрид има значително полош однос кон сексуалните работници во споредба со Скопје.

рање и на уцени од страна на полицијата. Недовербата кон полицијата оди дотаму што повеќето сексуални работници сметаат дека полицајците соработуваат со сопствениците на клубовите во кои се нудат сексуални услуги. Само сексуалните работници во Скопје наведуваат дека полицијата делумно го подобрила својот однос кон нив. Најлошо искуство со малтретирање од страна на полицијата имаат сексуалните работници што употребуваат дроги. Во последниве неколку години полицајците сè почесто ги уценуваат клиентите на сексуалните работници, најчесто заканувајќи им се дека ќе ги објават нивните сексуални навики.

Збирната оценка на сексуалните работници за **здравствениот систем** изнесува 2,95, на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став. Довербата на сексуалните работници во здравствениот систем е за нијанса поголема од довербата во полицијата, но сè уште недоволно за слободно да користат здравствени услуги, особено ако здравствените работници се запознаени со нивната професионална ориентација. Здравствените работници немаат поинаков третман кон пациентите за кои не знаат дека се занимаваат со сексуална работа, но сексуалните работници чија професионална ориентација им е позната на здравствените работници се соочуваат со дискриминација во здравствениот систем. Притоа, почесто се дискриминирани од страна на медицинските сестри и техничарите, а за нијанса поретко се дискриминирани од страна на лекарите. Сепак, ретко се соочуваат со одбивање за укажување здравствена нега. Поголема разлика се забележува во Скопје и во Струга, каде што здравствените работници се подобро оценети, наспроти другите градови опфатени со истражувањето, во кои здравствените работници се значително полошо оценети. Најлошо се оценети здравствените работници во Охрид и во Струмица, со приближна оценка од 2,2.

Сексуалните работници најниска оценка имаат за системот на **социјалната заштита,** кој го оценуваат со збирна оценка 2,12, на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став. Спротивно на верувањето дека сексуалните работници заработуваат добро, повеќето од нив живеат во супстандардни услови, а оние што добиваат социјална парична помош тешко опстануваат со тие незначителни средства[38]. Особено им значи да добиваат материјална помош за да можат да ги школуваат децата, затоа што, како што наведоа некои од нив, немаат пари да им обезбедат храна и облека на децата за на училиште.

38 Во истражувањето учествуваа сексуалните работници што се вклучени во програмите за поддршка преку здруженијата, а повеќето од овие сексуални работници се сиромашни и имаат потреба од парична помош. Ова секако не значи дека сите сексуални работници се сиромашни и имаат потреба од социјална помош и услуги.

Иако повеќето сексуални работници одговориле дека им е потребна социјална помош, тие ретко ја користат. Најголемата социјална поддршка ја добиваат од здруженијата на граѓани. Најчеста причина за некористењето се условите што треба да се исполнат за да се оствари право на социјална помош. На пример, многу сексуални работници немаат документи за лична идентификација или имаа нерешени имотно-правни спорови, поради што им се ограничува пристапот до социјална помош. Наспроти ова, центрите за социјална работа не преземаат ништо за да им го олеснат пристапот до остварувањето на правото на социјална помош, а од друга страна, сексуалните работници што го остваруваат ова право сведочат дека доделените средства се премногу мали за да можат да остварат услови за квалитетен живот со нив. Центрите за социјална работа не овозможуваат услови за домување, ниту за привремено сместување, а меѓу сексуалните работници постои уверување дека т.н. „социјални станови", кои беа наменети за социјално немоќните луѓе, ги добиваат такви што не спаѓаат во оваа категорија. Впрочем, и воопшто кај сексуалните работници постои уверување дека социјална помош полесно добиваат оние што немаат потреба за неа. Сексуалните работници Роми сметаат дека имаат поограничен пристап до социјалната помош во споредба со другите етнички заедници во Македонија.

Супстандардните услови во кои живеат сексуалните работници и ниските и нередовни приходи ги оневозможуваат да ги остваруваат своите граѓански права, со што само се продлабочува нивната маргинализираност и се ограничуваат и нивните семејни можности, а особено кога се работи за издршката на децата. Сиромашните сексуалните работници не можат да им овозможат на своите деца редовно школување, затоа што не можат да им купат облека и храна. Како што посведочија самите, кога можат да им обезбедат оброк и соодветна облека, ги испраќаат на училиште, а кога не можат – ги задржуваат децата дома. Ограничените можности за школување ги ограничува и можностите на овие деца за обезбедување егзистенција во иднина.

Забележливо е дека, кога се зборува за социјална помош, сите сексуални работници подразбираат парична или друга материјална помош, при што може да се забележи дека таквата перцепција ја стекнале од примерите добиени од центрите за социјална работа. Потврда за овој впечаток е и тоа што дел од сексуалните работници биле одбиени од центрите за социјална работа, затоа што некои службеници сметале дека не остваруваат право на социјална помош бидејќи веќе остваруваат приходи од сексуална работа.

Висока е и дискриминацијата што сексуалните работници ја чувствуваат од **општата јавност:** збирната оценка е 2,22, на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став. Сексуалните работници често се изложени на потсмев

и на маргинализација од страна на соседите, роднините, но и од страна на непознати лица, на кои им е позната или имаат претпоставки за нивната професионална ориентација. Соговорниците од дискусиите со фокусните групи наведуваат бројни примери на исмевање и физичко или психичко малтретирање од соседите, од членови на семејството или од роднините.

Она што е покарактеристично е што и семејствата на сексуалните работници, најчесто децата, се изложени на ист или сличен третман од околината. Постојат примери на вакви исмевања или малтретирања на децата на сексуалните работници од страна на своите врсници или од страна на вработените во градинките или во училиштата каде што посетуваат настава.

Значителен придонес за негативната перцепција на јавноста кон сексуалните работници даваат медиумите, кои, иако се забележуваат благо подобрување, сепак, продолжуваат јавно да ги репродуцираат општествените стереотипи за сексуалната работа. Според анализите на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот, негативната перцепција кон сексуалните работници зависи и од постојните политики за сексуална работа во Македонија. Изложени на јавна осуда, сексуалните работници не можат слободно да ја извршуваат својата работа. Поради тоа, тие располагаат со многу слаба финансиска моќ и не можат да обезбедат стабилна егзистенција за себе и за своите семејства, а така претставуваат товар за социјалниот, здравствениот и правниот систем.

Со истражувањето се мапираа и приоритетните препораки на сексуалните работници за унапредување на нивната состојба. Дел од препораките се насочени кон здруженијата, а дел кон надлежните институции.

- Континуирани обуки на полициските службеници за професионален третман и однос кон сексуалните работници.

- Укинување на законските одредби со кои вршењето сексуална работа се третира како прекршок.

- Правно зајакнување на сексуалните работници за самостојно остварување подобар пристап до правда и измени на Законот за беспатна правна помош, со цел препознавање на правните проблеми на сексуалните работници и овозможување пристап до правда.

- Континуирано градење на капацитетите на здравствените работници и унапредување на системот за здравствена заштита, кој ќе биде заснован на принципите за вклученост (инклузивност), хуманост, солидарност.

- Континуирани обуки на социјалните работници и на стручните служби во центрите за социјална работа, со цел сензибилизација и запознавање со правата и со потребите на сексуалните работници.

- Реформи во системот за социјална заштита, со цел препознавање на потребите на сексуалните работници и развој на социјални услуги според потребите.

- Застапување за законски измени со кои сексуалната работа ќе се третира како работа, со подеднакво значење и достоинство и со истите права и обврски како и другите легални стопански дејности во Република Македонија.

- Застапување за заемна координација на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи за овозможување сеопфатна помош и поддршка, како и за заштита на правата на сексуалните работници.

- Средби со претставниците на медиумите за развивање на новинарската етика и за значењето на точното, несензационалистичко известување, но и за личните и за општествените потенцијално негативни последици, кои настануваат поради отстапувањето од овие правила.

# 4.

# ИСТРАЖУВАЊЕ: ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ОД ЗДРАВСТВЕНИ И СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во текот на 2017 година Стар-Стар спроведе истражување[39] меѓу младите сексуални работници, со цел мапирање на нивните потреби од здравствени и социјални услуги. Истражувањето е спроведено меѓу 30 сексуални работници на возраст од 18 до 24 години, од кои повеќе од половината жени, шест мажи и седум трансродови. Најголем дел од испитаниците се невработени, а кај вработените преовладува процентот на привремено ангажирани или вработени, но непријавени. Само 6,6% од испитаниците се вработени со регулиран работен статус во согласност со законот. И покрај големиот процент на невработеност меѓу испитаниците, само 13,3% се корисници на социјална помош.

Во однос на **здравствените услуги,** повторно се потврди наодот дека сексуалните работници главно користат здравствени услуги поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје од здруженијата на граѓани, бидејќи имаат доверба и, за разлика од јавното здравство, не се соочуваат со стигма и недостоинствен третман. Само 20% од младите сексуални работници сметаат дека треба да користат услуги и од јавното здравство, наведувајќи дека и тие се граѓани како и сите други, и бараат еднаков третман од страна на здравствените работници. Дел од младите сексуални работници исто така сметаат дека пристапот до здравствени услуги во јавното здравство ќе им овозможи континуитет, за разлика од здравствените услуги од здруженијата на граѓани, кои зависат од финансиската моќ на здружението.

39 „Потреба за здравствени и социјални услуги кај млади сексуални работници", извештај од консултативен процес спроведен меѓу млади сексуални работници во Скопје, Гостивар, Струмица и Струга, Стар-Стар, 2017 г.

23,3% од младите сексуални работници изјавиле дека биле одбиени за здравствена услуга поради нивното занимање, што не може да се смета за мал процент, особено доколку имаме предвид дека здравствените работници најчесто не го знаат занимањето на сексуалните работници, освен ако самите не им соопштат. Исклучок од ова се помалите градови, каде што е поверојатно дека здравствените работници го знаат занимањето на своите пациенти. И покрај помалиот процент сексуални работници што изјавиле дека биле одбиени за здравствена услуга, 63,3% изјавиле дека имаат потреба од придружба до здравствените сервиси, што зборува за недовербата и стравот од осуди и дискриминирачки третман. 76,6% од младите сексуални работници имаат потреба од психолог, а на прашањето дали имаат потреба и од други здравствени услуги, кои не се наведени во прашалникот, голем дел зборуваат за потребата од психијатар. Ова зборува за состојбата со менталното здравје на сексуалните работници, кое многу често може да биде нарушено како последица од стигмата, дискриминацијата и искуствата на насилство. Потребата од општ или матичен лекар е, исто така, видлива од одговорите на испитаниците. Ова значи дека повеќето од матичните лекари не се пристапни и потребно е засилување на нивните капацитети и сензибилизација за работа со сексуални работници, особено доколку ја имаме предвид важноста на матичниот лекар во здравствениот систем.

Социјалната парична помош е најпрепознатливото право од **социјалната заштита,** за кое 73,3% од испитаниците изјавиле дека имаат потреба да го користат. Од друга страна, само 13,3% од испитаниците го користат ова право, што зборува за непристапноста на системот за социјална заштита за сексуалните работници, недостигот од препознавање на сексуалните работници како целна заедница на системот за социјална заштита и потребата од приспособување кон потребите на сексуалните работници. Другите права од социјална заштита не се препознаени од страна на сексуалните работници, што повторно зборува за потребата од целокупна реформа на системот за социјална заштита, кој се сведува на доделување на парична помош, наместо да биде сеопфатен систем кој ќе нуди и социјални услуги, ќе работи и на превенција од социјални ризици и ќе овозможува и пристап до други права од социјална заштита како домување, заштита од насилство, вработување итн. Високи 70% изјавиле дека имаат потреба од помош и поддршка во процесот на вадење лични документи, вклучително и регулирање на здравственото осигурување. Дел од сексуалните работници му го припишуваат овој висок процент на ниското ниво на образование, но сепак, вработените во институциите имаат обврска да им помогнат на граѓаните при вадењето на потребните документи, особено доколку тие се правно неуки.

# 5.

# ИСТРАЖУВАЊЕ: ЖИВОТНИ СТИЛОВИ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Сексуалните работници не се хомогена група, напротив, меѓу нив се наоѓаат луѓе со различна сексуална ориентација, степен на образование, социјално и етничко потекло, итн. Сепак, статусот на сексуални работници и условите во кои се одвива сексуалната работа наметнуваат заеднички карактеристики на животниот стил, а со тоа и на животните навики, очекувања, размислување и емоции.

Во текот на 2017 година Стар-Стар спроведе истражување[40] за животните стилови на сексуалните работници меѓу жените, мажите и трансродовите сексуални работници кои работат на отворено или во затворени простории на територијата на Град Скопје.

На прашањата поврзани со почетокот со сексуалната работа, повеќе од испитаниците одговорија дека започнале да нудат сексуални услуги на возраст од 16 до 18 години, а како и кај секоја друга работа, причината била потребата од финансии. Сите испитаници истакнале дека доброволно и свесно започнале со сексуална работа, со исклучок на една трансродова жена, која вели дека на почетокот не била свесна дека тоа што го прави е сексуална работа, бидејќи едноставно имала секс во замена за материјални добра, но не го препознавала тоа како професија. Дел од трансродовите сексуални работници истакнаа и дека за нив не постојат други реални можности за вработување, што не значи дека доколку имаат друга можност за вработување нема да се занимаваат со сексуална работа. Освен позитивните страни од професијата, како флексибилноста и отсуството на претпоставени, сексуалните работници како негативна ја истакнаа опасноста од насилство и непризнавањето на сексуалната работа како професија, па така немаат право на пензиско и здравствено осигурување стекнато врз основа на работен однос. Најголем дел од сексуалните работници си ја сакаат работата,

40 Животен стил на сексуалните работници, Божинов Борче, Стар-Стар, Скопје, 2017 г.

а дел од нив, доколку имаат можност, би работеле и друга работа, што не значи дека целосно би се откажале од давањето сексуални услуги. Дел од сексуалните работници истакнуваат дека со староста би престанале да нудат сексуални услуги, бидејќи сметаат дека нема да имаат клиенти.

Занимавањето со сексуална работа има влијание и на нивниот љубовен живот, па повеќето говорат за неразбирање и недостиг на поддршка од страна на нивните партнери. И покрај тоа што зборуваат дека на сексуалната работа гледаат како на професија, се трудат да ја одвојат работата од приватниот живот, важно им е клиентите да се задоволни, а не тие да уживаат и, сепак, за дел од нив работата негативно влијае на сексуалните желби во приватниот живот. Интересни се искуствата на геј сексуалните работици, кои меѓу своите клиенти имале и мажи што за првпат сакале да искусат секс со друг маж, па дел од нив велат дека помогнале клиентот да сфати дека е дел од геј-заедницата, на што се особено горди. Во однос на клиентите што искажуваат и емотивни чувства кон нив, велат дека се обидуваат да ги задоволат, но дека прават јасна разлика меѓу приватниот живот и професија, што им го ставаат на знаење и на клиентите. Дел од сексуалните работници споделија и негативни искуства со клиентите, кои можат да бидат – од непочитување на договорот, барање за повеќе или за поинакви сексуални услуги за иста цена, принудување на услуги за кои не постои согласност од страна на сексуалниот работник, дури и искуства на силување.

Сексуалните работници сосема различно се облекуваат додека работат во споредба со приватниот живот, а облеката додека нудат сексуални услуги по потреба ја приспособуваат на барањата на клиентот, особено геј сексуалните работници, кои по потреба користат женски алишта и женска долна облека. Кај нив облекувањето во женска облека нужно нема врска со родовиот идентитет, туку тоа го прават исклучиво за потребите на работата. Трансродовите жени понекогаш се соочуваат со недоразбирања со клиенти поради недостигот на разбирање за тоа што е трансжена, што ги прави и поранливи на насилство од страна на клиентите. Повеќето од сексуалните работници добиваат поддршка и можност за разговор за своето занимање само од пријателите и колегите, додека во семејствата не можат отворено да разговараат.

Најголем дел од сексуалните работници, работат сами, односно без посредство на макро, но соработуваат со колеги/колешки, меѓусебно си препраќаат клиенти или по барање на клиентот работат заедно. Цените за услугите во сексуалната работа се одредуваат во зависност од местото каде што се даваат сексуалните услуги, финансискиот стандард на клиентите, сезоната, како и цените што ги нудат конкурентските сексуални работници. Сексуалните работници имаат прифатено унифицирани цени, а тоа се должи на меѓу-

себната комуникација и консултација, но и на условите на кои треба да се приспособат за да се дадат сексуалните услуги. Во одредени ситуации цените ги приспособуваат на моменталните трошоци, потреби и можностите на клиентите.

Сметаат дека постои конкуренција меѓу сексуалните работници, но истакнуваат дека клиентите сакаат да ги менуваат сексуалните работници од кои добиваат услуги, иако имаат и постојани клиенти, кои редовно доаѓаат само кај еден сексуален работник. Забележливо е дека сексуалните работници зборуваат за професионален однос, кој според нив вклучува хигиена на високо ниво, љубезност, почитување на договореното, дискреција, соодветен простор и, секако, најважно им е клиентот да биде задоволен од услугата.

Парите што ги заработуваат, сексуалните работници ги трошат на ист начин како и другите луѓе, по што не им остануваат средства кои би можеле да ги заштедат. Спротивно на популарните верувања дека со сексуална работа се заработуваат големи пари, сексуалните работници, како и повеќето луѓе во Македонија, врзуваат крај со крај.

Сексуалните работници сметаат дека работата им влијае на менталното, а понекогаш и на физичкото здравје. Неизвесноста поврзана со сексуалната работа, како опасноста од насилство и од прогон од страна на полицијата, стигмата и дискриминацијата, негативно влијаат на менталното здравје на сексуалните работници. Дел од сексуалните работници зборуваа и за малтретирањето од страна на клиенти, кое почесто е психичко какво што е понижувачкото однесување, постојаното ѕвонење на телефон, клиенти што имаат „потежок“ карактер или се под дејство на алкохол, и тоа го посочуваат како ризик по менталното здравје. Високи 70% од испитаниците одговориле дека биле принудени на секс без заштита од страна на клиентите, за што сметаат дека е неопходен пристап до постекспозициска профилакса – ПЕП.

# 6.

# ДЕНОВИ ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

За прв пат во 2017 година, од 15 до 17 декември, се одржа настанот „Денови против насилство врз сексуалните работници", организиран од Коалицијата Маргини и Стар-Стар. Серијата настани вклучуваа предавање на антропологот Лаура Аугустин, насловено како: „Секс на маргините", перформанс – Skopje Red Light District и Маршот на Црвениот чадор. Целта на настанот беше промоција на правата на сексуалните работници, со фокус на заштитата од насилство и дискриминација кон сексуалните работици и промоција на сексуалната работа како еднакво вредно занимање.

Предавањето на **Лаура Аугустин – „Секс на маргините"** беше засновано на истоимената книга, која прикажува како сексуалната индустрија функционира како несигурен пазар на труд за жените, вклучувајќи ги и недокументираните мигранти. Во оваа книга се наведува спасувачката индустрија, моралните претприемачи, кои тврдат дека зборуваат за сите жени што продаваат секс и ги претвораат во жртви на трговија со луѓе. Оваа извонредна книга разоткрива неколку митови: дека продажбата на секс е сосема поинаква од која било друга работа, дека мигрантите што продаваат секс се пасивни жртви и дека мноштвото што сакаат да ги спасат, немаат личен интерес од тоа. Предавањето беше организирани и во соработка со Институтот за етнологија и антропологија и предизвика голем интерес меѓу активистите, претставниците од граѓанските организации и од академијата, кои се занимаваат со оваа тема, но беше посетено и од голем број сексуални работници.

Перформансот **Skopje Red Light District или Улица на црвените фенери** предизвика голем интерес кај јавноста и кај медиумите, а со тоа за прв пат сексуалните работници добија толку голема видливост. Перформансот вклучуваше излог осветлен со црвени светла, во кој шест сексуални работнички, меѓу кои и трансродови жени, танцуваа и држеа позитивни пораки за правата на сексуалните работници. Перформансот предизвика интерес и меѓу случајните минувачи, кои љубопитно застануваа, прашувајќи се дали навистина се отворило вакво место во Скопје и дали девојките навистина

се сексуални работници. За настанот известија повеќето медиуми, меѓу кои и повеќето националните телевизии. Една национална телевизија имаше и линк во живо во централниот дневник[41]. Кај дел од медиумите се забележува доза сензационализам при известувањето, што традиционално ја следи оваа тема, но сепак, и во сензационалистичките натписи пораката против насилство врз сексуалните работници беше пратена[42]. Реакциите на јавноста главно беа позитивни и поддржувачки кон сексуалните работници, со исклучок на негативните и морализаторски коментари на социјалните мрежи. Целта на перформансот беше да ѝ ја доближи на јавноста идејата за признавање на сексуалната работа како работа преку прикажување на улицата на црвените фенери во Амстердам, како симбол на слободниот и поддржувачки третман кон сексуалната работа. Поради стигмата и третманот на сексуалните работници како криминалци, сексуалната работа во Македонија се одвива далеку од очите на јавноста, со што се дехуманизираат сексуалните работници и се изолираат од општеството, од јавната сфера и од институциите. Перформансот, меѓу другото, покажа како би било доколку институциите дадат соодветна заштита на сексуалните работници и го прифатат нудењето сексуални услуги како работа. Настанот беше обезбедуван од страна на полицијата, која постапуваше професионално и соработуваше со организаторите на перформансот.

41 Канал 5 „Улица на црвените фенери“ во Скопје, 16.12.2017 г.

42 Сител: „Само вечерва Скопје како Амстердам: Разголени девојки во долна облека заведуваат од излог“, 16.12.2017 г.

# 7.

# ДЕСЕТТИ МАРШ НА ЦРВЕНИОТ ЧАДОР

Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници по десетти пат беше обележан на 17 декември со Марш на Црвениот чадори. Маршот беше организиран од граѓанската иницијатива за промоција и унапредување на правата на сексуалните работници Стар-Стар, организација основана од сексуални работници. На настанот присуствуваа активисти за човекови права и поддржувачи на сексуалните работници, додека маршот беше предводен од сексуални работници, кои дадоа изјави за медиумите.

„Одбележувањето на овој ден е од големо значење за сите сексуални работници, а целта е гласно да говорат против дискриминацијата и да ја подигнат свеста кај поширoката популација, која секојдневно поттикнува насилство и агресија кон оваа маргинализирана група луѓе. Сексуалните работници апелираат да се запре насилството што го трпат секојдневно, институциите и полицијата да почнат да ги заштитуваат и да се започне да се зборува јавно за сексуалната работа. Овој ден е посветен на нивната борба за подобра иднина, за поголема видливост и добивање на гарантираните човекови права“ – изјавија организаторите.

Голем број медиуми[43] известија и за Маршот на Црвениот чадор и ја пратија пораката против насилство врз сексуалните работници.

43 МКД: „Со Маршот на црвените чадори, сексуалните работници побараа заштита од насилство“ 17.12.2017 г.; Канал 5: „ Десетти марш на црвените чадори – сексуалните работници против насилството“ 17.12.2017 г.

# 8.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Во текот на 2017 година Стар-Стар отвори два ограноци, Стар-Исток и Стар-Запад, со седишта во Гостивар и во Струмица, кои ќе имаат посебни канцеларии и координатори. Отворањето на ограноците ќе придонесе за градење на капацитетите на сексуалните работници во овие два града за препознавање и заштита на нивните права и зголемување на пристапот до потребните здравствени, социјални и правни услуги. Здружението активно работи на обучување на сексуалните работници во ограноците за човековите права, сексуалното и репродуктивното здравје, документирање случаи на прекршување на правата, но и на развој на вештини, како спроведување кампањи, односи со јавноста, користење социјални медиуми, врсничка едукација итн. За користење на услугите за превенција од ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје, сексуалните работници ќе можат да се обратат и во ограноците.

Зајакнувањето на заедницата на сексуалните работници, меѓу другото, треба да придонесе за нивно активно вклучување во застапувањето за унапредување на правата, артикулирање на политичките барања на сексуалните работници пред донесувачите на одлуки и зголемување на видливоста на проблемите со кои се соочуваат. Напорите за зајакнување на заедницата на сексуалните работници придонесоа и за нивно активно вклучување во серијата настани „Денови против насилство врз сексуалните работници“, меѓу кои и перформансот Skopje Red Light District, во кој шестмина сексуални работници се охрабрија да застанат во излозите пред целата македонска јавност.

# IV.

## Преглед на состојбите со правата на ЛГБТИ-луѓето

# 1.

# НЕКАЗНИВОСТ НА НАСИЛСТВОТО МОТИВИРАНО ОД ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ

Во 2017 година продолжи игнорирањето и нерасчистувањето на случаите на насилство мотивирано од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет од страна на надлежните органи и институции. Имено, не се пронајдени ниту маскираните напаѓачи што го каменуваа кафулето „Дамар“ во 2014 година, додека ЛГБТИ Центарот за поддршка го прославуваше својот втор роденден, ниту, пак, се откриени и изведени пред правдата сторителите на кривичните дела од омраза во 2012, 2013 и 2014 година (нападите врз ЛГБТИ Центарот за поддршка[44]), вклучително и каменувањето од страна на маскирани насилници на отворањето на Неделата на гордоста во 2013 година.

Коалицијата Маргини се обрати до Основното јавно обвинителство со цел оттаму да информираат за случаите, но оваа институција ја префрла одговорноста на Министерството за внатрешни работи. Портпаролот на ова министерство, Тони Ангеловски, даде изјава во која потврди дека во периодот на владеење на претходната владејачка гарнитура (2013 и 2014 година), по случувањето на овие инциденти, не биле преземени сите дејства според наложените правила и дека тоа било случај со повеќе пријавени инциденти со инволвирано насилство. Во изјавата тој додаде дека е направена анализа на случаите и има волја за нивно разрешување од страна на Министерството

44 Во првите две години од своето отворање ЛГБТИ Центарот за поддршка и неговите активности беа мета на дури шест напади, а за само еден од овие напади се водеше судска постапка

за внатрешни работи, при што е интензивирана целата процедура од која се очекува расчистување на оние случаи за кои имаат цврсти докази.

Премиерот на Република Македонија, Зоран Заев, на прославата на петгодишното постоење на ЛГБТИ Центарот за поддршка потсети дека инцидентите против ЛГБТИ Центарот[45] сѐ уште не се расчистени и најави дека новата влада ќе ги смени состојбите. Исто така, тој најави и подготовка на нов закон за заштита од дискриминација, кој ќе биде изработен според меѓународните стандарди.

Коалицијата Маргини повторно апелира до Основното јавно обвинителство и до Министерството за внатрешни работи во најбрз можен рок да ги откријат и да ги изведат пред лицето на правдата сите сторители на кривични дела од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет за да се обесхрабрат хомофобичните насилници и да се охрабрат жртвите да пријавуваат насилство мотивирано од омраза.

45 Макфакс: Премиерот Заев ја уплати првата донација за ЛГБТ-центарот за поддршка, порачувајќи дека Македонија е држава за сите граѓани. Притоа, тој потсети дека инцидентите против ЛГБТ-центарот за поддршка не се расчистени сѐ уште и најави дека оваа Влада ќе ги смени состојбите. 31.10.2017 г.

# 2.

# ДОКУМЕНТИРАНИ СЛУЧАИ НА НАСИЛСТВО И ПОВРЕДА НА ПРАВАТА НА ЛГБТИ

Во текот на 2017 година Коалицијата Маргини документираше вкупно 22 случаи на прекршување на правата на ЛГБТИ-луѓето. Трансродовите лица се најзастапени како жртви на насилство и прекршување на правата со вкупно 20 од 22 жртви, а другите случаи се однесуваат на геј маж и бисексуален маж. Во рамките на групата трансродови лица, според документираните случаи, најранливи на насилство и прекршување на правата се трансродовите сексуални работнички, кои како жртви се наоѓаат во 15 од документираните случаи.

Пријавените случаи укажуваат на постоење различни форми и манифестации на насилство и прекршување на правата. Па, така, елементи на физичко насилство се наоѓаат во осум случаи, елементи на вознемирување и навредување во девет случаи, следење во еден случај, закани и уцени во пет, ограбување во три, дискриминација во два, а малтретирање од страна на полиција во пет случаи. Со други зборови, физичкото насилство, вознемирувањето и навредувањето (вербалното насилство) се најчестите форми на прекршување на правата со кои се соочува ЛГБТИ-заедницата, а трансродовите луѓе најмногу се афектирани од нив.

Во однос на барањата за институционална заштита на правата, во 2017 година речиси половина од случаите се пријавени во полиција, односно вкупно осум, а другите 10 не се пријавени. Во случаите на дискриминација или вербално насилство, пријавување до надлежните институции има во два случаи, а непријавување во исто толку, односно во два случаи. Ова укажува на постоење проблем на непријавување (under-reporting) на насилство и дискриминација поради недоверба во институциите, страв или срам. Дополнително, проблемот се усложнува и кога ќе се погледнат искуствата на оние жртви што пријавиле во полиција. Од вкупно осум,

дури шест не се задоволни од третманот на полицијата, а два се делумно задоволни. Ниедна од жртвите не одговорила дека е задоволна од односот на полицијата. Жртвите најчесто се жалат на пријавување што не резултира со записник или отсуство на решение за случаите. Во некои случаи жртвите дури и се жалат на комплетно отсуство на интерес од страна на полицијата за преземање на какви било дејства. Имено, еден од документираните случаи укажува на партнерско насилство насочено кон бившиот партнер и неговиот пријател, кое откако е пријавено во полиција резултирало со барање жртвите веднаш да си заминат, во спротивно полицискиот службеник им се заканил со 400 евра казна. Случаите на непостапување на полицијата, непишувањето записник, како и незаинтересираноста на полицијата, особено за жртвите што се трансродови сексуални работнички, ја одржува и ја зацврстува немотивираноста на значителен дел од овие луѓе за институционално решавање на проблемите. На тој начин насилството, вознемирувањето и дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет се невидливи за општеството и за институциите, а со тоа и самата ЛГБТИ-заедница, особено трансродовите луѓе, се уште поранливи и помаргинализирани. Сето ова дополнително се засилува и со документираните случаи на малтретирање и вознемирување од страна на полициски службеници.

Документирани се вкупно пет случаи што се однесуваат на деградирачки третман од страна на полицијата. Овие случаи содржат елементи на вербално насилство, навредување, неосновани претреси, но и тајно сликање и ширење на фотографијата во средината во која живее жртвата. Двата случаи што вклучуваат и неоснован претрес укажуваат на фактот дека полицијата ја злоупотребува оваа мерка со цел исмевање и омаловажување на трансродовите луѓе. Во еден од случаите жртвата е сопрена на јавен простор и испитувана за својата сексуална ориентација, а при извршување на претресот, при кој се пронајдени кондоми, жртвата е повторно испрашувана за потребата од носење кондоми. Еден од случаите на вознемирување од страна на полиција се однесува на навредување на трансродова жена на избирачко место, додека ја врши својата должност како член на изборната комисија. Во еден случај жртвата, која е трансродова жена, сликана е од страна на полициски службеник со мобилен телефон, а потоа сликата е споделувана меѓу соселаните на жртвата. Поради ова на жртвата ѝ бил забранет пристап до локалната чајџилница, а таа стравува дека за нејзиниот родов идентитет можат да дознаат и членовите на нејзиното семејство.

Коалицијата Маргини укажува на потребата од итно преземање мерки од страна на надлежните институции, како и од страна на Владата на Република Македонија, за враќање на довербата во институциите и во институционалното решавање на проблемите на ЛГБТИ-луѓето.

Коалицијата посочува дека единствен начин да се врати довербата во институциите е МВР професионално да постапува во случаите на насилство кон ЛГБТИ-луѓето, еднакво да ги заштитува нивните права и да ги гарантира правата на ЛГБТИ-луѓето при полициското постапување, меѓу кои и доверливоста и приватноста.

Коалицијата Маргини му нуди на Министерството за внатрешни работи заедничкида спроведат обука за полициските службеници за сензитивизирање во врска со насилството и дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како и за заштита на правото на сексуална приватност.

# 3.

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО ЛГБТ-ЗАЕДНИЦАТА ВО МЕДИУМИТЕ

Коалицијата Маргини во текот на 2017 година спроведе истражување и изготви анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ-заедницата. Анализата покажа дека медијатизираната сфера во Македонија во првите месеци од падот на хибридниот режим покажува знаци на делумно ослободување, видливо преку отсуството на широко распространетиот говор на омраза и манифестацијата на вербално насилство кон оваа заедница, што беше доминантна и дефинирачка карактеристика на медиумскиот однос кон заедницата последниве години, како и преку присуството на медиумски покриени јавни манифестации на поддршка и солидарност кон заедницата од високи претставници на извршната и на законодавната власт. Сепак, анализата укажа и на сериозни проблеми во покривањето на темите поврзани со ЛГБТ-заедницата.

Истражувањето го опфати периодот од 1 јануари до 15 јули 2017 година, освен кај телевизиите, чија временска рамка на мониторинг опфати три последователни недели околу Викендот на гордоста во 2017 година. Во овој период детектиравме 310 статии/прилози во кои тема беа прашања што се директно или индиректно поврзани со ЛГБТ-заедницата. Преку анализата забележавме експлицитно негативно претставување на ЛГБТ-заедницата во 43 текстови што се однесуваат на ЛГБТ-теми со фокус на Македонија. Ова претставува 29% од вкупниот број објави што се однесуваат на Македонија и речиси сите тие ја ставаат ЛГБТ-заедницата во политичко- манипулативен контекст. Сепак, вреди да се спомене дека 91% од негативните објави доаѓаат само од еден извор (порталот Курир). Практиката на негативно претставување е спротивна на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој „новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува насилство и дискриминација по

која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)“[46].

Анализата покажа дека и покрај зголемениот интерес за ЛГБТ-теми во македонските медиуми, постои тенденција тие да се покриваат во неаналитички жанрови, какви што се веста или кусиот извештај. Ова е индикатор за површноста со која медиумите ѝ пристапуваат на оваа маргинализирана група. Ова практика е карактеристична дури и за медиумите што имаат емпатичен однос кон заедницата.

Најголем интерес кај медиумите за отворање на ЛГБТ-темите има во оние временски периоди во кои политичките актери се произнесуваат на овие теми. Ова укажува на доминантната тенденција на известување одозгора надолу, тенденција што е широко распространета и во светските медиуми. Сепак, во Македонија таа е многу поизразена, затоа што речиси секогаш еднострано се пренесуваат ставовите или позициите на политичките актери, без да има обид подлабоко да се деконструираат нивните ставови.

46 Кодекс на новинарите на Македонија

# 4.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАТОРСКИ ГОВОР И ГОВОР НА ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ ВО МЕДИУМИТЕ

Во текот на 2017 година забележани се шест случаи на дискриминаторски говор и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во медиумите на македонски и на албански јазик, за кои имало услови за поведување соодветни постапки пред надлежните институции. Овие медиумски содржини најчесто се појавуваат на интернет-порталите, еден од нив – на телевизија, а два во печатените медиуми. Во најголем дел од нив дискриминаторскиот и говорот на омраза се однесуваат на дефинирање на хомосексуалноста како болест или перверзија. Заклучокот од постапките пред надлежните институции е дека сè уште немаме ефикасни и ефективни механизми, вклучително и соодветна законска и институционална рамка, која ќе обезбеди заштита од говор на омраза и санкционирање на медиумите што употребуваат говор на омраза. Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите утврди повреда на Кодексот на новинарите на Македонија во сите случаи за кои Коалицијата се обратила до ова тело. Советот за етика е саморегулаторно тело, кое нема мандат да изрекува санкции, па поради ова и одлуките на Советот се со ограничено дејство и медиумите не се плашат да не ги почитуваат. Од друга страна, Комисијата за заштита од дискриминација утврди дискриминација само во случајот против еден портал на албански јазик, во други три случаи не утврди дискриминација, иако се работи за многу слична содржина, а за еден случај доцни со одговорот. За исти случаи Советот за етика во медиумите утврдува повреди, меѓу кои и говор на омраза, а Комисијата не утврдува, што зборува за непрофесионалноста и пристрасното дејствување на ова тело. Во постапувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Коалицијата бележи унапредување на работата на ова тело, кое редовно спроведува вонреден надзор во случаите на говор на омраза кон ЛГБТИ-

луѓето. Но, проблемот е во тоа што АВМУ, според законот, не може да ги опфати интернет-порталите, а говорот на омраза најчесто се појавува кај нив. Исто така, АВМУ, според законот, не може да изрекува глоби во случаите на говор на омраза и кај традиционалните медиуми (телевизии и печатени медиуми), па ефектот од надзорот се препораки и укажувања.

## 4.1. Случај: Креирање морална паника во однос на активности на ЛГБТИ-организација

На 22.1.2017 година во печатеното и во електронското издание на дневниот весник Вечер објавена е вест од анонимен автор со наслов: **„Македонски хомосексуален сајт демне малолетници на Фејсбук!“** Веста на 23.1.2017 е преземена од **порталот Курир,** а на 17.1.2017 текст со слична содржина е објавен на порталите **Инфомакс и Пулс24.** Во оваа вест медиумот се служи со говор на омраза против лицата со хомосексуална ориентација, притоа стигматизирајќи ги нехетеросексуалците преку изјави што имаат цел да создадат ирационален страв од овие лица кај јавноста и да поттикнат вербално и физичко насилство кон нив. Имено, во спорната вест се вели дека „13-годишници се таргет-група на македонски сајт за информирање на ЛГБТ-заедницата queer.mk. Овој веб сајт, кој објавува вести на лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансвеститите во светот, на својата Фејсбук-страница плаќа реклами за тоа нивните вести да им излегуваат на почетните страници на 13-годишни деца“. Понатаму во текстот стои: „Од сајтот не ни кријат дека нивната цел е да пристапуваат и да поттикнуваат комуникација меѓу ЛГБТ-луѓето, значи малолетни тинејџери кои им се таргет-група.“ Порталот квир.мк на 23.1.2017 година испрати демант, односно одговор на објавената информација до Вечер, Курир, Инфомакс, Пулс24 и Нетпрес. Ниту еден од порталите, освен Нетпрес, не го објавија демантот, спротивно на членот 26 од Законот за медиуми[47].

Објавувањето текст со ваква содржина, во кој се промовира говор на омраза кон хомосексуалците, претставува дискриминација во однос на ЛГБТИ-лицата. Според членот 7 од Законот за спречување и заштита од

47 Интернет-порталите се изземени од Законот за медиуми, односно тој не важи за нив. Ова решение беше критикувано при донесувањето на законот, бидејќи интернет-порталите de facto се медиуми, а со нивното изземање од законот се остава можност за злоупотреби. Повеќето од здруженијата на медиумите нив ги третираат како медиуми. Така, на пример, Советот за етика во медиумите одлучува по жалби до интернет-портали. Поради оваа состојба Коалицијата смета дека интернет-порталите се медиуми и нив ги третира како такви, со што смета дека и тие имаат обврска да го почитуваат законот, етичкиот кодекс и другите прописи во областа на медиумите.

дискриминација, изјавите во текстот претставуваат вознемирување и понижувачко постапување, односно повреда на достоинството на поголема група луѓе, кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Поради тоа, Коалицијата Маргини, заедно со Женска Алијанса, поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација.

**Комисијата за заштита од дискриминација** донесе мислење на 19.10.2017 година во кое не утврди дискриминација и вознемирување во посочените медиумски написи. Комисијата во својот одговор посочи дека побарала од дневниот весник Вечер, порталите Пулс24, Курир и Инфомакс изјаснување во однос на спорната содржина. Во одговорот на Комисијата се вели дека изјаснувањето содржело отфрлање на наводите од претставката како целосно неточни и повикување на слободата на изразување. За жал, ниту посочените медиуми ниту Комисијата за заштита од дискриминација не прават разлика меѓу дискриминаторски говор и говор на омраза наспрема слобода на изразување.

## 4.2. Случај: Медиумска манипулација со наводни истражувања кои докажуваат дека е хомосексуалноста болест

На 21. 3. 2017 година **порталот Тетова сот** објави напис од наводно истражување чиј извор не е наведен, ниту е наведено преземањето или авторството, со наслов: **„Истражување: Хомосексуалноста како болест: ја употребуваат слабите луѓе за да постигнат успех“**. Написот содржи говор на омраза врз основа на сексуална ориентација, бидејќи ја претставува хомосексуалноста како болест, а ЛГБТИ-лицата како умоболни, перверзни лица, преносители на инфекции и штетни за општеството. Уште во првиот пасус текстот започнува со лагата дека во психијатријата хомосексуалноста се смета за болест, иако хомосексуалноста во 1990 година е отстранета од Меѓународната класификација на болести и здравствени проблеми на Светската здравствена организација.

Една од главните поенти на веста е дека хомосексуалноста не е вродена и биолошка, за што во текстот се користат референци од повеќе автори. Сепак, проблематично е тоа што посочените истражувања и наоди се пренесени погрешно и еднострано, со цел да се дојде до поентата дека хомосексуалноста не е вродена, а од овој заклучок потоа, без ниту една референца, се извлекува клучната поента дека хомосексуалците се болни, перверзни

и штетни. Понатаму, текстот изобилува со навредливи тврдења, кои го повредуваат достоинството на ЛГБТИ-лицата, портретирајќи ги како перверзни преносители на инфекции, виновници за ХИВ-инфекцијата и за други сексуално преносливи инфекции. На самиот крај од текстот, откако авторот „докажал“ дека хомосексуалноста не е вродена, тој се повикува на религиозни текстови и цитати, кои, според авторот, ја забрануваат хомосексуалноста и определуваат високи морални казни за геј-мажите. Поради тоа, Коалицијата Маргини поднесе жалба до Комисијата при Советот за етика во медиумите.

**Советот за етика во медиумите** донесе заклучок дека жалбата е основана. Во своето образложение Советот укажа дека написот ги крши членовите 10, 11 и 13 од Кодексот на новинарите. Комисијата за жалби при Советот утврди дека во текстот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, при што посебно ги издвои следниве реченици: „Хомосексуалноста е нездраво сексуално однесување и нејзиното јавно прифаќање е со опасни последици. Геј-агендата, внимателна и изопачена во прирачниците и во нејзините манифести, бара противниците на хомосексуалноста да се сметаат за хомофобични и непросветлени.“

Во образложението на Комисијата се вели дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека е прекршен членот 11 од Кодексот на новинари, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и се граничи со говорот на омраза.

Понатаму, Комисијата утврди дека авторот во повеќе наврати ги прикрива своите мислења како факти и со тоа го прекршува членот 13 од Кодексот на новинарите, особено со реченицата: „На крајот можеме да дојдеме до заклучок дека хомосексуалноста е тешка болест, која ја оштетува индивидуата и општеството. Сексуално преносливите болести на хомосексуалноста се вирусите, бактериите и нивните микроорганизми.“

Комисијата го потврди правото на новинарите да имаат свое мислење, став и вредносен суд, но посочи дека тие не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факт. Со други зборови, мора да постои јасно разграничување меѓу она што се факти и информации, и она што е коментар, претпоставка или став на авторот, за да се избегне дезинформирање и манипулации.

## 4.3. Случај: Манипулативно поврзување на прашањата за правата на албанската заедница во Македонија со прашањето за правата на ЛГБТИ-заедницата

На ден 17.5.2017 година порталот **Инфомакс** објави напис од непотпишан автор со наслов: **„СДСМ ќе ја промовира ЛГБТ-заедницата во Македонија: Децата ќе учат за хомосексуалноста, ЛГБТ ќе стане заштитена заедница, а Ивон Величковски ќе им ги поддржува – правата!“** Истата вест наредниот ден е објавена од порталот **Пулс24** со наслов: „Децата ќе учат за хомосексуалноста, ЛГБТ ќе стане заштитена заедница, а Ивон Величковски ќе им ги поддржува – правата!“ Во овие написи медиумите се служат со говор на омраза против лицата со хомосексуална ориентација, притоа стигматизирајќи ги нехетеросексуалците преку изјави што имаат цел да создадат ирационален страв од овие лица кај јавноста и да поттикнат вербално и физичко насилство кон нив. Имено, уште од насловот на спорната вест е видлива тенденциозноста со која медиумите имаат цел да ги омаловажат лицата што ѝ припаѓаат на ЛГБТИ-заедницата и намера да ја прикажат борбата за еднакви права и потребата од воведување сексуално образование како нешто неприфатливо. Во првиот пасус од текстот стои дека „не само што ќе ја спроведуваат Тиранската платформа за албанизација и федерализација на Македонија, СДС планира да ги зголеми и правата на ЛГБ-заедницата со тоа што ќе работат на постигнување на повеќе права и подигање на свеста за толеранција кон хомосексуалците“.

Имајќи го предвид чувствителниот политички контекст во македонското општество тогаш, во кој националистичките тензии беа на исклучително високо ниво, а целата атмосфера во државата беше придружена со длабока политичка нестабилност и поделеност, написот на мошне тенденциозен начин ги поврзува прашањата за правата на албанската заедница во Македонија со прашањето за правата на ЛГБТИ-заедницата. На овој начин медиумите создаваат искривена перцепција за фактите. Имајќи предвид дека наведените портали главно се наменети за публика што ѝ припаѓа на македонската етничка заедница, можеме да заклучиме дека на овој начин, преку разгорување на националистички страсти, целта е да се разгори и

хомофобијата и нетрпеливоста кон ЛГБТИ-заедницата. Овие написи, исто така, ја злоупотребуваат ЛГБТИ-заедницата заради пресметка со политичките неистомисленици, кои често се мета на овие портали.

Ефектите од овој напис се видливи во секцијата за коментари од читатели на порталот Инфомакс. Овој напис предизвикал бран на гнев, предрасуди и омраза кон лицата со поинаква сексуална ориентација. Коментарите содржат загрижувачки елементи на агресивност и омаловажување кон ЛГБТИ-заедницата, но и експлицитни повици за насилство и физичка ликвидација на хомосексуалците. Поради тоа, Коалицијата Маргини поднесе жалба до Советот за етика во медиумите и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите даде мислење дека жалбата е основана. Сепак, Комисијата за заштита од дискриминација повторно не утврди постоење дискриминација или вознемирување.

**Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите** утврди дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, особено во насловот на написите. Образложението на Комисијата потсетува дека новинарот секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или изводоци, односно дека новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот. Со други зборови, насловот на написот мора да одговара со неговата содржина.

Во продолжение Комисијата за жалби утврди дека е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите, укажувајќи дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) што има цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата расна или етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Понатаму, членовите на Комисијата за жалби констатираат дека написот го прекршил и членот 11 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Комисијата за жалби утврди и дека авторот ги прикрил своите мислења како факти и со тоа го прекршил членот 13 од Кодексот на новинарите.

За разлика од Советот за етика во медиумите, **Комисијата за заштита од дискриминација** не утврди дискриминација и вознемирување, во согласност со Законот за заштита и спречување од дискриминација. Во кусото образложение на своето мислење, оваа Комисија само наведува дека „Комисијата за заштита од дискриминација ги анализираше сите релевантни факти,

поединечно и заедно како целина и во согласност со Законот за заштита и спречување од дискриминација...“, по што повторно не препозна дискриминација, односно говор на омраза.

## 4.4. Случај: Новинарка во дебата фаворизира ставови што ја дефинираат хомосексуалноста како болест

На ден 17.7.2017 година на **Телевизија НОВА,** во дебатната емисија Отворено студио, се разговараше на тема: **„За или против геј-бракови“**. Говорници во дебатната емисија беа Влатко Ѓорчев, пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, психолозите Мирјана Јовановска и Горан Гелевски и лекарот Георги Стојановски. Емисијата беше модерирана од водителката Анита Петровска. Во оваа емисија медиумот фаворизираше ставови што содржат говор на омраза кон лицата со хомосексуална ориентација, хомосексуалноста беше портретирана како болест и непожелна во едно општество, со што се зацврстуваат предрасудите и стереотипите кон ЛГБТИ-заедницата и се поттикнува омраза.

Во своето излагање лекарот Георги Стојановски нагласи: „Дискриминирање на никого и на ништо по ниедна основа. Стигматизирање на никого и на ништо по ниедна основа. **Ниедна болест не е за осуда и сите болести треба да се лекуваат...** Моето мислење за хомосексуалците се темели на она што го учев како студент пред 30 години, кога имавме можност за хомосексуалноста да учиме како идни лекари од страна на најеминентниот психијатар во тоа време, а верувам дека и ден-денес во Македонија не е надминат, проф. Миодраг Мицев... Во книгата по психијатрија и во предавањата на професор Миодраг Мицев стоеше експлицитно **дека хомосексуалноста е девијација во сексуалниот нагон или растројство во сексуалниот нагон и за да биде појасно за поширокиот аудиториум се работи за психијатриски проблем...** Затоа моето мислење за хомосексуалноста е, уште еднаш ќе повторам, се работи за девијација на сексуалноста, се работи за растројство на сексуалниот нагон се работи за патолошка состојба во сферата на човечката свест. Тоа го кажувам како експерт, како христијанин... ако некој тргне од спротивната теза дека, ако јас имам право како христијанин да го бранам својот став дека хомосексуалноста е патолошка појава, тој како атеист има исто така право да го брани својот став... едно хипотетично прашање. Доколку сите мажи и жени на планетите земја се претвориме во геј, односно лезбејки, во кој правец ќе оди човештвото? Во правец на самоуништување, така? Тоа значи не е потребна нуклеарна војна.“

Според членот 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изјавите во емисијата претставуваат вознемирување и понижувачкото постапување, односно повреда на достоинството на поголема група луѓе, кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Ефектите од оваа емисија се видливи и на Фејсбук-страницата на Телевизија Нова, од каде што е очигледно е дека оваа емисија предизвикала бран од гнев, предрасуди и омраза кон ЛГБТИ-луѓето. „Педеризам е модерен геноцид на луѓето. Болест на новото време. Европа е веќе во изумирање, сега сакаат и Балканот да го уништат, само некако тешко им оди“ е само еден од спорните коментари, кои сè уште не се отстранети, иако администраторот на страницата е должен да ги отстрани сите коментари што шират говор на омраза и кои можат да поттикнат насилство.

Поради сето ова Коалицијата Маргини поднесе жалба до Советот за етика во медиумите, претставка до **Комисијата за заштита од дискриминација,** барање за изрекување мерка до Лекарската комора, известување до Министерството за здравство, како и барање за спроведување вонреден инспекциски надзор до Државниот здравствен и санитарен инспекторат. До моментот на пишувањето на извештајот сè уште не е стигнат одговор од Лекарската комора, Комисијата за заштита од дискриминација, **Министерството за здравство** и **Државниот здравствен санитарен инспекторат,** иако оттогаш е поминато речиси половина година. За разлика од овие институции, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе вонреден надзор по службена должност и за тоа изготви писмен извештај. Советот за етика во медиумите донесе мислење дека жалбата по однос на оваа медиумска содржина е основана.

Комисијата за жалби при **Советот за етика во медиумите** во своето мислење утврди дека водителката на емисијата во неколку наврати наметнува сугестивно мислење во однос на темата, кое во себе содржи елементи што можат да поттикнат дискриминација по различна основа. Со тоа, Комисијата најде дека се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите, особено издвојувајќи ги следниве искази на водителката:

„Еве, да не претерам, ќе речам дека ако не 80, 70-ина проценти од македонското население во овие моменти има исти/слични ставови како што има д-р Стојановски.“

„Јас не ја разбирам различноста. Јас не можам да разберам... За мене е маж и жена да имаат сексуални односи, сè што е останато од тоа, јас не можам да го разберам. Сега јас прашувам: како ќе ме натераат со сила, ако јас сум

некој човек конзервативен, да го разберам тоа? И зошто потребата да ме натераат да го разберам?“

Во продолжение Комисијата заклучи дека водителката на дебатата своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршува членот 13 од Кодексот на новинарите, што е особено нагласено во следната нејзина изјава:

„Факт е дека македонското општество сега во овие моменти нема капацитет... едвај ја задржуваме традиционалната форма на семејството, се браниме од сѐ што носи Западот, она што велиме, сѐ што е лошо, што доаѓа од Запад, па сега уште ова...“

Понатаму, Комисијата утврди дека во дебатата е прекршен членот 11 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од своите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Комисијата потсетува дека професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

Писмениот извештај на **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** утврдува прекршување на начелата од членот 61 став 1 алинеја 2 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно прекршување на начелата за вршење радиодифузна дејност во поглед на еднаквоста на правата и слободите на луѓето по сите основи и во поглед на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните. Агенцијата за медиуми во својот писмен извештај изрекува предлог-мерка „директорот на Агенцијата, во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор мониторинг, писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје дека во емисијата Отворено студио... се прекршени начелата пропишани во член 61 став 1 алинеја 2 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои се однесуваат на слободите и правата, независно од полот, расата, националното, етничкото и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот, како и начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните“.

## 4.5. Случај: Медиумско претставување на хомосексуалноста како одвратна и перверзна дегенерација

На ден 22.7.2017 година на **веб-порталот Тетова сот** е објавена вест/колумна од авторот Саваш Велиу со наслов: **„Хомосексуалноста како одвратна и перверзна дегенерација“**. Повторно, уште во насловот на спорната вест, видлива е тенденциозноста со која медиумот има цел да ги омаловажи хомосексуалците и намера да ја патологизира хомосексуалноста како „дегенерација“.

„Хомосексуализмот претставува сексуална девијација, односно еден физиогенски недостаток со психо-ментално нарушување, што е во спротивност со самата природа. Хомосексуализмот – ЛГБТ се смета од професионалците како штетен за луѓето...Ова води кон зголемување на проблемите со менталното здравје за припадниците на ЛГБТ-заедницата, поради неговата стигматизација. До неодамна хомосексуализмот се сметаше за ментална болест. Дури со одржување на здравствената конференција одржана во Америка во 1973 година, лекарите го отстранија хомосексуализмот од листата ментални болести. Оттогаш перверзните хомосексуалци се сметаат како нормални луѓе! Со оваа промена тие почнаа да се појавуваат јавно и да се множат, бидејќи веќе се сметаа за нормални и не се плашеа дека ќе го загубат работно место и не се гледаа со потсмев“, се вели во колумната.

Апсолутно е неприфатливо ваквото патологизирање на хомосексуалноста преку давање несоодветни „дијагнози“, преку кои хомосексуалноста се квалификува како девијација. Самиот автор е свесен за фактот (и него го потенцира) дека уште во 1973 година Американската асоцијација на психијатрија ја тргна хомосексуалноста од листата ментални болести. Покрај тоа, Светската здравствена организација во 1992 година ја исфрли хомосексуалноста од Меѓународната класификација на болести и здравствени проблеми, што значи дека хомосексуалноста не се смета за болест според современата научна мисла и релевантните здравствени институции. Поради ова, неиздржани и неточни се ваквите ставови дека „хомосексуализмот“ од професионалците се смета за штетен за луѓето и дека претставува сексуална девијација и нарушување.

Авторот на текстот е колумнист и тој има право во своите колумни да му се спротивставува на унапредувањето на правата на ЛГБТИ-луѓето. Не секое спротивставување на унапредувањето на правата на ЛГБТИ-заедницата значи говор на омраза, постојат аргументи против правата на ЛГБТИ-заедницата што можат да се искористат и, притоа, да не бидат вклучени навреди и повреда на достоинството на група луѓе врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Претставувањето на ЛГБТИ-лицата како девијантни, болни и штетни за општеството претставува говор на омраза,

а не уживање на слободата на изразување. Поради сето ова Коалицијата Маргини поднесе жалба до Советот за етика во медиумите и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Во овој случај и Советот за етика и Комисијата за заштита од дискриминација утврдија постоење дискриминаторски и говор на омраза кон ЛГБТИ-луѓето.

**Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите** утврди дека во спорниот напис е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, од кој посебно ги издвојуваат следниве реченици, вклучително и насловот на колумната:

> „Хомосексуалноста како одвратна и перверзна дегенерација“
>
> „Хомосексуалноста претставува сексуална девијација, односно физички недостаток со психоментално нарушување, кое е во спротивност со самата природа.“
>
> „Оттогаш перверзните хомосексуалци се сметаат како нормални луѓе.“

Комисијата за жалби потсетува дека обврска на новинарите и на медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој и да е друг.

**Комисијата за заштита од дискриминација** исто така утврди вознемирување и поттикнување дискриминација врз основа на сексуалната ориентација. Комисијата препорача порталот Тетова сот да го отстрани спорниот текст и во иднина да внимава на нивната вистинитост и објективност за да не се вознемируваат лицата со хомосексуална ориентација, со што ќе влијае на редуцирање на стереотипите и предрасудите кон овие лица.

## 4.6. Случај: Медиумско поврзување на хомосексуалноста и педофилијата

На ден 25.7.2017 година на веб-страницата на **неделникот „Република“** е објавена вест, потпишана од авторката Билјана Зафирова, со наслов: **„Се уништува семејството, се наметнува перверзија и нихилизам“**.

Во првиот пасус од спорната вест стои: „Војна за вредности, некои се ‘за’, некои се ‘против’! – ова е тоа што му се случува на општеството, ова е тоа што ѝ се случува на Македонија. Владата предводена од Зоран Заев отвори прашања, кои, според многумина, ги уништуваат вистинските вредности. Сѐ почна со педофилите, продолжи со хомосексуалците, нивното право на брак, и повторно во игра се чувствата и правата на децата – правото на посвојување деца од страна на родители од исти пол.“

На овој начин се врши манипулирање и извртување на темата за правата на хомосексуалците, преку нејзино ставање во ист контекст со темата за педофилија.

*Во понатамошниот текст медиумот пренесува коментар на „загрижена граѓанка“:* „Не ме интересира што му се случува некому дома в кревет. Не треба никого да го интересира ни што се случува во мојот кревет. И сѐ е добро додека се случува во креветот зад ѕидовите. Но, кога таа поинаква определба се промовира, тогаш ми пречи. Пораснав во општество во кое бракот е дефиниран како заедница меѓу маж и жена. Создадов живот во општество со вредности, во кое семејните вредности се почитуваат. Сега некој сака да наметне моето дете да расте, да созрева и да се гради како личност во општество во кое ќе бидат уништени сите вредности. Тоа ми пречи. Јас избрав семејство во општество во кое семејните вредности се почитуваа. Сега некој сака да го промени тоа општество. Каде се моите човекови права?!“

Во оваа вест медиумот пренесува коментар даден од страна на отец Ивица Тодоровски, кој во јавноста е познат по своите чести хомофобични и дискриминаторски изјави. Во продолжение дел од коментарот: „...Тоа што посебно го револтира отец Иван е обидот преку барањето за човекови права да се добијат одредени привилегии. Црквата се обвинува за догматизам, застареност, а наспроти тоа се промовираат изместени вредности и се злоупотребуваат човековите права.

‘Ова е манипулирање со човековите права. Прво, кога се зборува за човекови права, треба да се знае дека тоа повлекува и одговорност, како што има право, има и одговорност. Некои борци за човекови права сакаат преку

манипулација со човековите права да добијат привилегии. Некои хомосексуални двојки, кои можеби имале негаторски однос кон бракот, сега сакаат своето заедништво да го наречат брак, иако општеството им дава можност тоа да го дефинираат на друг начин – партнерство, заедничко живеење, со договор околу проблем со наследството. Но, привилегија е да добиеш нешто што не си или не можеш да го имаш. А, тоа е злоупотреба на човековите права' – вели отец Ивица.

Тој смета дека и барањето за посвојување деца од страна на хомосексуалните двојки е дел од ЛГБТ-идеологијата преку злоупотреба на човековите права и таканаречената слобода да дојде до **некои привилегии**."

Ефектите од оваа вест се видливи и на Фејсбук-страницата на порталот „Република", каде што таа е објавена, во делот на коментари на читателите. Во коментарите постои голема доза на агресивност и омаловажување кон ЛГБТИ-заедницата, но што е уште пострашно, постојат експлицитни повици за насилство и физичка ликвидација врз основа на сексуалната ориентација. Поради сето ова Коалицијата Маргини поднесе жалба до Советот за етика во медиумите и претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. И во овој случај Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите утврди дека е жалбата основана, а **Комисијата за заштита од дискриминација** не утврди дискриминација.

**Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите** утврди дека, имајќи ја предвид чувствителноста на темата и бранувањето што го предизвикува таа во јавноста, медиумот требал, но не обезбедил мислење од сите засегнати страни, во случајов и од претставниците на ЛГБТИ-заедницата, со цел објективно информирање на јавноста. Со тоа медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, а особено во реченицата:

„Сѐ почна со педофилите, продолжи со хомосексуалците, нивното право на брак, и повторно во игра се чувствата на правата на децата – правото на посвојување деца од страна на родители од ист пол."

Новинарот треба да обезбеди „втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение членовите на Комисијата заклучија дека во текстот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, кој ја содржи забраната за дискриминација и говор на омраза, во кој особено е нагласен насловот на текстот: „Се уништува семејството, се наметнува перверзија и нихилизам".

Понатаму, Комисијата утврди дека е прекршен и членот 11 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели дека новинарот е одговорен и за искажаното од страна на говорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност. Затоа, новинарот е должен да ги парафразира или да се огради од навредливиот јазик, промовирањето стереотипи или дискриминација.

Коалицијата Маргини укажува на потребата во процесите на подготовка на новите законски решенија поврзани со медиумската сфера да се отвори јавна и фокусирана дебата со експертската јавност за членовите во законите што ја регулираат обврската на медиумите да обезбедат плурализам (меѓу другото, плурализам на родовите и сексуалните идентитети) во своите содржини.

Коалицијата Маргини предлага во казнените одредби на Законот за АВМУ да постои санкција за медиумот што шири говор на омраза, со цел обезбедување ефективна заштита од говор на омраза.

Коалицијата апелира Комисијата за заштита од дискриминација да ги зајакне своите капацитети во препознавање на говорот на омраза и да работи професионално и независно, особено во заштитата од дискриминација во медиумите и информирањето на јавноста.

Коалицијата Маргини укажува на потребата од вклучување на прашањата за медиумска писменост во курикулумите за граѓанско образование. Во рамките на овие теми прашањето на деконструкција на дискриминацијата треба да заземе централно место.

# 5. СОСТОЈБА СО ПРАВАТА НА ТРАНСРОДОВИТЕ ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2017 година Коалицијата ги интензивираше своите активности за застапување за унапредување на правната рамка за заштита на правата на трансродовите луѓе и подобрување на практиката на институциите во постапувањето во случаи на правно признавање на родот[48]. Покрај обезбедувањето правна помош и застапување во постапки за заштита на правата на трансродовите луѓе и обезбедување психосоцијална поддршка, Коалицијата се фокусираше и на работа со институциите, стручната јавност и медиумите во врска со ова прашање.

## 5.1. Неизвесност и правни лавиринти во постапките за правно признавање на родот

Недостигот на јасна правна рамка со која се регулира правното признавање на родот е еден од посериозните проблеми со кои се соочуваат трансродовите луѓе што влијае, меѓу другото, и на остварувањето на нивните права. Во Македонија е дозволена промена на податоците во матичната евиденција врз основа на решение од надлежен орган[49], но не постои одредба што јасно ја регулира постапката, па транслуѓето се соочуваат со пречка при промената на податоците и усогласувањето на личните пода-

48 Термин што се употребува за да се означи потребата од промена на родот во документите за лична идентификација и негово впишување во матичната евиденција (промена на ознаката за пол во документите за лична идентификација и матичниот број).

49 Службен весник на Република Македонија бр. 8/95. Закон за матичната евиденција, член 23.

тоци според нивниот родов идентитет. Во текот на 2017 година Коалицијата обезбеди правна помош на вкупно 16 транслуѓе за различни правни прашања, односно за правно признавање на родот, заштита од насилство и заштита на правото на приватност и остварување на правото на азил. Покрај тековните пет случаи, кои беа започнати претходно, Коалицијата обезбеди застапување на три нови случаи за правно признавање на родот. Еден од тековните случаи за правно признавање на родот, кој беше започнат од 2014 година, во септември 2017 година беше успешно завршен со позитивна пресуда на Управниот суд на Република Македонија. Имено, судот за првпат донесе одлука со која ја усвои тужбата на трансжена против одлуката на Министерството за правда, односно на Управата за водење на матичните книги, со која барањето за промена на ознаката за пол беше одбиено. Во диспозитивот на одлуката судот го задолжи Министерството за правда да ја промени ознаката за пол од „М“ во „Ж“, да го поништи постојниот матичен број и го задолжи Министерството за внатрешни работи да издаде нов матичен број, во согласност со променетата ознака за пол.

Покрај недостигот на јасна законска постапка за промена на податоците, Управниот суд донесе две пресуди кои во своето образложение се повикуваат на правната практика на ЕСЧП и обврската на државните органи да ја применуваат оваа практика во согласност со Уставот на Република Македонија. Ова се ретки судски пресуди во кои се цитираат пресуди на ЕСЧП кои се релевантни за прашањето за правно признавање на родот. Во една од пресудите судот, реферирајќи на еден ваков случај, потенцира дека „...транссексуалците страдаат од стрес и од отуѓување како резултат на несовпаѓањето на позицијата во општеството и законски наметнатиот статус со кој се одбива промена на полот, и тоа не може да се смета за мала непријатност, која произлегува од формалност. Конфликтот што настанува меѓу општествената реалност и законот ги става транссексуалците во неповолна позиција во која тие можат да почувствува ранливост, понижување и вознемиреност“. Дополнително, судот во образложението на пресудата се повикува и на меѓународните стандарди за грижа за здравјето на транслуѓето, според кои трансжената ја спровела медицинската транзиција.

Одлуките на Управниот суд се спроведени **и две трансжени добија извод од матичната книга на родени и документи за лична идентификација што го одразуваат нивниот родов идентитет.** Во меѓувреме, Управата за водење на матичните книги сѐ уште нема донесено одлука за други случаи што се започнати уште од 2011 година, и покрај укажувањето на Управниот суд дека надлежниот орган не постапил законито кога го одбил барањето за промената на полот.

Коалицијата во 2016 година започна и со постапка за заштита на правото на правно признавање на родот пред ЕСЧП за случај што се води од 2011

година, а Управата за водење на матичните книги и по укажувањето на Управниот суд одбива да донесе законита одлука и да ја одобри промената во матичната евиденција. ЕСЧП го прифати разгледувањето на жалбата, а по комуникацијата со државата во претстојниот период се очекува и одлука. Покрај барањето за утврдување на повреда на индивидуалното право на транслицето и надомест на штетата причината со долгогодишната повреда, со жалбата пред ЕСЧП се бара и системско решавање на проблемот преку усвојување сеопфатна законска рамка, која ќе овозможи правно признавање на родот во брза, ефикасна и транспарентна постапка, врз основа на правото на самоопределување на транслуѓето.

## 5.2. Системски решенија за надминување на проблемите со правното признавање на родот: учиме од најдобрите практики

Во текот на 2017 година Коалицијата објави Анализа на позитивни практики за правно признавање на родот, која дава опис на правниот и на политичкиот контекст во кој функционираат транслуѓето во Република Македонија; развојот на меѓународните и на регионалните стандарди за заштита на правата на транслуѓето и моделите за регулирање на правното признавање на родот во три земји: Данска, Ирска и Малта. Целта на оваа анализа е да послужи како алатка во процесот на застапување за унапредување на законската рамка и да им ги приближи современите трендови и добрите практики на правно признавање на родот на донесувачите на одлуки. Анализата покажа дека Македонија е една од десетте земји во Советот на Европа каде што правното признавање на родот не е достапно. Правниот вакуум придонесува за донесување произволни одлуки со кои надлежните институции во исти или во слични ситуации донесуваат сосема спротивни одуки, со што ја нарушуваат правната сигурност на транслуѓето. Оние што веќе започнале со медицинската промена, а сè уште поседуваат документи за лична идентификација што не го одразуваат нивниот актуелен изглед, родов идентитет и родово изразување, оставени се во лимбо состојба на неодредено време. Република Македонија ги игнорира позитивните обврски наметнати од страна на Европскиот суд за човекови права, врз основа на чија правна практика треба да обезбеди пристап до правно признавање на промената на родот, со што го повредува правото на приватен живот на транслуѓето.

Постапката за правно признавање на родот е значајна мерка за заштита од дискриминација на транслуѓето. Во Европа веќе се имплементираат првите закони што ги рефлектираат потребите на транслуѓето. Данска, Малта и

Ирска донесоа закони што предвидуваат брза, транспарентна и лесно пристапна постапка за правно признавање на родот. Правниот и политичкиот контекст во сите три земји е различен, но она што е ги поврзува е фактот дека во текот на целиот процес на подготовка и донесување на законите е вклучена трансзаедницата. Она што е карактеристично, посебно во Малта и во Ирска, е тоа што промената на политичката волја за отпочнување на процесот на донесување законска рамка за правно признавање на родот се случува со преземањето на власта од страна на левоориентирани политички партии, кои својата програма ја темелат на човековите права.

Должината на процесот на донесување на овие закони е различен, но во сите земји големо влијание врз конечното усвојување на законите извршил и развојот на меѓународната практика за заштита на правата на транслуѓето. Исто така, постапките водени пред домашните институции извршиле значајно влијание врз начинот на кој земјите одлучиле да го регулираат правното признавање на родот. Ирскиот случај на Лидија Фој е добар пример за стратегиско судско застапување за правата на транслуѓето, кој резултирал со одлука на судот со која се бара од државата да го усогласи законодавството со ЕКЧП.

Во сите три земји се усвоени закони со кои се дозволува правно признавање на родот со поднесување барање кон кое се приложува изјава за желбата да се промени ознаката, односно желбата да се живее во посакуваниот род, различен од оној назначен при раѓањето. Во согласност со препораките на Советот на Европа, елиминирана е секоја можност од подведување медицинска интервенција како услов за стекнување со правото на правно признавање на родот.

Во постапката за правно признавање на родот во трите земји што се предмет на анализата, се менуваат името и презимето, ознаката за пол и матичниот број, доколку тој има ознака за полот (Данска). Постојат разлики во возрасната граница од која транслуѓето можат да се стекнат со правно признавање на родот. Данскиот закон дозволува само полнолетни транслуѓе да ја започнат постапката, додека во Ирска во име на децата од 16 години барањето го поднесува родителот или старателот. Најпрогресивен е законот во Малта, кој нема ограничување на возраста, а според последните измени и лица со наполнети 16 години можат да бараат правно признавање на родот, без согласност на родителите. Покрај ова, Малта овозможува и правно признавање на родот на затворениците и има усвоено специфични политики за постапување со трансродни затвореници. Со оглед на местоположбата, во Малта престојуваат голем број бегалци, на кои државата им овозможува правно признавање на родот за време на нивниот престој во државата.

Исто така, Малта е една од ретките земји во светот што имаат усвоено одредби со кои се штити телесната автономија и физичкиот интегритет на интерсексуалците. Законот забранува каков било третман за промена на полот или хируршка интервенција на половите карактеристики кај малолетни луѓе, доколку станува збор за интервенција што може да биде одложена додека лицето не биде способно да даде информирана согласност.

Од анализата на контекстот во кој се имплементираат законите, може да се заклучи дека тие се спроведуваат во јасна и транспарентна постапка, која нема правна празнина на штета на правата на транслуѓето. Ова е посебно значајно да се има предвид при планирањето на законот, бидејќи практиката во Република Македонија покажува дека усвоените закони не се спроведуваат секогаш доследно.

Од анализата можеме да заклучиме дека Македонија е на најниското скалило на почитување на правата на транслуѓето, спротивно на обврските од ЕСЧП. Поради ова, **неопходно е итно отпочнување процес на подготовка на сеопфатен закон, кој ќе обезбеди лесен пристап до правно признавање на родот и почитување на правото на самоопределување, без наметнување медицински интервенции како услов за остварување на ова право. Единствено донесувањето на ваков закон нема да биде доволно за надминување на комплексните проблеми со кои се соочуваат транслуѓето во Македонија. По примерот на Малта, потребно е да се обезбеди реформа и на други закони што ги засегаат правата на транслуѓето, а кои ќе бидат во согласност со правото на правно признавање на родот.**

Искуствата од другите земји покажуваат дека само со сеопфатна реформа и јасно демонстрирана политичка волја за почитување и унапредување на правата на транслуѓето, ќе се овозможи непречено спроведување на правното признавање на родот.

Барањата на трансзаедницата за потребата од правно признавање на родот беа презентирани пред Министерството за труд и социјална политика и Управата за водење на матичните книги преку одржување поединечни средби. Во декември 2017 година беше одржана панел-дискусија на тема: „Препознавање и признавање на сексуалните и родовите различности“, на која претставници на Советот на Европа и организација Transgender Europe ги презентираа стандардите за заштита на правата на транслуѓето, кои произлегуваат како обврска од документите на Советот на Европа, а кои Република Македонија има обврска да ги преточи во национални закони, политики и практики. Учесничка на оваа панел-дискусија беше и министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, која ја истакна важноста од отворање на прашањето за правно признавање на родот преку вклучување на сите засегнати страни и соодветно регулирање со донесување закон.

## 5.3. Унапредување на здравствените права на транслуѓето

Недостигот на соодветна медицинска помош и грижа за здравјето на транслуѓето е сериозен проблем кој влијае на уживањето и на другите права. Коалицијата веќе четири години соработува со група здравствени работници што имаат искуство во работа со транслуѓе или кои, во согласност со својата специјалност и личен и професионален интерес сакаат да се посветат на прашањата и медицинските проблеми со кои се соочуваат транслуѓето. Овие лекари беа вклучени и во подготовката на Анализата на здравствените потреби на транслуѓето и достапноста на здравствените услуги во Република Македонија. Резултатите на анализата покажуваат низок степен на познавање на потребите на транслуѓето од страна на здравствените работници. Тие не се обучени, ниту сензитивизирани за работа со оваа популација, а здравствениот систем покажува изразено неприфаќање на транслуѓето, за што сведочат и бројните примери добиени при истражувањето[50].

Најголем проблем за реализирање на здравствените услуги на транслуѓето во процесот на транзиција е непризнавањето на потребните медицински процедури (дијагностика, хормонска терапија и хируршки интервенции за промена на полот) од страна на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, како неопходни за унапредување на животот и здравјето на транслуѓето. Според анализата, потребно е вклучување на овие интервенции во ДРГ-системот (diagnosis related group) на Фондот за здравствено осигурување за да можат да бидат идентификувани како услуги што се нудат во соодветните здравствени установи и да можат да бидат финансиски покриени од страна на државата. Понатаму, потребно е дефинирање на процесот на медицинска транзиција преку усвојување медицински протокол, формирање тимови за спроведување на овие интервенции и следење на состојбата на транслуѓето.

Во недостиг на здравствени услуги за промена на полот во Македонија, транслуѓето бараат помош во странство, најчесто во соседна Република Србија. Сите здравствени услуги надвор од земјата ги покриваат од сопствени средства, што најчесто претставува сериозно финансиско оптоварување, со кое се загрозува нужното издржување на транслуѓето и на нивните семејства.

50 Врз основа на овие сознанија, во ноември 2017 година Коалицијата спроведе обука на 26 матични лекари од шест градови во Република Македонија за здравствените потреби и проблеми со кои се соочуваат транслуѓето при добивањето основна здравствена заштита. Дополнително, оваа обука беше искористена за воспоставување мрежа на матични лекари кои се сензитивизирани за работа со транслуѓе и нивно поврзување со лекарите специјалисти со кои Коалицијата соработува подолго време.

Според податоците на Коалицијата, во текот на 2017 година зголемен е бројот на транслуѓе што бараат здравствени услуги за медицинска промена на полот во приватна здравствена установа во Македонија, каде што, повторно, услугите ги покриваат од сопствени средства.

## 5.4. Неказнивост на насилството и дискриминацијата кон транслуѓето

Во текот на 2017 година евидентирани се осум случаи на насилство врз транслуѓе и четири случаи на дискриминација и вознемирување. Сите пријавени настани се случиле на јавен простор, каде што жртвите биле изложени на физички напад, закани по живот, вознемирување, омаловажување или им бил ограничен пристапот до добра и услуги поради нивниот родов идентитет. Дел од случаите се пријавени во полиција, но до завршувањето на овој извештај нема информација за преземени дејства за откривање и казнување на сторителите. Како и претходната година, останува проблемот со непријавување на насилството и неказнување на сторителите, што дополнително влијае на обесхрабрување на жртвите да поведат постапки и да бараат заштита од институциите. Документираните случаи покажуваат низок степен на доверба на транс луѓето во полицијата, поради претходни искуства на непрофесионално однесување на полициските службеници при приемот на пријавите за насилство врз транс луѓето. Во половина од пријавените случаи и полицијата се јавува како сторител на прекршувањето на правата, бидејќи полицајците дополнително ги виктимизираат жртвите и ги изложуваат на потсмев и понижување додека ги пријавуваат настаните во полиција.

Оваа година евидентирани се и три случаи на дискриминација врз основа на родовиот идентитет во пристапот до добра и услуга, додека на две транс лица им е повредено правото на приватен живот преку јавно објавување нивни фотографии и откривање на родовиот идентитет на пошироката јавност. Јавното објавување на родовиот идентитет е сериозна повреда на правото на приватен живот, но е основа за повреда и на други права, поради опасноста од насилство и дискриминација како резултат на откриениот идентитет.

Коалицијата во 2016 година обезбеди правна помош за застапување на транс жена, која беше жртва на насилство од омраза. **Против насилникот беше поведена кривична постапка за злосторство од омраза врз основа на родовиот идентитет на жртвата, а оваа година постапката и правосилно заврши, со што насилникот е прогласен за виновен, а судот ѝ додели мате-**

**ријална штета на жртвата за трошоците што ги имаше таа за лекување како резултат на повредата.** Ова е исклучителен случај во кој жртвата започнала постапка, а судот во разумен рок ја утврдил повредата и досудил правичен надомест.

Коалицијата ги повикува Управата за водење на матичните книги и Министерството за правда во случаите за правно признавање на родот да ја применуваат правната практика на ЕСЧП и да ги почитуваат одлуките на Управниот суд, со кои се бара правилно утврдување на фактичката состојба и донесување законити одлуки во одделните случаи, со кои ќе се овозможи промена на податоците во матичната евиденција.

Коалицијата останува на барањето до надлежните институции, во консултација со експертите, здруженијата и со транс заедницата, да започнат со подготовка на закон со кој ќе се овозможи брза, лесна и транспарентна постапка за правно признавање на полот во матичната евиденција во согласност со актуелните трендови на усвојување на законска регулатива во регионот и во светот.

Коалицијата бара од Министерството за здравство:

- да обезбеди континуирана обука за здравствените работници за да се стекнат со знаење и искуство да даваат здравствени услуги во процесот на транзиција кон посакуваниот род;
- да формира работна група за подготовка на протоколи за одделните здравствени услуги, во согласност со меѓународните стандарди за нега и грижа на здравјето на транс луѓето;
- да обезбеди финансиски средства и преку Фондот за здравствено осигурување да овозможи лекување во странство за транс луѓето во преодниот период, додека да се воспостават потребните здравствени услуги во националниот здравствен систем.

Коалицијата бара од Министерството за внатрешни работи:

- да спроведе обука со полициските службеници за сензитивизација за работа со транс луѓе;

- да обезбеди професионално постапување од страна на полициските службеници што ги примаат пријавите за настани во полициските станици;
- да ги санкционира полициските службеници што ги пречекориле овластувањата и ги повредиле правата на жртвите што пријавиле настан;
- да го дополни формуларот за евидентирање настани со посебен дел за евидентирање на кривичните дела извршени од омраза врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

# 6.

# ПРЕМИЕРОТ ЗОРАН ЗАЕВ ЈА ОТВОРИ ПРОСЛАВАТА НА ПЕТТИОТ РОДЕНДЕН НА ЛГБТИ ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДРШКА

На 31 октомври 2017 ЛГБТИ Центарот за поддршка го прослави својот јубилеен петти роденден во Музејот на современата уметност. На прославата, покрај големиот број лезбејки, бисексуалки и бисексуалци, геј-мажи, транс лица, како и поддржувачи, партнери и пријатели, беше и премиерот на Република Македонија, г. Зоран Заев.

„Ви ја честитам петгодишнината од формирањето на ЛГБТИ Центарот и ве охрабрувам да бидете гласни, слободно да се изразувате и да дејствувате во насока на заштитата на правата на граѓаните." Тој ја истакна заложбата на Владата на Република Македонија да го усогласи домашното законодавство со меѓународните стандарди за човекови права, а прв чекор кон тоа е подготовката на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Премиерот, реферирајќи на нерасчистените напади врз ЛГБТИ Центарот, испрати јасна порака дека „...тие времиња на беззаконие, на кршење на човековите права по која било основа се минато, затоа што Владата на Република Македонија поставува темели на држава што е заедничка за сите и која ќе се стреми да ги штити правата на секого, без разлика на какви било различности, припадност, уверувања и слично". Во историјата на Република Македонија ова беше првпат премиер да присуствува на настан и отворено да им даде поддршка на ЛГБТИ-луѓето.

Коалицијата Маргини го поздравува присуството и поддршката на премиерот на Р. Македонија кон ЛГБТИ-заедницата и апелира прашањата за човековите права на маргинализираните заедници да се најдат високо на агендата на новата влада.

# 7.

# НОВИОТ НАЦРТ-ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ЈА СОДРЖИ СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ

Во 2016 година Министерството за труд и социјална политика формираше работна група со цел креирање нов предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација. Коалицијата Маргини беше дел од работната група. Предлог-законот е изготвен, а во моментот додека се пишува овој извештај, Министерството го чека мислењето на Венецијанската комисија.

Новиот предлог-закон вклучува решенија за надминување на слабостите од постојниот закон. Законот, како што посочуваат претставниците од Министерството за труд и социјална политика[51], не беше доуреден, особено во насока на превенцијата од дискриминација, од аспект на современите нормативни трендови и меѓународни стандарди во однос на почитувањето на човековите права. Во новиот предлог-закон најзначајните промени се однесуваат во делот на основите на дискриминација, формите на дискриминација и институционалната рамка на Комисијата за заштита од дискриминација. Сексуалната ориентација и родовиот идентитет се внесени како основи за дискриминација и нацрт-законот не го содржи дискриминаторскиот исклучок според кој уредувањето на бракот, вонбрачната заедница и семејството исклучиво како заедница на спротивни полови, односно на еден маж и една жена, нема да се смета за дискриминација[52]. Во нацрт-законот се предвидени серија мерки за обезбедување квалитет

51 Академик: Јавна дебата за новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, 20.10.2017 г.

52 Чл. 14, став 1, точка 6, Закон за спечување и заштита од дискриминација, Службен весник на РМ. бр 50 од 13.4.2010 г.

и непристрасност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, меѓу кои и професионализација на комисијата, односно членовите ќе бидат вработени во Комисијата со полно работно време и нивната функција ќе биде неспојлива со извршувањето друга јавна функција, функција во политичка партија или работно место.

Коалицијата Маргини ја поздравува иницијативата за донесување нов Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Коалицијата Маргини ги повикува сите пратеници од Собранието на Република Македонија да гласаат позитивно за усвојувањето на новото законско решение за спречување и заштита од дискриминација и на тој начин да придонесат за поефективна борба против дискриминацијата во нашето општество.

Коалицијата апелира внесувањето на сексуалната ориентација и родовиот идентитет во законот да не се користи за меѓупартиски пресметки, манипулации со јавноста и говор на омраза кон ЛГБТИ-луѓето.

# 8.

# ПРОЦЕНКА НА ЗНАЕЊЕТО, СТАВОВИТЕ, ПРАКТИКИТЕ И ПОТРЕБИТЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛГБТИ-ЛУЃЕТО И ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Здружението на граѓани ХЕРА, во соработка со Коалицијата Маргини, спроведе проценка на знаењето, ставовите, практиките и потребите на пратениците во Собранието на Република Македонија во врска со човековите права на ЛГБТИ-луѓето и заштитата од дискриминација. Имајќи предвид дека Собранието на Република Македонија како законодавен орган е надлежен да донесува нови и да ги изменува и да ги дополнува постојните закони, поддршката од мнозинство пратеници е неопходна за подобрување на законската рамка за унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето. За потребите на оваа проценка во периодот од јули до октомври 2017 година се

спроведе истражување преку полуструктурирани интервјуа со пратеници од Собранието на Република Македонија[53].

За да се обезбеди увид во правниот и во политичкиот контекст во кој работат пратениците, направена е деск-анализа на програмите на политичките партии од парламентарните избори во 2016 година, анализа на заложбите на парламентарните политички партии за подобрување на законите и на политиките за заштита на правата на ЛГБТИ, изразени преку потпишување декларации и слични иницијативи на граѓанските организации, анализа на законите и на подзаконските акти на Собранието на Република Македонија и анализа на претходните иницијативни во Собранието поврзани со правата на ЛГБТИ-луѓето.

Клучните наоди од деск-анализата на законите, подзаконските акти, програмите на политички партии и иницијативите на граѓанските организации покажуваат дека пратениците во Собранието, во согласност со законот и со Деловникот, имаат широко поставени можности за дејствување во насока на унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето, а административно-техничката поставеност на законодавниот орган дава фактички можности за операционализација на законските и на деловничките одредби. Сепак, правата на ЛГБТИ-луѓето речиси во целост отсуствуваат од пишаните програми на парламентарните политички партии, со исклучок на ДОМ, во чија програма има посебно поглавје посветено на ЛГБТИ-луѓето.

Клучните наоди од интервјуата со пратениците покажуваат дека **тие имаат делумни и површни познавање на законската рамка за заштита на правата на ЛГБТИ-луѓето, но најголем дел од нив немаат предрасуди,** односно имаат позитивни ставови кон ЛГБТИ-заедницата. Кога станува збор за нивото на познавање конкретни податоци/факти што се однесуваат на ЛГБТИ-луѓето, а кои се во тесна врска и со ставовите на интервјуираните пратеници кон ЛГБТИ-луѓето, тие имаат соодветни познавања. На пример, најголем дел од интервјуираните пратеници (69 %) се согласуваат дека хомосексуалноста не е болест. Еден од интервјуираните пратеници наведува дека не е сигурен, а другите пратеници (23 %) јасно кажуваат дека хомосексуалноста ја сметаат

53 Примарна цел на проценета е да даде податоци за ставовите, знаењата и практиките на пратениците од сегашниот состав на Собранието во однос на правата на ЛГБТИ-луѓето. За да се добијат релевантни податоци за Собранието како орган, потребно е интервјуата да се спроведат со репрезентативен примерок од пратениците. Репрезентативен примерок од пратениците беше невозможно да се постигне, иако рокот беше продолжуван на двапати. Несоработливоста и нереспонзивноста на пратениците, особено пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и коалициските партнери, го наметна и централното ограничување на истражувањето. Наместо на репрезентативен примерок, проценката е направена на погоден примерок, кој дава релевантни податоци за знаењата, ставовите и практиките на група пратеници, кои се важни за ЛГБТИ-организациите и заедницата и се идентификувани како клучни партнери и сојузници за процесите за унапредување на правата на ЛГБТИ-луѓето.

за болест, на што еден од интервјуираните додава дека може да се користи терминот „родена склоност“, бидејќи „болест“ е прегрубо.

Сите пратеници, освен еден пратеник од Социјалистичката партија на Македонија, ги препознаваат ЛГБТИ-луѓето како жртви на дискриминација и повреда на правата. Најголем дел од пратениците сметаат дека ЛГБТИ-луѓето не уживаат соодветна законска заштита (92 %) и дека институциите се однесуваат понеповолно кон нив (77 %), иако повеќето не се запознаени со домашни закони што содржат забрана за дискриминација врз основа на сексуалната ориентација, макар што во Македонија има осум вакви закони.

Најслабо знаење пратениците покажуваат за состојбата на трансродовите луѓе и можноста медицински и правно да им се признае родот. Според ова, и **поддршката за правно признавање на родот и медицинско потврдување на родот**[54] **е помала во споредба со другите прашања,** што се важни за ЛГБТИ-заедницата. Сепак, правното признавање на родот ужива поголема поддршка од медицинското потврдување на родот, бидејќи на него се гледа како на лично право за самоопределување на граѓаните.

**Заштитата од насилство ужива највисок степен на поддршка од страна на пратениците, а правото на посвојување деца – најниска.** Треба да се има предвид дека во Република Македонија прашањата за истополови бракови и посвојување деца се чинат апстрактни и далечни, па и одговорите на овие прашања самите по себе се декларативни заложби дадени надвор од политичкиот контекст. Заштитата од насилство и говор на омраза ужива поширока поддршка од заштитата од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Ова најверојатно се должи на тоа што измените во Законот за спречување и заштита од дискриминација се започнати, а новиот предлог-закон, кој ги вклучува сексуалната ориентација и родовиот идентитет досега беше предмет и на јавни дебати, па партиите имале можност да донесат конкретни одлуки што набрзо ќе треба и да се спроведат. Патениците од власта и пратениците од албанските партии и од опозицијата даваат поддршка за заштитата од дискриминација на ЛГБТИ-луѓето, додека еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ е против, а друг пратеник од опозицијата нема конкретен одговор.

Според досегашното искуство на работата на Собранието, пратениците дејствуваат во согласност со партиските ставови и одлуки, а собраниските расправи за правата на ЛГБТИ-луѓето досега биле повод за говор на омраза и партиски пресметки со опонентите. Повеќето од испитаните пратеници

54 Термин што се користи наместо застарениот израз „промена на полот“. Со овој термин се истакнува дека се потврдува родот на поединецот со медицинска интервенција.

покажуваат волја активно да се залагаат за унапредување на состојбите со ЛГБТИ-луѓето и притоа да ги користат собраниските механизми, но и својата општествена позиција како пратеници. Донесувањето на нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација, кој ги содржи сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи, се гледа како следен чекор кон унапредување на ЛГБТИ-правата, за кој пратениците од парламентарното мнозинство и БЕСА даваат поддршка.

# 9.

# СТАВОТ НА ПРАТЕНИКОТ БРАНКО МАНОИЛОВСКИ ЗА ИСТОПОЛОВИТЕ БРАКОВИ – ПОВОД ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА КОН ЛГБТИ-ЛУЃЕТО

На 3.7.2017 година пратеникот на ДУИ Бранко Манoиловски на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, каде што на дневен ред беа општите акти на Народниот правобранител, се јави за збор и го изрази својот став за правата на ЛГБТИ-луѓето (хомосексуалците) во Република Македонија. Дел од изјавата на Манoиловски вклучува: „Овие два-три месеци слушнавме за многу права, но не и за правата на хомосексуалците. Многу прекрасни луѓе. Треба да им се дадат сите права на хомосексуалците во оваа република. Сите, дури и правото на брак. Ќе речете, зошто тоа? Еве зошто. Тие заедно работеле и направиле една куќа, и едниот умрел потоа. И сега, тој не може да ја наследи куќата затоа што бил хомосексуалец“, изјави Манoиловски[55].

На неговата изјава реагираа други пратеници. Најпрво, збор зеде пратеникот на Движењето БЕСА Африм Гаши, кој даде изјава во која вели: „Јас сум убеден дека во Македонија имаме конзервативно општество, каде што семејството е точно утврдено дека се состои од маж и жена и дека семејството има деца. Ние треба да ги прокламираме овие вредности.“

Следен за збор на оваа седница се јави пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Антонио Милошоски, кој не се воздржа од говор на омраза и изјави: „Ако некои држави одлучиле девијантните појави да ги легализираат во еднополови бракови и ако тоа не одговара со семејната и традиционална определба

55 „Манoиловски бара истополов брак во Македонија, Милошоски не сака такви девијантни појави тука“, 3.7.2017, Queer.mk .

на општеството во Република Македонија, не мора сите лоши работи да ги увезуваме...“

По оваа случка потпретседателот на СДСМ и пратеник во Собранието Мухамед Зеќири постираше религиозна изрека од пророкот Мухамед, која често се користи во контекст на осуда на хомосексуалноста:

> „Проколнат нека е оној што го прави тоа што луѓето од Лот го правеа (трипати)[56]
>
> Возљубен е оној што шири учење во име поинакво од Алах
>
> Проколнат нека е оној што сексуално општи со животни
>
> Проколнат нека е оној што не ги слуша родителите
>
> Проколнат е оној што ја венча сопствената ќерка за своја сопруга
>
> Проколнат е оној што го брка овчарот од неговата нива и го тера да го напушти своето семе за плодот да го собере проколнатиот.“

Подоцна тој даде изјава за Фокус[57]: „Јас сум теолог и сум против геј-бракови и против хомосексуалноста, тоа е мој личен став.“ По оваа негова изјава беше објавена и реакција од страна на граѓанските организации, Хелсиншкиот комитет за човекови права, ЛГБТИ Центарот за поддршка, Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници и ЛГБТ Јунајтед – Тетово, кои го осудија дискриминаторскиот и хомофобичен говор во Собранието и побараа да се санкционираат изјавите од овој вид[58].

Во врска со ова случување и партијата ВМРО–ДПМНЕ излезе со свој став. Имено, пратеничката Благица Ласовска ја даде следнава изјава на пресот на партијата: „Бракот е заедница исклучиво меѓу еден маж и една жена. Така било, така е и така треба да остане. Без никаква дебата и без никакви аргументи, власта предводена од СДС и ДУИ на јавноста вчера кукавички ѝ го подметна предлогот за легализација на хомосексуалните бракови, кој

56 Лот е пандан на Содома и Гомора и мажите што спијат со мажи се од овој град, а тој го проколнал трипати.

57 „Потпретседателот на СДСМ Зекири со религиозни изреки од пророкот против хомосексуалците”, 04.07.2017, Фокус.

58 „Пратениците разединети, невладините обединети: Општество за сите не се гради со хомофобија“, 4.7.2017 г., Радио МОФ.

може да биде вовед во идно овозможување на посвојување деца без родители од хомосексуални двојки.“[59]

Генералниот секретар на СДСМ, Александар Кирацовски, во изјава за Фокус го кажа следново: „Ние како партија не го делиме тоа мислење со Зекири и ги гледаме сите аргументи пред да донесеме партиски одлуки, тоа е негово лично мислење.“[60] Следниот ден (5.7.2017) од СДСМ се оградија од личниот став на нивниот сопартиец Мухамед Зекири[61] и премиерот Зоран Заев даде изјава дека владата е отворена за дебата во врска со истополовите бракови, како и тоа дека нивниот став е почитување на различностите и градење еднакво општество за сите[62].

Паралелно со изјавите на државните функционери, невладините организации и поединци активисти, дебатата за ова случување жестоко се одвиваше на социјалните мрежи и во урбаната средина во форма на испишани графити.

На порталот на албански јазик Алмакос е напишано следново:

„Во Куманово, Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и други места на 4 јули се појавија бројни натписи преку кои се изразува револт[63] за поддршката што Маноиловски, пратеник на ДУИ, јавно ја искажа кон хомосексуалците. На овие натписи направени од непознати лица, напишана е кратенката ЛГБТ, а под буквата ‘B’ допишана е кратенката ‘BDI’ (албанскиот назив за ДУИ).“

Поради говорот на омраза од страна на пратениците Милошоски и Зекири, Коалицијата се обрати со претставки до Комисијата за заштита од дискриминација. По претставката за пратеникот Милошоски Комисијата веднаш одлучи и не утврди дискриминација, а за пратеникот Зекири со задоцнување од неколку месеци Комисијата исто така не утврди дискриминација.

Дебатата за или против хомосексуалноста и геј-браковите предизвика жестоки реакции и значително присуство на дискриминација и говор на омраза, но и поддршка и солидарност со ЛГБТИ-заедницата и активистите.

59 „ВМРО-ДПМНЕ нема ништо против сексуалната определба, ама има против истополовиот брак“, 4.7.2017, queer.mk.

60 „Кирацовски: СДСМ не го дели ставот со Зекири за хомосексуалноста“, 4.7.2017, Фокус.

61 „Од СДСМ порачуваат дека не го делат мислењето со Мухамед Зеќири во врска со хомосексуалноста“, 5.7.2017, queer.mk.

62 „Премиерот Зоран Заев е отворен за дебата околу легализација на истополовиот брак во земјава“, 5.7.2017, queer.mk.

63 “Revoltohen shqiptarët: BDI si u bane LGBT? (FOTO)”, 5.7.2017, Almakos.

Коалицијата Маргини ја поздравува иницијативата на пратеникот Бранко Манoиловски за отворање на прашањата на ЛГБТИ-заедницата во Собранието на Р. Македонија.

Коалицијата Маргини најостро ги осудува хомофобичните изјави на некои од актуелните пратеници, кои преку дискриминаторски говор и говор на омраза ја деградираат ЛГБТИ-заедницата, спротивно на реформската насока на политичко дејствување за која се залага новата влада. Новите програмски определби и реформската политика на новата владејачка структура треба да придонесат кон менување на состојбите со човековите права и слободи на ЛГБТИ-луѓето преку градење доверба во институциите на системот, како и преку професионален ангажман на сите што учествуваат во процесот на донесување одлуки. Во оваа насока, потребно е да се консолидира заложбата на Владата на Република Македонија да ги промовира, да ги штити и да ги унапредува човековите права во државата и да создава институционални капацитети за нивна ефикасна заштита и одговорност на сите што ќе се обидат да ги повредат човековите права – како што беше наведено во Програмата за работа на Владата (2017–2020). За таа цел Коалицијата Маргини очекува пратениците, како и другите политичари и претставници на институциите да не се служат со дискриминаторски говор и говор на омраза кон ЛГБТИ-заедницата и, наместо тоа, да се насочат кон интензивирање на напорите за создавање поддржувачка околина за маргинализираните заедници.

# 10.

# ХОМОФОБИЈА ВО КАМПАЊАТА ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ОД КАНДИДАТОТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ

На 13.10.2017 година на митинг во предизборната кампања за локалните избори, кандидатот за градоначалник и дотогашен градоначалник на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, во својот говор користеше навредливи и деградирачки зборови со цел да го нападне противкандидатот, наведувајќи дека за него се зборувало дека е хомосексуалец. Притоа, посочи на хомосексуалноста, нарекувајќи ја „најопасната мафија“, „мафија што сака да се инсталира во Општина Карпош“. Ваквиот говор на кандидатот за градоначалник претставува кривично дело „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ според членот 319 од Кривичниот законик на Република Македонија.

На спорниот говор на кандидатот за градоначалник претходеше екстензивна пропаганда против луѓето со различна сексуална ориентација забележана во печатени материјали дисеминирани во Општина Карпош со навредлива и вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ-заедницата.

Хелсиншкиот комитет и Коалицијата Маргини посочија дека од исклучителна важност во конкретниот случај се неколку елементи. Прво, застрашувачки е фактот што лицето кое континуирано шири говор на омраза е градоначалник на Општина Карпош во изминатите осум години, односно е носител на јавна функција и избран претставник на граѓаните, кој има особено влијание врз градењето на јавното мислење и јавните политики на општината. Второ, говорот на поранешниот градоначалникот (и кандидатот за градоначалник) е одржан на јавен собир – митинг во рамките на предизборната кампања за претстојните локални избори, каде што има пристап и влијание до поширока публика, односно голем дел од гласачкото тело. Трето,

и можеби најважно, е дека јасно се гледа намерата на говорникот да омаловажи и да деградира една цела маргинализирана група врз основа на сексуалната ориентација, нарекувајќи на „најопасна мафија“ и алудирајќи на неа како на штетна за општеството, односно за општината.

Во однос на забележаниот случај на говор на омраза, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Коалицијата Маргини поднесоа кривична пријава до Основното јавно обвинителство за лицето Стевчо Јакимовск, за сторено кривично дело според членот 319 од Кривичниот законик, за кое е пропишана казна затвор од една до пет години.

Коалицијата Маргини го повикува Јавното обвинителство да спроведе брза и ефикасна постапка за утврдување одговорност на сторителот, а судот да изрече соодветна мерка, со што превентивно ќе се дејствува врз понатамошното ширење говор на омраза.

Коалицијата Маргини и Хелсиншкиот комитет потсетуваат на неопходноста за следење на судската практика на меѓународните судови, односно практиката на Европскиот суд за човекови права. Аналогно на конкретниот случај, посочуваме на случајот Ферет против Белгија, во кој претседател на политичка партија е осуден за користење говор на омраза во предизборна кампања кон маргинализирана група (во случајот – ксенофобичен говор кон мигрантите), со кој предизвикува и поттикнува омраза и омаловажување. Европскиот суд за човекови права ја потврди изречената казна кон политичарот, која се состои во општокорисна работа со маргинализираната група кон која е насочен говорот на омраза, како и десетгодишна забрана за кандидирање за јавна функција. Оттука, обвинителството и судот треба да ја имаат предвид сериозноста на искажаните зборови од страна на јавна личност, која има влијание врз другите, како и контекстот, односно употребата на говорот на омраза во време на предизборна кампања, кога искажаните зборови на политичарите имаат засилено влијание.

# 11.

# ВИКЕНД НА ГОРДОСТА ВО СКОПЈЕ И ВО ТЕТОВО

Во 2017 година во Македонија се одржаа два викенда на гордоста, во Скопје и во Тетово. Викендот во Скопје се одржува по петти пат, а во Тетово за првпат.

**Викендот на гордоста во Скопје – ТРАНС-ФОРМАЦИИ** се одржа од 22 до 25 јуни 2017 година. Овој фестивал беше најавен со предластан на 14 јуни со наслов „Срамота – вечер на раскажување квир-приказни", организиран во соработка со феминстичката група Пич прич. Овој настан собра повеќе од 350 луѓе, а повеќе од 7000 луѓе го погледнале видеото од настанот. Вечерта на раскажување квир-приказни собра шест раскажувачи, кои пред публиката зборуваа на различни теми, меѓу кои сексуалноста, родовиот идентитет, живеењето како геј во Македонија и слично.

Викендот на гордоста во Скопје официјално го отвори министерот за култура, г. Роберт Алаѓозовски. Во своето отворање тој испрати исклучително важни и поддржувачки пораки, кои се однесуваа не само на серијата културни настани туку и на ЛГБТИ-заедницата. Поздравниот говор на министерот за култура беше вистински историски момент, со оглед на тоа што тоа беше првпат во историјата на Македонија еден официјален претставник на владата да присуствува и да отвори настан поврзан со ЛГБТИ-култура и права. Викендот на гордоста се отвори со изложба на Cassils, на која присуствуваа околу 600 луѓе, а вклучуваше видео/звучна инсталација, една звучна инсталација и две видеоинсталации. Следниот ден францускотo дуо Hélène Bee и Victor Marzouk одиграа перформанс под наслов „Метарод". Ова дуо во рамките на фестивалот одржа и затворена работилница, на која учествуваа 15 жени, кои беа селектирани од пријавените на јавниот повик. Фестивалот вклучи и предавање на познатиот квир-изведувач и истражувач на визуелната култура, проф. Доминик Џонсон.

Сите настани во рамките на Викендот на гордоста во Скопје привлекоа огромна публика и интерес кај јавноста и кај медиумите, оставајќи зад себе педесетина медиумски прилози и написи.

Во октомври 2017 за првпат се одржа **Викендот на различности и гордост во Тетово,** настан кој траеше три дена, а беше во организација на ЛГБТ Јунајтед – Тетово. На 20 октомври во Галеријата на град Тетово свечено се одржа отворањето на првиот Викенд на гордоста, по што следуваше забава во еден од клубовите. Вториот ден од Викендот на различности и гордост во Тетово беше проследен со заеднички пикник со поддржувачите и припадниците на ЛГБТИ-заедницата и проекција на филмот „Том Бој". Третиот ден од Викендот на различности и гордост беше проследен со дебата на која присуствуваа поддржувачи и припадници на ЛГБТИ-заедницата.

На отворањето на овој настан учествуваа над 80 припадници на ЛГБТИ-заедницата и околу 20 поддржувачи и родители на припадници на ЛГБТИ-заедницата. Вреди да се потенцира дека ова е прв настан од ваков вид кој делумно беше финансиски поддржан и од Министерството за култура на Р Македонија а, организаторите изразија задоволство од соработката со полицијата во Тетово и со Општина Тетово.

# V.

## Дискриминаторски содржини во учебниците

# 1.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНОТО И ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на 2017 година постапките за дискриминаторските содржини во учебниците „Граѓанско образование“ за осмо одделение и „Општество“ за четврто одделение доживеаја своја разрешница.

За учебникот **„Општество“ за четврто одделение** Народниот правобранител утврди дискриминација врз основа на брачен, семеен статус и религија во содржините што го фаворизираат традиционалното семејство и го претставуваат како единствен пожелен и нормален модел. Народниот правобранител утврди дека со ваквите содржини се повредува правото на образование и дека тие не им соодветствуваат на домашните закони и на меѓународните стандарди во образованието. Министерството за образование и наука донесе решение за формирање Комисија за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник. За разлика од Народниот правобранител, не е јасно дали Државниот просветен инспекторат воопшто постапи по претставката за овој учебник, бидејќи само нè информираше дека за да се повлече учебникот Министерството за образование и наука треба да формира комисија. И покрај барањата за појаснување и ургенцијата, Државниот просветен инспекторат не одговори и не постапи соодветно по оваа претставка, иако според Законот за учебници за основно и средно образование[64] ДПИ има обврска да врши надзор над спроведувањето на законот.

Во учебникот **„Граѓанско образование“ за осмо одделение,** во кој се тврдеше дека „само почитуваните жени и здрави мајки можат да обезбедат здрави семејства, од што зависи и понатамошниот развој на општеството“

64 Закон за учебници за основно и средно образование, консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016).

и содржеше шовинистички текстови од Библијата, кои се претставуваа како факти, Народниот правобранител утврди дискриминација врз основа на род, здравствена состојба и религија. По препораката на Народниот правобранител, Министерството за образование и наука донесе Решение за повлекување на учебникот од употреба. Претставката за учебникот беше пратена и до Комисијата за заштита од дискриминација, но Комисијата донесе мислење со задоцнување од два месеци од законски предвидениот рок, со кое утврди дека „не постапува по претставката поради промена на околностите врз основа на кои е отстранета повредата на правото на кое се повикува поднесувачот". Практиката на Комисијата за непостапување во вакви случаи е спорна самата по себе, особено доколку се земе предвид фактот дека дискриминација постоела и таа може да се утврди со образложение дека е учебникот веќе повлечен поради ненавремено постапување на Комисијата. Дополнително, небулозно е посочувањето на Комисијата дека „навременото пријавување на дискриминаторски случаи и практики е од клучно значење за менување на состојбите на терен", имајќи предвид дека Комисијата доцни при постапувањето, а не подносителите.

Дискриминаторски и дезинформирачки содржини за дрогите и луѓето што употребуваат дроги беа утврдени и во учебникот **„Биологија за прва година реформирано гимназиско образование"**. Авторите на учебникот не се воздржувале од навреди, фатализам и репродукција на стереотипи за луѓето што употребуваат дроги, портретирајќи ги како замаени, крадци, агресивни итн. Народниот правобранител утврди директна дискриминација и вознемирување врз основа на здравствена состојба и социјален статус, со што се повредува правото на образование и, наместо современи научни факти, се изнесуваат лични ставови базирани на предрасуди. За разлика од случаите со учебниците по Граѓанско образование и Општество, Министерството за образование и наука не го повлече учебникот од употреба, туку го информираше Народниот правобранител и јавноста[65] дека има отворено процес на ревизија на наставните планови и програми, со цел „да се надминат досегашните недостатоци низ учебниците и да се донесат нови содржини кои соодветствуваат на денешното живеење". Комисијата за заштита од дискриминација, која ја прими претставката во истиот ден со Народниот правобранител (31.7.2017), сѐ уште нема донесено мислење по неа, иако законскиот рок е истечен на 31.10.2017 година.

65 НОВА ТВ: Дескоска: Ревизија на сите учебници кои поттикнуваат дискриминација 22.6.2017 година

Коалицијата Маргини ги поздравува заложбите на Народниот правобранител за надминување на дискриминаторските и на вознемирувачките содржини во учебниците за основно и средно образование. Исто така, Коалицијата ја поздравува одлуката на Министерството за образование и наука да спроведе систематска ревизија на наставните планови и програми за да се отстранат дискриминаторските, спорните и застарените содржини. Коалицијата бара од Министерството за образование и наука во процесот на ревизија на учебниците да ги отстрани вознемирувачките содржини во учебниците за кои веќе имаме отворено постапки пред Народниот правобранител.

Коалицијата Маргини препорачува во процесот на ревизија особено да се внимава на родот, родовите стереотипи, претставувањето на маргинализираните заедници, особено ЛГБТИ-луѓето и луѓето што употребуваат дроги. Учебниците мора да содржат современи и релевантни содржини, со кои се промовираат човековите права на сите граѓани, без разлика на сексуалната ориентација, родовиот идентитет, здравствениот и социјалниот статус. Коалицијата апелира во учебниците да се вметнат нови содржини за родот, сексуалноста, дрогите и ХИВ, со чија помош правилно ќе се информираат учениците/ученичките и ќе се промовира еднаквоста и човековите права.

Коалицијата препорачува Министерството за образование и наука да ги вклучи граѓанските организации во процесот на ревизија на учебниците, со цел да се осигури дека тие нема повторно да содржат неточни информации, стигма и дискриминација кон маргинализираните заедници.

# 2.

# ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ СОДРЖИНИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ СÈ УШТЕ СЕ ГОРЛИВ ПРОБЛЕМ

Промената на власта донесе надеж дека постои можност за повлекување на дискриминаторските содржини од основното и од средното образование и нивна замена со нови, современи содржини во служба на почитувањето на човековите права и промоција на еднаквоста. За жал, со вакви позитивни промени не може да се пофали високото образование, односно универзитетите и факултетите.

Универзитетските професори, автори на дискриминаторски содржини во учебници што се употребуваат на различни факултети, поддржани од ректоратите и деканатите, сè уште одбиваат да ги повлечат учебниците со кои навредуваат цели групи граѓани. Аргументот што се повторува од страна на универзитетските професори и нивните поддржувачи е комплетно погрешното разбирање на универзитетската автономија и слободата на изразувањето, кое во случајов можеме да го квалификуваме како претенциозно, имајќи ја предвид претпоставката дека универзитетските професори треба да бидат запознаени со базичните концепти на слободата на изразувањето наспроти говорот на омраза.

Коалицијата Маргини веќе цела деценија апелира за повлекување на дискриминаторските содржини во високото образование, користејќи најразлични методи и стратегии, како анализи на содржините на учебниците, барања до надлежните институции и автори за повлекување содржини, конференции, редовно известување за состојбите до домашни и до меѓународни тела, обиди за воспоставување соработка со надлежните институции и универзитети, но и искористување на постојните механизми за заштита од дискриминација, како Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација.

Резултатите од постапките пред Народниот правобранител и пред Комисијата за заштита од дискриминација имаат ограничен ефект, односно само шест[66] учебника со хомофобична содржина се повлечени од употреба, благодарение на претставките, но и поради волјата на авторите, кои ја признаа грешката и ги повлекоа спорните содржини. Досега се поднесени претставки за уште девет[67] учебници во високото образование, кои содржат дискриминаторски содржини кон ЛГБТИ-луѓето, кон луѓето што живеат со ХИВ и кон луѓето што употребуваат дроги, од кои за пет Народниот правобранител има утврдено дискриминација, за два ја сопрел постапката и не утврдил дискриминација, а за два сѐ уште се очекува одговор. Но, дури и оние пет учебника за кои институцијата утврдила дискриминација, не се повлечени и сѐ уште се во употреба во високото образование. Поради ваквата состојба може да се заклучи дека Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител не се доволно ефикасни и ефективни механизми за отстранување на дискриминаторските содржини од учебниците. Од една страна, Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација донесуваат мислења и препораки, чие почитување во голема мера зависи од волјата на институциите, иако постојат механизми во односните закони што овие институции можат да ги искористат доколку не се почитуваат нивните одлуки. Од друга страна, проблемот е и во слабата волја на овие институции похрабро да се залагаат за отстранување на дискриминаторските содржини. И Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација не ја следат ниту сопствената практика, односно за учебници со слична содржина донесуваат различни одлуки[68]. Народниот правобранител дури и во случаите во кои утврдил дискриминација не дава јасна препорака да се отстрани спорната содржина, туку препорачува дополнување на правилниците за издавачка дејност на универзитетите со антидискриминаторски клаузули. Секако дека е добра препораката за внесување антидискриминаторски клаузули во правилниците на универзитетите, која би требало да има позитивно влијание во

66 Учебниците Психијатрија том 1 и 2 и учебникот Медидцинска психологија на авторот Георги Чадловски се повлечени од употреба по претставка на Коалицијата Маргини до Комисијата за заштита од дискриминација. Два учебника (Психологија за деца и млади и Медицинска психологија), кои се употребуваат на Државниот универзитет во Тетово на авторката Гордана Станковска се повлекоа по претствката на Коалицијата Маргини до народниот правобранител, додека учебникот „Психијатрија“ авторката го повлече по укажување на Коалицијата.

67 Криминалистичка психологија од проф. д-р Лилјана Батковска, три учебника по псхологија од проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, Социјална патологија од проф. д-р Зоран Сулејманов и проф. д-р Нелко Стојановски, Психологија на личноста од проф. д-р Благоја Јанаков, Значењето на бракот (преведен учебник кој се употребува на Филозофски Факултет Скопје), два учебника по етика на авторот Кирил Темков.

68 На пример, Народниот правобранител не утврдува дискриминација во учебникот „Психологија на личноста“, а утврдува дискриминација во учебниците по психологија на проф. Мурџева- Шкариќ, иако се работи за слична содржина. Дури, во учебникот „Психологија на личноста“ има поексплицитна хомофобија.

практиката, но универзитетите, од своја страна, прифаќаат да ја вметнат антидискриминаторската клаузула, но не и да ги повлечат дискриминаторските учебници, што од самиот почеток зборува за нивната волја да ја почитуваат оваа одредба откако ќе ја усвојат. Неопходно е Народниот правобранител јасно да препорачува отстранување на дискриминаторските содржини, покрај внесувањето на антидискриминаторската клаузула, со цел де факто отстранување на дискриминацијата од учебниците. Дополнително, најголем дел од претставките за дискриминаторски содржини во учебниците се однесуваат на сексуалната ориентација, родот[69], родовиот идентитет и здравствената состојба, па логично е Народниот правобранител да препорача вметнување и на овие дискриминаторски основи во клаузулите на правилниците за издавачка дејност. Останува нејасно зошто Народниот правобранител ги испушта овие основи во препораката, што зборува, воедно, и за волјата на институцијата да ги заштитува правата на ЛГБТИ-луѓето, луѓето што живеат со ХИВ и луѓето што употребуваат droги.

Универзитетот Св. Климент Охридски постапи во согласност со препораките на Народниот правобранител, односно го надополни правилникот за издавачка дејност со антидискриминациска клаузула, додека сѐ уште се очекува УКИМ да го направи тоа. Оваа клаузула може да има позитивно влијание во иднина да не се издаваат учебници што ќе содржат навредливи содржини и говор на омраза, со тоа што ќе се зголеми свеста за оваа обврска кај авторите. Но, сепак, обврската да не користат дискриминација и говор на омраза ја содржат повеќе одредби од домашното и од меѓународното право, така што и пред дополнување на правилниците авторите знаеле или морале да знаат за таа обврска. Правната основа за повлекување од употреба на дискриминаторските учебници се наоѓа во Законот за спречување и заштита од дискриминација, практиката на Европскиот суд за човекови права и бројни конвенции ратификувани во Република Македонија. Поради ова, Народниот правобранител мора да препорача отстранување на дискриминација, бидејќи, во спротивно, дејството на дискриминацијата не завршува, односно учебниците и понатаму се користат, со што повторно се прави дискриминација и се повредува правото на образование.

69 Во предлог-членот стои пол како заштитена карактеристика, но не и род

## 2.1. Учебници по психологија и социјална патологија на Универзитетот Св. Кирил и Методиј

Во случајот на учебниците **„Психологија на детството и адолесценцијата“, „Психологија на возрасните и стареењето“ и „Психологија на родот“** на професорката Олга Мурџева-Шкариќ, се работи за изобилство од хомофобични содржини, со кои луѓето со хомосексуална ориентација се портретираат како болни, перверзни, преносители на СИДА и штетни за општеството. Учебниците се употребуваат на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – на студиите по психологија и на сродни студии. Комисијата за заштита од дискриминација, по претставка на Коалицијата во 2013 година, не утврди дискриминација во овие учебници, бидејќи сметаше дека авторката ја практикувала својата слобода на научно творештво, пишувајќи дека „уште кај децата од 6-7 години треба да се каже дека хомосексуалните врски се погрешно насочување на еротската љубов, бидејќи водат кон стерилност“.

Учебникот **„Социјална патологија“** на професорите Нелко Стојановски и Зоран Сулејманов содржи говор на омраза и кон ЛГБ-луѓето и кон луѓето што употребуваат дроги, лични и научно непоткрепени ставови на авторите, кои ја отсликуваат стигмата и предрасудите кон овие групи граѓани. Во учебникот особено се карактеристични заблудите во однос на употребата на дроги и навредливите зборови кои ги користат авторите за да ги опишат луѓето што употребуваат дроги преку нивно поистоветување со криминалци, па дури и со убијци[70]. Учебникот се користи на Филозофскиот факултет на УКИМ на студиите по социологија, семејни студии и други сродни студии.

Во 2016 година Коалицијата поднесе претставки до Народниот правобранител за учебниците по психологија и учебникот по социјална патологија, по што Народниот правобранител во април 2017 година ја заврши постапката, известувајќи дека е констатирано „дека спорните текстови не се во согласност и не соодветствуваат со сегашната домашна и меѓународна регулатива, односно дека тие се застарени, полни со предрасуди и стереотипи, кои се неприфатливи за едно модерно и демократско општество“. Сепак, во мислењето на Народниот правобранител изостанува препорака да се повлечат овие содржини, со што се чини дека институцијата, наместо одлучно да се бори против дискриминацијата, во согласно со својот мандат, сепак, ги уважува аргументите на Ректоратот и неговите научни единици за слободата на говорот и научното творештво, спротивно на домашните

70 „Врската која оваа дрога ја има со криминалното поведение според Елиот, непосредно се докажува со англискиот збор assassin (убиец) кој настанал од терминот „hashshashin“ (уживател на хашиш) кој ја означува личноста која убива под дејство на хашиш“, Социјална патологија, Н. Стојановски и З. Сулејманов Скопје, 2002 година

закони и практиката на меѓународните институции за заштита на човековите права, кои прават јасна разлика меѓу навредата, говорот на омраза и слободата на изразувањето.

За разлика од Народниот правобранител, **Комисијата за заштита од дискриминација** и во случајот на учебникот „Социјална патологија“ не утврди дискриминација. Најнапред, мислењето на Комисијата е донесено повеќе од еден месец по истекувањето на законскиот рок од три месеци во кој Комисијата има обврска да се изјасни. Понатаму, тоа содржи редица небулози и пропусти, кои ја потврдуваат тезата дека е Комисијата пристрасно и непрофесионално тело, кое нема соодветни капацитети и знаења за да решава во случаите на дискриминација. Во мислењето се наведува дека претставката не е поднесена во утврдениот рок, а притоа, не е јасно како Комисијата утврдила дека субјективниот рок од една година од дознавањето за актот на дискриминација не е пресретнат. Аргументите што ги добила Комисијата од Ректоратот и неговите научни единици, вклучително и од авторите, повторно се слобода на изразувањето и автономија на универзитетот. Но, од комисија за заштита од дискриминација најмалку што се очекува е да знае дека дискриминацијата и говорот на омраза како нејзин облик значат злоупотреба на слободата на изразување, а автономијата на универзитетот во ниту еден случај не може да се протолкува како слобода на професорите да пишуваат научно неиздржани содржини, со кои ја повредуваат уставно гарантираната еднаквост на граѓаните и правото на образование на секој студент. Навистина е небулозно тврдењето на Комисијата дека во учебникот „Социјална патологија“ „не се содржани зборови што упатуваат на навреди или на поттикнување на омраза“, особено имајќи ја предвид практиката на Европскиот суд за човекови права, која вели дека портретирањето на хомосексуалноста како девијантна и штетна појава е говор на омраза[71] и дека тоа треба да се санкционира наспроти слободата на изразувањето. Во однос на луѓето што употребуваат дроги, покрај другите навреди, авторите го пишуваат и следново: „...наркоманите стануваат лабилни, егоцентрични, критизери, фалбаџии, лажливци, забушанти и лица кои ги запоставуваат брачните и семејни обврски... Интелектот им е слаб како и способноста за забележување и сфаќање...“ Не само што е повеќе од очигледно дека се работи за навреди, туку од читањето на овој текст се добива впечаток дека авторите го напишале секој навредлив збор што им паѓа напамет за да ги опишат луѓето што употребуваат дроги. Иако Комисијата во своето мислење вели дека „...не претендира да цени дали научните аргументи и ставови кои ги изнесуваат авторите се точни...“, од друга страна, децидна е во тврдењето дека „апсолутната вистина не е својствена за науката, а уште помалку за општествените и за хуманистичките науки“. Комисијата одбива да дискутира

71 Vejdelant and others v. Sweden бр. 1813/07, Европски суд за човекови права.

за точноста на ставовите на авторите, но сепак, смета дека има доволно знаења за да каже дека постои неконзистентен став меѓу научната јавност во однос на сексуалната ориентација. Од Комисијата не се очекува да заземе став во однос на различни научни ставови, но во случајот, освен што се работи за ненаучни ставови и лични предрасуди, се работи и за школски пример на говор на омраза и навреди кон група граѓани, што се очекува да ѝ биде познато на Комисијата. На пример, авторите пишуваат дека „со медицинска терминологија би можеле да го означиме како хомосексуален синдром (се мисли на хомосексуалноста)", и покрај тоа што ваков термин е непознат за медицината, а поминати се речиси 30 години откако Светската здравствена организација вели дека хомосексуалноста не е болест.

## 2.2. Учебници по психологија и психијатрија на Државниот универзитет во Тетово

Учебниците **„Психопатологија на деца и млади"** и **„Медицинска психологија"** од Државниот универзитет во Тетово се употребуваат на студиите по психологија, педагогија и сродни студии. Учебниците имаа содржини со кои хомосексуалноста се патологизира и се третира како нарушување, хомосексуалците се претставуваа како главни преносители на СИДА, заедно со „наркоманите" и „проститутките", а исто така, учебниците содржеа и небулози во врска со трансродовоста. За овие учебници Коалицијата се обрати со претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител за дискриминација кон ЛГБТИ-луѓето и луѓето што живеат со ХИВ. По барање на **Народниот правобранител,** деканот на Филозофскиот факултет на ДУТ доставил одговор со кој информира дека авторките на учебниците ќе ги отстранат попустите и ќе ги прифатат сугестиите на Народниот правобранител, „со што терминологијата и ставовите кои не се совпаѓаат со најновите меѓународни стандарди и документи за овие категории лица ќе бидат отстранети или адекватно изменети, со цел да се избегне дискриминаторскиот став". **Комисијата за заштита од дискриминација** овој пат постапи навремено, односно во законски превидениот рок, но сепак, подоцна од Народниот правобранител. Комисијата ја запре постапката, бидејќи учебниците веќе беа ставени надвор од употреба, односно авторките веќе се обврзаа пред Народниот правобранител да ја отстранат или соодветно да ја заменат спорната содржина.

Учебникот **„Психијатрија"** од истата авторка, исто така содржеше хомофобични и трансфобични содржини, на пример за хомосексуалноста се велеше дека е нарушување на сексуалниот нагон. Авторката беше писмено извес-

тена за проблематичната содржина на овој учебник, по што таа извести дека веќе се утврдени пропустите и во овој учебник и дека тие се коригирани.

## 2.3. Учебникот „Криминалистичка психологија“ од Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола

Овој учебник содржи вознемирувачки, навредливи и неточни содржини за трансродовите луѓе, кои не се засновани на докази, туку на личните предрасуди и невистини во кои верува авторката. Особено недозволиво е тврдењето на авторката дека трансвеститите се однесуваат насилнички во моментите кога имаат „неконтролирани пориви“ да се облечат во женска гардероба, а насилството може да биде многу брутално и насочено кон жени, како чин на одмазда, бидејќи природата ги казнила не давајќи им целосно женски изглед. Најзагрижувачки е фактот што учебникот се користи на студиите по безбедност, каде што се образуваат идни вработени во полицијата и во безбедносните системи. Имајќи предвид дека трансродовите луѓе многу често се жртви на насилство и при обидите истото да го пријават во полиција повторно се сретнуваат со исмевање и непреземање соодветни дејства за казнување на насилниците, ефектот од ваквите содржини во учебниците директно влијае на пристапот до правда на трансродовите луѓе и на нивното право на заштита од казнени дела мотивирани од омраза.

Со цел отстранување на оваа содржини, Коалицијата уште во 2012 година се обрати со претставка до **Комисијата за заштита од дискриминација.** Но, Комисијата не утврди дискриминација, бидејќи, според мислењето, се работело за научни ставови на професорката. Во 2016 година Коалицијата за истиот учебник се обрати до **Народниот правобранител** со барање тој да утврди дискриминација и да препорача отстранување на спорната содржина. Народниот правобранител утврди дека „спорните текстови во одреден дел не соодветствуваат на постојаната домашна и меѓународна регулатива, односно дека тие се застарени, со одредени предрасуди и стереотипи кои се неприфатливи за едно модерно и демократско општество“. Народниот правобранител, и покрај тоа што утврди дискриминација, не препорача да се отстрани содржината, туку повторно препорача надополнување на правилникот за издавачка дејност со антидискриминациска клаузула, која повторно експлицитно не ја вклучува сексуалната ориентација и родовиот идентитет. По добивањето на известувањето на Народниот правобранител, Коалицијата се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер до УКЛО со прашања дали ќе ги повлечат содржините од учебникот, кога е веќе утврдено од надлежна институција дека учебникот е дискриминаторски и какво дејство ќе има промената на Правилникот за издавачка

дејност во практиката. Одговорот на Универзитетот и на Факултетот повторно ги содржеше истите аргументи за слободата на научното творештво на авторката, според која никој, па ни Универзитетот не можел да ѝ наложи да ги повлече од употреба спорните содржини. Во одговорот Универзитетот се повика и на мислењето на Комисијата за заштита од дискриминација од 2012 година, во кое не се утврди дискриминација.

## 2.4. Учебникот „Значењето на бракот: семејството, државата, пазарот и моралот" на Универзитетот Св. Кирил и Методиј

На Филозофскиот факултет на УКИМ, по предметот „Социологија на семејство", како дополнителна литература се употребува учебникот **„Значењето на бракот: семејството, државата, пазарот и моралот" (Роберт П. Џорџ, Џин Бетк Елштејн),** преведен од англиски јазик во 2013 година. Преводот на оваа книга е дел од проектот на Владата на Република Македонија, а спроведуван преку Министерството за образование и наука, со кој се преведе стручна литература на македонски јазик од повеќе области. Книгата е уредена од американски конзервативци[72], особено ангажирани во борбата против брачната еднаквост во Соединетите американски држави и таа е олицетворение на конзервативната американска пропаганда против правата на ЛГБТИ-луѓето. За почеток е спорно што Владата на Република Македонија решила да преведе книга која е пример за американска десничарска пропаганда и, спротивно на целта на владиниот проект, не може да се смета за стручна литература релевантна за македонскиот контекст и за македонската стручна јавност, особено доколку имаме предвид дека прашањето за истополови бракови е далеку од агендата на македонските политички партии и ЛГБТИ-движењето. Со оглед на тоа што владата предводена од ВМРО ДПМНЕ го користеше прашањето за еднополови бракови секој пат кога беше критикувана за одбивањето да ја заштити ЛГБТИ-заедницата од насилство и дискриминација, со цел дефокусирање и заплашување на јавноста, очекувано е истата влада да реши да инвестира во превод и издавање на ваква книга. Книгата се користи во студиската програма по семејни студии, чие отворање само по себе беше критикувано како обид за вметнување на кон-

72 Уредници на книгата се американски универзитетски професори. Робер П. Џорџ е познат како конзервативен интелекуалец, професор по право, близок до Републиканската партија и поранешен претседател на Националната организација за брак (организација што се залага против истополовите бракови). Џин Бетк Елштејн е американска професорка по етика и политичка флозофија, позната по јавно искажуваните ставови против истополовите бракови и поддржувачка на војната во Ирак и во Авганистан.

зервативната идеологија во високото образование и, со тоа, нарушување на автономијата на универзитетот.

Поради дискриминаторските содржини кон луѓето со хомосексуална ориентација, Коалицијата се обрати со претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до **Народниот правобранител.** Народниот правобранител не утврди дали содржината од овој учебник е дискриминирачка, туку ја запре постапката, со што ги уважи аргументите на професорката која ја користи книгата по својот предмет. Професорката се повика на член 112 став 7 од Законот за високото образование, според кој основната литература „задолжително ја содржи и литературата која ја обезбедува, печати и доставува до високообразовните установи министерството надлежно за работите на високото образование", а доколку не се почитува оваа одредба, следуваат глоби. Прво, погрешно е професорката да се повикува на овој член од законот, кога истиот важи за основната литература, а учебникот се употребува како дополнителна литература. Законот за високо образование не содржи одредби со кои се уредува изборот на дополнителна литература, па според тоа професорите неа самостојно ја избираат. Уште повеќе, професорите, универзитетот и Народниот правобранител во ваквата одредба од законот треба да увидат грубо кршење на универзитетската автономија и на слободата на научното творештво, бидејќи Министерството се наоѓа во улога на одлучувач кои книги ќе се користат на студиите, наместо тоа да го прават професорите и органите на универзитетот и неговите научни единици. Навистина е симптоматично што академската заедница во оваа практика не гледа грубо кршење на универзитетската автономија, а во апелите за отстранување на дискриминаторските содржини од учебниците, прво го употребува истиот аргумент. Дополнително, професорката навела дека учебникот се употребува на начин што поттикнува дискусија и „критичко мислење кај студентите и се демистифицираат различни ставови, предрасуди и стереотипи, што претставува слободен пристап и процес преку кој студентите можат самите да донесат заклучок за определени состојби и сфаќања". Овој аргумент е неприфатлив од повеќе аспекти. За ЛГБТИ-луѓето постои доволно омраза, стереотипи и предрасуди, а ваквата литература нив само ги потврдува, а не стимулира критичко размислување. Литература што стимулира критичко размислување би била онаа која ги промовира правата на ЛГБТИ-луѓето, зборува за различните сексуални ориентации и идентитети и нив ги претставува како еднакво вредни. Другиот аспект е строго легалистички, односно законот забранува дискриминација, па ако постои учебник што дискриминира цела група граѓани, не можеме да сметаме на добрата волја на професорката него да го прикаже во негативно светло, туку тој не треба да се употребува. Постапувањето на Народниот правобранител во случајот на овој учебник е крајно проблематично, што остава сомнеж дека институцијата нема волја да ги штити ЛГБТИ-луѓето од

дискриминација или, пак, нема капацитети да донесе самостојна одлука заснована на позитивните прописи и на меѓународната практика.

Одговорот на **Комисијата за заштита од дискриминација** не е поразличен, односно и оваа институција ги пренесува аргументите на универзитетот и на професорката, без подетално да образложи зошто во случајот смета дека не е сторена дискриминација.

И Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација не го зеле предвид фактот дека не се работи за основна литература, па така не може да се смета дека Министерството за образование и наука наложило, во согласност со законот, задолжителна употреба на спорната книга. Проблематично е и тоа што ниту една од овие институции не се обратила до Министерството за образование и наука, доколку веќе го зеле предвид аргументот на професорката дека е книгата наложена од МОН.

По добивање на известувањето од Народниот правобранител и КЗД, Коалицијата се обрати до МОН со барање за пристап до информации од јавен карактер, прашувајќи дали МОН наложил употреба на книгата. Министерството за образование и наука извести дека одлуката за употреба на литература/учебник е надлежност на самата високообразовна установа. Од ваквиот одговор не е јасно дали за конкретниот учебник навистина имало насоки за негова задолжителна употреба, но јасно е дека МОН нема намера да ја казни професорката доколку не го употребува него, особено бидејќи се работи за учебник што се употребува како дополнителна, а не како основна литература.

## 2.5. Скриптата „Личност“ на Универзитетот Св. Кирил и Методиј

Во овој случај се работи за скрипти, односно работен материјал, кој со години[73] наназад, со мали промени, се употребува на студиите по психологија од страна на професорот и автор на скриптите, Благоја Јанаков. Авторот за хомосексуалноста ќе каже дека е неприродна, ненормална, „незрело и нездраво сексуално општење“, „загрозувач на опстанокот на човечкиот вид, на човештвото, на културата и на цивилизацијата“ итн. Понатаму, авторот заговара дека со дозволување на хомосексуалноста, понатаму ќе се дозволат и врски меѓу родител и дете, деца и возрасни, луѓе и животни и „...луѓе со роботи, андроиди, виртуелни суштества, уметнички дела, компјутери, автомобили, тенџериња...“[74]

Самото постоење на материјал со ваква содржина во високото образование е алармантен индикатор за состојбата со високото образование. Ако квантифицираме, можеме да кажеме дека содржината на овој учебник е најхомофобична, а од тонот на текстот може лесно да се заклучи дека авторот е страстен и посветен хомофоб. Освен што никако не е научна, ваквата содржина можеме да ја наречеме вулгарна, полна со тврдења што потсетуваат на теории на заговорот и кои воопшто фрлаат сомнеж за способноста на професорот да изведува настава и да се занимава со научна дејност. Уште позагрижувачки е дека Деканатот на Филозофскиот факултет и Ректоратот на УКИМ со години дозволуваат употреба на вакви содржини.

Постапувањето на Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител во случајот на овој учебник може да се смета за најдобар пример во полза на тврдењата дека се работи за непрофесионални институции, кои немаат волја да ги заштитат најмаргинализираните групи граѓани, особено ЛГБТИ-луѓето. **Комсијата за заштита од дискриминација** одлучуваше за овој учебник во 2015 година и не утврди дискриминација. Ниту **Народниот правобранител** не одлучи поинаку, напротив, го потврди мислењето на Комисијата дека се работи за авторска слобода. Наместо да изнесе аргументи зошто во случајот на овој учебник не утврдил дискриминација, Народниот правобранител само ги пренесе ставовите на авторот и на Универзитетот. Еден од аргументите на кои се повикува Народниот правобранител е тврдењето на авторот дека тој во неговите пишани дела

73 Скрптите со изразено хомофобична содржина се употребуваат веќе десет години, според сознанијата на Коалцијата Маргини. Тие се употребуваат без соодветно да се издадат, во согласност со постапката пропишана со Законот за високото образование, Статутот на УКИМ и интерните правилници за издаваштво и за употреба на литература во наставата.

74 Личност: основи на персонологија, Б. Јанаков, 2017 година, стр. 36.

навел дека „не треба да се осудуваат и да се обезвреднуваат луѓето со хомосексуална ориентација“. Не може да се објасни како Народниот правобранител го зема предвид овој аргумент, споредбено со неколку страници конспиративни теории за престанокот на човештвото доколку се дозволи хомосексуалноста. Во своето известување за запирање на постапката, институцијата објаснува дека е „воочлива употребата на одредени термини и содржини кои не соодветствуваат на современите научни текови, меѓутоа уставно и законски дадената автономија на универзитетот и неговото делување, го оневозможува понатамошното постапување на Народниот правобранител“. Со овој став Народниот правобранител повторно потврди дека нема волја соодветно да ги заштитува правата на ЛГБТИ-луѓето или дека не ги познава човековите права, особено правото на слобода на изразување наспроти говорот на омраза, препораките на меѓународните тела за човекови права и практиката на Европскиот суд за човекови права. Во споредба со други учебници, Народниот правобранител токму за учебникот со најизразени хомофобични содржини одлучи да ѝ даде предност на слободата на изразување, спротивно и на сопствената практика.

Ненаучни содржини, полни со говор на омраза кон луѓето со хомосексуална ориентација, кои се употребуваат во високото образование на најдобро рангираниот државен универзитет, се доволна причина да се ограничи слободата на изразување како неопходна мерка во демократските општества, со цел заштита на правата на ЛГБТИ-луѓето и заштита на правото на образование на сите студенти.

Коалицијата Маргини повторно апелира до Ректоратите на УКИМ и УКЛО, до деканатите на факултетите и до авторите на учебниците со дискриминаторни содржини, итно да ги повлечат нив од употреба и да ги заменат со нови, научно издржани содржини. Коалицијата потсетува дека автономијата на универзитетот во ниту еден случај не може да се толкува како дозвола за навреди, говор на омраза, дискриминација и повреда на достоинството на цели групи граѓани.

Коалицијата Маргини потсетува дека Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација се тела за еднаквост, кои треба подеднакво да ги штитат правата на сите граѓани, вклучително и на ЛГБТИ-луѓето, луѓето што живеат со ХИВ, сексуалните работници и луѓето што употребуваат дроги. За таа цел институциите итно треба да ги зајакнат сопствените капацитети за препознавање и заштита од дискриминација, преку изучување на правото за човековите права и практиката на меѓународните тела за заштита на човековите права.

Коалицијата му препорачува на Собранието на Република Македонија да ги преземе сите мерки за надзор над работата на овие тела преку пратенички прашања и надзорни расправи, а доколку утврди непрофесионално и пристрасно постапување на именуваните функционери од овие тела, во согласност со законот, да ги разреши и да ги замени со стручни, професионални и независни експерти од областа.

# VI.

## АНЕКСИ

# 1.

# ПРАВНИ ПОТРЕБИ И ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА ЛУЃЕТО ШТО ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ И СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во 2016 и 2017 година ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје спроведе истражување75 за правните потреби и пристапот до правда за луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија. Според наодите на истражувањето, дури 98,2% од луѓето што инјектираат дроги и 96,3% од сексуалните работници се соочиле со најмалку еден правен проблем во референтниот период на истражувањето, од 2013 година до моментот на испитувањето во 2017 година. За споредба, во целокупното население оваа пропорција изнесува 49%.

Исто така, додека луѓето од општата популација просечно се соочуваат со 1,3–1,5 правни проблеми, меѓу луѓето што инјектираат дроги фреквенцијата на пријавени правни проблеми е во распон од 0 до 48, просечно со 14,9 проблеми. Меѓу сексуалните работници, пак, распонот на пријавени проблеми во референтниот период е од 0 до 35, со просечно 13 проблеми. Мора да се спомене дека честотата на проблемите меѓу оние испитаници што истовремено инјектираат дроги и се занимаваат со сексуална работа е многу поголема. Имено, распонот на пријавени проблеми во оваа подгрупа изнесува од 3 до 35, со просечно пријавени 18,1 проблеми, со што се потврдува нивната двојна ранливост. Големата разлика меѓу бројот на правни проблеми кај општата популација наспроти луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници е алармантен индикатор за нееднаквиот третман, дискриминацијата и стигмата кон овие категории граѓани од страна на институциите и на јавноста.

75 Истражувањето „Правни потреби и пристап до правда за луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија“ е сè уште во ракопис. Затоа, во овој извештај се споделени само дел од податоците од истражувањето.

## Најмалку еден проблем




ГРАФИКОН: Пропорција на испитаниците што пријавиле најмалку еден правен проблем, според области и целната група. Пр., 50% од луѓето што инјектираат дроги имале најмалку еден правен проблем при вработувањето.

Графикон: Пропорција на испитаниците што пријавиле најмалку еден правен проблем, според областа и целната група. Пр., 50% од луѓето што инјектираат дроги имале најмалку еден правен проблем при вработувањето.

Пропорцијата на испитаници што пријавуваат најмалку еден проблем, како и просечната фреквенција на проблеми, варираат во различните категории на испитуваните проблеми (графикон). Прекршувањето на правата во текот на работниот однос, од страна на полицијата и при издржување на затворска казна се многу чести проблеми со кои се соочуваат луѓето што инјектираат дроги. Сексуалните работници, пак, исто така често пријавуваат проблеми при изнајмување живеалиште, во пристапот до јавни добра и услуги, со сопружниците/партнерите и со малолетните деца.

Правните потреби се поголеми кај помладите луѓе што инјектираат дроги и кај сексуалните работници на возраст од 30 до 39 години. Потребата од интензивирање на правната заштита е поголема во внатрешноста на државата, бидејќи, општо земено, припадниците на заедниците што живеат во другите градови почесто се среќаваат со правни проблеми во споредба со оние што живеат во Скопје. Ова можеби се должи на постоењето сервиси за континуирана правна помош во главниот град, напорите за правно описменување на двете заедници, како и на долгогодишното застапување за изградба на капацитети и сензибилизирање на институциите.

Загрижува податокот дека само 12% од луѓето што инјектираат дроги и 15% од сексуалните работници изјавиле дека поднеле тужба за неправдите сторени кон нив. Од дискусиите со фокусните групи се забележува дека сексуалните работници и луѓето што инјектираат дроги често имаат потреба од правна помош, но речиси исто толку често избегнуваат да се соочат со потребата за правна разрешница на настанатите проблеми. Во севкупните разговори се манифестира нивната целосна разочараност и недоверба во правниот систем во Македонија. Едногласни се коментарите дека во Македонија човек нема кому да се пожали и дека судовите пресудуваат само во корист на богатите и на моќните, и дека за „обичниот“ човек нема правда, а особено ако употребува дроги или ако се занимава со сексуална работа.

Оттука, еден од главните заклучоци на истражувањето е дека луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници се ранливи на различни видови прекршување на правата и во повеќе области. Поради ваквата состојба, неопходно е да се унапреди пристапот до правдата преку обезбедување соодветни сервиси за бесплатна правна помош и советување, информации и едукации, со цел правно описменување, препознавање на нивните права и на начините за нивна заштита. Освен овие мерки, неопходно е да се преземат чекори кон обезбедување пристап до правда преку намалување на

стигмата и дискриминацијата кон овие групи граѓани и сензибилизирање и едукација на вработените во клучните институции.

Коалицијата Маргини препорачува Министерството за правда да преземе мерки за унапредување на пристапот до правдата, особено за најранливите групи граѓани, какви што се луѓето што инјектираат дроги и сексуалните работници. Пред сè, неопходни се промени во Законот за бесплатна правна помош во насока на препознавање на овие групи граѓани и нивните правни проблеми, со цел гарантирање на правото на бесплатна правна помош за сиромашните сексуални работници и луѓе што употребуваат дроги, а со тоа и унапредување на пристапот до правда и ефективна заштита на нивните права.

# 2.

# РАТИФИКАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО (ИСТАНБУЛСКА КОНВЕНЦИЈА)

На 22 декември 2017 година Собранието на Република Македонија конечно ја ратификуваше Истанбулската конвенција. Залажбите за ратификација на конвенцијата потекнуваат уште од 2012 година, непосредно по нејзиното донесување. Владата на ВМРО-ДПМНЕ одбиваше да ја ратификува конвенцијата, меѓу другото и поради тоа што конвенцијата ги содржи и сексуалната ориентација и родовиот идентитет како дискриминациски основи.

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство[76] во предизборието на предвремените парламентарни избори во 2016 година иницираше потпишување декларација[77], со која 17 политички партии, од кои 10 парламентарни, се обврзаа на ратификација на Истанбулската конвенција. Иако оваа Декларација ја потпишаа најголем дел, меѓу кои и десни партии, со што покажаа волја за соодветен одговор кон родово заснованото насилство, сепак, ВМРО-ДПМНЕ одлучи да не стави потпис дури ни за ова прашање за кое постои политички консензус.

Министерството за труд и социјална политика во втората половина на 2017 година формираше работна група за подготовка на предлог-закон за

76 Мрежа на 27 граѓански организации што работат на превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

77 Нова Македонија: Посветла иднина без насилство врз жените. 25.11.2016 г.

ратификација на конвенцијата и подготовка на акциски план за нејзина имплементација. Коалицијата е дел од работната група, со цел препознавање на улогата на конвенцијата во заштита од насилство на маргинализираните заедници.

Ратификацијата на Истанбулската конвенција е од особено значење, бидејќи таа ѝ наметнува обврска на државата за холистички пристап во борбата против родово заснованото насилство. Конвенцијата бара од државите да преземат мерки во однос на превенцијата од родово засновано насилство преку образованието и информирањето на јавноста, заштита од сите форми на дискриминација и прекинување на дискриминаторските практики врз жените, како и сеопфатни сервиси за жртвите на родово засновано насилство, вклучително и работа со сторителите. Исто така, Конвенцијата наметнува обврска за експлицитна криминализација на различните форми на родово засновано насилство, меѓу кои и сексуалното насилство, демнењето, сексуалното вознемирување, психичкото насилство, присилниот брак, присилната стерилизација и женското генитално осакатување, но и криминализација на обидот, помагањето и поттикнувањето да се извршат овие дела.

Ратификацијата на конвенцијата е и значаен чекор за унапредување на заштитата од насилство и дискриминација на ЛГБТИ-луѓето, бидејќи таа бара од државите спроведување на сите мерки во конвенцијата без дискриминација по каква било основа, вклучително и сексуална ориентација и родов идентитет[78]. Ова значи дека мерките за превенција, сервисите, заштитата во постапките пред надлежните институции, вклучително и судската заштита, подеднакво треба да се имплементираат и за трансродовите жени, лезбејките и бисексуалките. Во областа на превенцијата, Конвенцијата бара од државите да ги земат предвид и соодветно да ги третираат специфичните потреби на ранливите групи и да ги имаат во фокус човековите права на сите жртви[79]. Ова значи дека државите мора да работат на превенција од насилство кон ЛГБТИ-луѓето, сексуалните работници, луѓето што живеат со ХИВ и луѓето што употребуваат droги, но и други маргинализирани групи, какви што се мигрантите и бегалците, луѓето со попреченост итн. Во поглавјето посветено на заштитата и поддршката на жртвите, Конвенцијата наметнува обврска за заштита на сите жртви од понатамошни искуства на насилство и фокус на специфичните потреби на ранливите групи[80].

78 Член 4 став 3, Истанбулска конвенција.

79 Член 12 став 3, Истанбулска коненција.

80 Член 18 став 1 и 3, Истанбулска конвенција.

Со оглед на тоа што ЛГБТИ-луѓето, сексуалните работници, луѓето што живеат со ХИВ и луѓето што употребуваат дроги многу често се жртви на родово засновано насилство, а притоа, мерките за заштита не се пристапни и за овие групи, ратификацијата на Конвенцијата е особено значаен чекор за заштита од родово заснованото насилство и на маргинализираните заедници. Конвенцијата претставува и добра основа за застапување за јасно препознавање на овие заедници во системот за превенција, заштита и поддршка од родово заснованото насилство, преку дополнување на законската рамка и создавање нови политики.

Коалицијата го поздравува ратификувањето на Истанбулската конвенција и апелира за нејзина соодветна имплементација, со цел вистинско унапредување на состојбите во борбата против родово заснованото насилство и против семејното насилство. Коалицијата бара препознавање на маргинализираните заедници во акцискиот план за имплементација на Конвенцијата и во законите и политиките што ќе произлезат од него.

Издавач: Коалиција Сексуални и здравствени права на
маргинализираните заедници Скопје- МАРГИНИ

Автори: Драгана Дрндаревска, Ирена Цветковиќ,
Андреј Сених, Влатко Деков и Наташа Бошкова

Лектор: Бобан Карапејовски

Графичко уредување: Игор Делов и Ема Наумоска

Печати: Датапонс Скопје

–

coalition.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.726-055.3(497.7)"2017"(047.3)
342.726-058.17(497.7)"2017"(047.3)

СЕКСУАЛНИ и здравствени права на маргинализираните заедници : годишен извештај 2017 / [автори Драгана Дрндаревска ... и др.]. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2018. - 170 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Драгана Дрндаревска, Ирена Цветковиќ, Андреј Сених, Влатко Деков и Наташа Бошкова. - Содржи и: Анекси

ISBN 978-608-4803-06-5

1. Дрндаревска, Драгана [автор] 2. Цветковиќ, Ирена [автор] 3. Сених, Андреј [автор] 4. Деков, Влатко [автор] 5. Бошкова, Наташа [автор] а) Маргинализирани заедници - Сексуални и здравствени права - Македонија - 2017 - Извештаи

COBISS.MK-ID 106692874

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Коалиција МАРГИНИ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.